**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје**

# ПОЛНОПРАВНОТО ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ КАКО ФАКТОР ЗА ДОЛГОРОЧНА СТАБИЛНОСТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

**Изработил:**
Светлана Георгиевска

**Професор:**
проф. д-р Трајан Гоцевски

Скопје, 2012

# Полноправното членство во евроатлантските интеграции како фактор за долгорочна стабилност на Р. Македонија

## Вовед

Република Македонија на самиот почеток од својата самостојност се определи својот вкупен развој да го темели врз европските вредности и својата иднина да ја гради во рамките на европските и евроатлантските интеграции. Врз тие основи јасно ги утврди и своите стратегиски приоритети: полноправно членство во ЕУ и во НАТО. Но, остварувањето на овие цели во изминатиот период беше соочено со огромни пречки и отворени спротивставувања.

За разлика од многу други земји што веднаш со стекнувањето на својата независност, односно на самиот почеток од својата транзиција можеа да ја посветат целата енергија кон интеграцијата во ЕУ и во НАТО, Р. Македонија мораше грчевито да се бори за своето меѓународно признавање, пред сѐ, од страна на земјите-членки на ЕУ.

Важно е да се истакне дека во целиот овој период во континуитет се одвиваше дијалог на високо политичко, но и експертско ниво меѓу претставниците на Македонија и ЕЗ, што придонесе да се гради доверба меѓу двете страни, да се отворат перспективи за конкретни форми на соработка, како и да се овозможи непосредно запознавање со најважните процеси од внатрешниот и од надворешниот развој на Унијата.

Патот кон зачленувањето во НАТО и во ЕУ е тежок и долг. Бара исполнување на одредени критериуми, за кои е потребно да бидат во насока на приспособување на вредностите на целото општество кон вредностите на земјите-членки на ЕУ и на НАТО.

## ПОЛНОПРАВНОТО ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ КАКО ФАКТОР ЗА ДОЛГОРОЧНА СТАБИЛНОСТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

Со полноправното членство во евроатлантските структури, Р. Македонија ќе има рамноправна улога како и другите држави-членки и можност да учествува во градењето на мирот и стабилноста на Европа, во создавањето услови што ќе придонесуваат за јакнење на мирот, но и можност за рамноправен партнер со земјите што сакаат да градат мир и безбедност.

Од историски и географски причини, Македонија е интегрален дел од Европа и како таква е предодредена да биде дел од евроатлантските структури. Мнозинството од народот и политичарите веруваат дека членството на Македонија е од посебен интерес за земјата од безбедносен аспект, иако моментално не постојат директни поголеми закани за безбедноста на земјата. Исто така, има и економски интерес, со што ќе ја зајакне довербата во идната македонска стабилност, особено довербата кај странските инвеститори.

Република Македонија интензивно работи на пропишаните стандарди и својата политика ја насочува кон исполнување на условите за влез во ЕУ, а се однесува на развојот на демократијата во државата, цивилната контрола над војската, градењето добри односи со соседите, развој на пазарна економија, како и поддршка на мировните операции. Во согласност со поддршката на мировните операции, Македонија веќе учествува во градење и одржување на мирот во одделни региони во светот и е активно вклучена во активностите што се остваруваат во рамките на Партнерството за мир.

Во ова време на драматични промени во Европа и светот, неопходно е Р. Македонија да соработува со своите партнери и пријатели за да може да придонесе за спречување нови ризици за безбедноста на земјата. Во таа насока Македонија се приклучи кон светските напори за спречување на тероризмот.

Нашата земја сè уште има можност да докаже и да покаже дека заслужува да биде европска држава и да ги исполни вековните стремежи за безбедност, економски раст и светско признание.

Главниот проблем е што Р. Македонија, и покрај тоа што напорно работи за полноправно членство во евроатлантските интеграции, и досега има многу направено во тој поглед, сепак ветото на Грција одигра клучна улога во пролонгирањето при приемот на Македонија во ЕУ и НАТО.

Како резултат на ова, ние сè уште имаме бавен економски раст, растечката невработеност, недостиг од странски инвестиции, ниски примања и меѓуетничка нетрпеливост. Сето тоа се фактори што го забавуваат развојот, ја зголемуваат дестабилизацијата и уште повеќе го усложнуваат нашето членството во ЕУ и во НАТО.

За зачленување во овие институции постојат одредени критериуми што треба да ги исполни земјата. За членство во ЕУ е потребно: да се постигне стабилност на институциите што гарантира демократија, владеење на правото и човековите права, почитување и заштита на малцинствата, постоење и развој на пазарна економија што функционира, капацитет за справување со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамките на ЕУ, како и способноста да се преземат обврските на членството, вклучувајќи го и придружувањето кон целите на политичката, економската и монетарната унија.

Нашата ориентација кон евроатлантските структури не ја менуваме во ниту еден период од изминатите години. Денес, со висок степен на реален оптимизам, очекуваме наскоро да станеме дел од семејството на НАТО и на Европската унија.

Р. Македонија како приоритет ја има определбата за скорешно зачленување во НАТО и во ЕУ. Свесни сме дека овој процес треба да се сфати како долготрајна, макотрпна, сложена и скапа, но изодлива, прифатлива и најдобра од сите алтернативи што ѝ стојат на располагање.

Со цел да се реализира оваа стратегиска цел, Р. Македонија постепено ги трансформира своите приоритети потребни за членство во НАТО и во ЕУ.

Стабилноста на Македонија и на нејзините граѓани е од огромно значење и токму затоа Македонија поседува дефинитивен, безрезервен и транспарентен став дека земјата треба да влезе во Европската унија како

полноправна членка и да стане дел од нејзиниот пазар и од нејзиниот социјален и политички систем. Не постои скептицизам, колебање или дилеми во однос на ова прашање ниту меѓу јавното мислење ниту кај политичките партии во Македонија.

Приемот во НАТО и во ЕУ Македонија го постави како приоритет уште во првите години од осамостојувањето. Денес можеме слободно да заклучиме дека на планот на исполнување на потребните критериуми што се неопходни за прием во ЕУ и НАТО имаме многу направено. Но, на сите ни е јасно дека приемот во евроатлантските интеграции не зависи само директно од нас. Потребно е итно решавање на спорот за името со Грција, стабилизирање на политичката, економската и социјалната состојба, како и подигнување на угледот на земјата со зацврстување на нејзината меѓународна позиција.

## Што се ЕУ и НАТО?

[1]**Европската унија** е пакт склучен меѓу суверени нации, кои решиле поцврсто да делат заедничка судбина и да здружуваат сè поголем дел од својот суверенитет. Таа се концентрира на оние прашања што се значајни за европските народи: мир, економска и лична благосостојба, сигурност, демократско учество, правда и солидарност.

Овој пакт се зацврстува и се потврдува низ цела Европа. Половина милијарда луѓе одбраа да живеат во услови на владеење на правото и во согласност со вековните вредности што се однесуваат на човечноста и човековото достоинство.

---

[1] Bombery E. and Stubb A.: *The European Union, How does it work?*, Oxford University Press, 2004

Процесот на европска интеграција денес има влијание врз целиот континент, а тој е дел од светот што брзо и радикално се менува и на кој му треба нова форма на стабилност.

Европската интеграција ќе продолжи и со земјите што се стремат кон членство во ЕУ, како што е Р. Македонија. Ќе им помага во однос на прашањата, како што се трговијата, глобализацијата, единствениот пазар, регионалниот и социјалниот развој, динамичниот економски раст итн.

На Европската политика ѝ претстои долг пат пред да може да каже дека говори во еден глас и дека е сигурен актер на сцената на глобалната политика и дипломатија.

[1]Главната цел, пак, на **Северноатлантската организација – НАТО** е зачувувањето на мирот и безбедноста во евроатлантските зони. Начело на нејзино раководење е „заеднички ангажман и заемната соработка на суверените држави во поддршката на неделивост на безбедноста“, кое го условува создавањето на политиките и новите стратегии во дејствувањето на оваа организација. „Политиката на отворени врати“ на НАТО промовира можност за влегување на други држави во оваа организација, со цел зачувување на стабилноста и соработката, соединувањето на државите за колективна заштита, градење на обединета Европа со заеднички демократски вредности.

НАТО е сојуз на независни суверени држави што се обединиле водени од интересот за заедничка безбедност и за одбрана на заедничките вредности. Одлуките се постигнуваат врз основа на консензус.

Понекогаш земјите-членки целосно се согласуваат, па донесувањето на одлуките не претставува никаков проблем. Понекогаш постои мнозинско гледиште, но една или повеќе земји имаат поинакво гледиште. Во такви случаи се прават напори да се намали јазот и доколку е потребно, да се постигне компромис. Секако, можно е да не се успее во настојувањето да се

---

[1] Славевски С., *Пред портите на НАТО и ЕУ,* Публикација - Одбрана бр.138, октомври 2007

надминат разликите. Во таков случај одделни земји-членки се слободни да го следат претпочитаниот тек на активностите. Ниту една земја не е принудена да презема активности или да носи одлуки против сопствена волја. Меѓутоа, општо гледано, и покрај различните мислења, духот на компромис и чувството на заеднички интереси и цели обезбедува доволно заедничка основа за да се постигне договор. Откако ќе се донесат, одлуките на Алијансата ја претставуваат заедничката решителност на сите нејзини земји-членки.

Интеграцијата на државите во евроатлантските структури претставува доказ дека само преку овој процес мирот во Европа се одржа стабилен шеесетина години, претворајќи ги поранешните непријатели во партнери за соработка. НАТО не треба да го дозволи спречувањето на процесот на зачленување од некои држави што имаат билатерални проблеми. Во иднина Сојузот ќе мора да го реши ова, во спротивно, ќе биде речиси невозможна целосна интеграција на балканскиот регион во евроатлантските структури.

Македонија како мала држава има потреба како никогаш досега да биде полноправен член во евроатлантските интеграции за да ги надмине актуелните проблеми и да си обезбеди долгорочна стабилност.

Овој труд има цел да претстави една анализа околу потребата за прием на Македонија во ЕУ и во НАТО како фактор за долгорочна стабилност.

Пред сè, во трудот се разработени заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ и на НАТО и нивниот однос кон Македонија, кон безбедносната и одбранбената политика на Македонија, што имаме направено досега за побрзо зачленување, како и истакнување на потребата за реформирање не само на нашата политика, туку и реформирање на механизмите за донесување одлуки во евроатлантските организации.

# Краток преглед на развојот на ЕУ и на НАТО (од осамостојувањето на Р. Македонија до денес)

[1]РМ со вкупно население од 2 милиона жители, ја прогласи својата независност во ноември 1991 година, а во 1996 ги воспостави првите договорни односи со ЕУ. Првиот договор за соработка беше потпишан во 1997 година, со што договорите за трговија и текстил стапија во сила во 1998 година. Камен-темелникот на нејзините односи со ЕУ беше поставен со потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација во 2001 г. и неговото стапување во сила во 2004 година.

Договорот со РМ обезбедува законска рамка за односите меѓу ЕУ и РМ за целиот период што води до идно зачленување во ЕУ. Трговските одредби во Договорот за стабилизација и асоцијација се асиметрично порамнети во корист на РМ, па оттаму речиси целиот извоз од Македонија во Унијата е бесцарински, со исклучок на телешкото месо и виното, за кои сè уште се применуваат одредени квоти. Како одговор на тоа, Македонија се согласи да ги намали своите царини за повеќето индустриски производи следејќи различен распоред во зависност од чувствителноста на производот што е во прашање.

Целосната примена треба да ја подготви РМ за членство во ЕУ. Од друга страна, пак, самиот напредок во процесот на интеграција во ЕУ ќе зависи делумно и од способноста на Македонија да ги исполни обврските преземени со Договорот за стабилизација и асоцијација. Комисијата, од своја страна, нуди технички совети и финансиска помош во напорот да помогне во

---

[1] Списание, Политичка мисла, Н. Малиќи, *Приближување на Македонија кон НАТО и реформите во безбедносниот систем како фактор за внатрешна стабилност,* Фондација Конрад Аденауер, Скопје, 2003

приспособување кон нормите на ЕУ. Активностите во рамките на Договорот за стабилизација и асоцијација се раководат, се набљудуваат и се развиваат од страна на заедничките институции: Советот за стабилизација и асоцијација, различните поткомитети и Интерпарламентарната комисија. Во овој поглед, програмата CARDS обезбеди најсилна поткрепа на целите наведни во Договорот за стабилизација и асоцијација. Во 2003 г. само од оваа програма беа издвоени 43,5 милиони евра, од кои, поголемиот дел беше насочен за имплементација на Охридскиот рамковен договор во доменот на меѓуетничките односи, подобрувањето на административниот капацитет и локалната самоуправа.

Иако Р. Македонија беше поштедена од поголем дел од насилството што го одбележа распаѓањето на поранешна Југославија во почетокот од деведесеттите години на минатиот век, сепак, една деценија подоцна се случи меѓуетнички конфликт. По прогласувањето на независноста во 1991 година, македонскиот Устав ја постави земјата како национална држава на македонскиот народ, не размислувајќи дека ваквиот избор на зборови би можел да биде провокативен за Албанците и за другите малцинства. Таа година чувствувајќи се обесправени во новото државно уредување, етничките Албанци предизвикаа вооружен конфликт, кој бргу потоа беше решен со надворешна интервенција на ЕУ и на НАТО. Владата и етничките фракции склучија Рамковен договор во Охрид во август 2001 година. Овој договор на етничките малцинства им даде значајни права на етничките малцинства во прашања поврзани со донесувањето закони што влијаат врз нивните основни права, ја прошири употребата на албанскиот јазик и донесе одредби за пропорционална застапеност на етничките Албанци во јавната администрација, во АРМ и во полицијата.

Почнувајќи од 2002 година, Европската комисија му помага на македонското Министерство за внатрешни работи во спроведувањето

полициски реформи. Оттаму, препораките на Европската комисија се дел од нејзината долгорочна заложба за подготовка на Македонија за идно членство во ЕУ. Покрај Комисијата на ЕУ , во процесот се вклучени и ОБСЕ (обука ) и Проксима (советување и препораки во секојдневната работа на полицијата). Мисијата е насочена кон три цели: полициска контрола на границите, јавен ред и мир и борба против организираниот криминал. Секоја од овие цели е предводена од оддел во кој е присутен персонал поддржан или ангажиран од страна на ЕУ. Персоналот може да вклучи и лица што не се државјани на одредена земја-членка, но, сепак, доаѓаат од земја со статус кандидат за членство. Полициската контрола на границите е клучна бидејќи се вкрстува со други аспекти од полициските рангови на внатрешната структура, со што мисијата развива познавање за командните инстанции во земјата-домаќин, но и способност да ги идентификува недостатоците, да го следи протокот на информации, доверувањето задачи итн. Понекогаш персоналот на Мисијата се разместува на теренот заедно со полицијата, односно соработува со локалната полиција, како, на пример, на граничните премини.

[1] Главната цел на интегрираното гранично управување е да се развие во независно тело, да ја преземе контролата врз границите од Армијата и да поттикне поблиска соработка со полициските структури во соседните земји. Во овој поглед, започната е размена со грчките гранични служби, со бугарската гранична полиција и со службите на УНМИК и КФОР на границата со Косово. Приоритетите во обуката на Проксима ѝ користат на граничната полиција и во: пронаоѓање фалсификувани документи, унапредување на истражните техники што се однесуваат на шверцот со луѓе и поврзување со дипломатските претставништва со цел да се следат во чекор најдобрите примери од областа на визната регулатива.

[1] Крстевски З. *Забрзување на процесите на интеграција на Македонија во ЕУ и НАТО,* Министерство за одбрана на Р. Македонија, 2003

Целта на Проксима е да создаде модерна, професионална полициска служба, каде што сите заедници ќе бидат еднакво застапени, а службениците обучени и опремени да го спроведуваат законот и редот следејќи ги најдобрите примери во практиката на ЕУ.

Реформите во полицијата и особено во судството се подеднакво важни како за Македонците, така и за етничките Албанци. Со овие реформи полицијата ќе стане вистински дел од заедницата, одговорна за своите постапки. Судството, пак, мора да се ослободи од влијанието на извршната власт, а корумпираните и некомпетентни судии мора да се заменат со новообучен, добро подготвен и квалификуван кадар.

Иако опасноста од вооружениот конфликт, кој накратко се појави во ноември 2001 г., сега е непријатен спомен од минатото, искушението на уништувачите да го поткопаат историскиот компромис ќе се спречи само доколку на двете главни етнички заедници продолжи да им се укажува дека тие најмногу можат да добијат од зачувувањето на интегритетот на земјата. ЕУ го има клучот за подобра иднина, патот кон членството во ЕУ зависи од способноста на ЕУ да им понуди на локалните политичари доволен поттик со кој тие целосно би се предале кон остварување на целта.

Степенот до кој Охридскиот договор доминира во дискурсот меѓу ЕУ и Р. Македонија веројатно симболизира поголем проблем на политичките елити, а со тоа и го поткопува нивниот кревок легитимитет.

[1]Охридскиот договор е политички документ, не правен, па можеби затоа не беше ратификуван од македонскиот парламент. Неговата главна грешка е во фактот што тој идентификува две спротивставени страни (Македонци и Албанци), додека останатите етнички групи се целосно маргинализирани и дискриминирани. РМ се развива во двонационална држава. Меѓународната заедница често ја гледаа како пристрасно тело што

---

1 Нацев.З.,*Стратегиско-содржински аспекти на доближувањето на Р.Македонија во НАТО и ЕУ*,Годишен зборник,2005

ги бранеше едните и им се мешаше на другите. Оттаму, компромисот, кој меѓународната заедница често го истакнува како една од своите доблести, може во иднина да предизвика проблеми во доменот на незавршен или замрзнат конфликт – рецепт за повторно насилство.

## Одбранбената политика на Р. Македонија

[1]По осамостојувањето, Р. Македонија започна да води своја автономна политика во сите домени на општественото живеење како рамноправен меѓународно-правен субјект во меѓународната заедница. Оттаму, таа изградува свои принципи на надворешната политика, а во тие рамки и принципи во одбранбената и безбедносната политика како неделив дел во остварувањето на националните цели.

Креирањето на политиката на одбраната на Р. Македонија, според проф. д-р Трајан Гоцевски, може да се подели во три фази:

1. Одбранбено осамостојување на Р. Македонија, кое траеше до мај 1992 година.
2. Дефинирање на националната безбедносна и одбранбена политика и почетното структуирање на одбранбено-заштитен систем, кој траеше до 1995 година.
3. Инстуционализација на политиката на национална одбрана и на системот на национална одбрана, интензивирање на чекорите за асоцирање во колективните системи за безбедност и НАТО како крајна цел на нашата национална одбранбена политика.

Поаѓајќи од легитимните безбедносни аспекти на Република Македонија, системот на нашата одбрана се темели врз принципите на:

---

[1] Гоцевски Т. Зачленување на Р. Македонија во евроатлантските структури – реалност или предизвик

- вооружена одбрана со ангажирање на сите ресурси со кои располага државата;
- директна заштита и гаранции на нашите безбедносни интереси во рамките на НАТО.

За реализирање на својата цел, Република Македонија презеде низа активности што водат до нејзиното остварување. Во врска со ова, проф. Трајан Гоцевски во својата книга „Зачленување на Р. Македонија во евроатлантските структури – реалност или предизвик" набројува дел од нив:

- На 11.6.1992 година министерот за одбрана се обрати до НАТО и до соседните земји со писмо во кое беа објаснети принципите врз кои ќе се гради одбраната на Р. Македонија и намерите за нејзино интегрирање во НАТО;
- Собранието на РМ на 23 декември 1993 година донесе Одлука за стапување на Р. Македонија во членство во Северноатлантската договорна организација – НАТО;
- Република Македонија беше една од првите држави што ја поздрави и ја поддржа иницијативата „Партнерство за мир" во јануари 1994 година, а во ноември 1995 година стана нејзина членка; во 1996 година Македонија ги потпиша СОФА-договорот и Дополнителниот протокол на договорот РМ-НАТО, со што се регулира статусот на силите меѓу државите-членки на Алијансата и на ПзМ;
- Од јули 1996 година РМ има свои офицери за врски во седиштето на НАТО во Брисел и во Координативната ќелија на Партнерството за мир во Монс.

Со приемот во Партнерство за мир, Македонија го направи првиот чекор што води кон наша интеграција во оваа структура.

Партнерство за мир е главниот механизам за зајакнување на практичните безбедносни врски меѓу Алијансата и партнерите. Преку конкретни програми што ги рефлектираат индивидуалните капацитети и интереси на партнерите, државите-сојузнички и партнерите работат на

планирањето и буџетирањето на националната одбрана и демократска контрола над вооружените сили.

Фундаменталниот пристап на Алијансата е заедничката заложба на меѓусебна соработка меѓу земјите-членки заснована врз заемна поврзаност на нивната безбедност. Солидарноста и кохезијата во рамките на Алијансата обезбедуваат ниту една земја-членка да не биде принудена да се потпира само на сопствените национални ресурси во справувањето со основните безбедносни предизвици. Алијансата им овозможува на своите земји-членки да ги реализираат основните национални безбедносни цели преку колективен напор. Накратко, Алијансата е асоцијација на слободни држави обединети во нивната решеност да ја зачуваат својата безбедност преку заемни гаранции и стабилни односи со други земји.

Со полноправното членство, Р. Македонија ќе има рамноправна улога како и останатите држави-членки, но и можност да учествува во градењето на мирот и стабилноста во светот.

Република Македонија интензивно работи на пропишаните стандарди и својата политика ја има насочено кон исполнување на условите што им се наметнуваат на државите-кандидати, а се однесуваат на развојот на демократијата во државата, цивилната контрола над војската, градењето добри односи со соседите, развој на пазарната економија, како и поддршка на мировните операции. Во согласност со овој критериум, Македонија веќе учествува во градење и одржување на мирот во одделни региони во светот и, се разбира, активно е вклучена во активностите што се остваруваат во рамките на Партнерство за мир.

Зачленувањето во НАТО треба да ги приближи интересите на сите граѓани на Република Македонија без разлика на нивната етничка припадност и секоја друга разлика. Тоа би придонело за создавање поголема толеранција што води кон граѓанско општество каде што има сè помалку етноси, а сè повеќе граѓани.

Секако дека Алијансата е подготвена да ѝ помогне на Македонија во остварување на полноправното членство. Сè повеќе е извесно дека нашиот

прием зависи од нас самите, од тоа колку ќе бидеме упорни и истрајни во решавањето на спорот со Грција затоа што во моментот (ветото од страна на Грција) е единствената причина за нашето одложување за влез во Алијансата.

## Актуелен развој и перспективи на Р. Македонија

Освен исклучително богатата договорна рамка, односите на нашата земја со ЕУ и со НАТО ги карактеризира партнерство во кое континуирано се артикулираат политички, безбедносни и економски содржини, како и соработка во многу други области од заемен интерес. Ваквиот развој на односите особено дојде до израз по Самитот на ЕЗ - Западен Балкан во Солун, во јуни 2003 година, како и во рамките на ангажманот на ЕУ во периодот по конфликтот во нашата земја.

[1]Во пресрет на Самитот во Солун, Македонија беше иницијатор на серија состаноци на кои беа дефинирани заедничките очекувања. Како резултат на овие активности, но и ангажманот кон земјите-членки на ЕУ, на Самитот беше усвоена т.н. Солунска агенда со која беа потврдени перспективите на државите од Западен Балкан за членство во ЕУ. Паралелно, Самитот беше збогатен со повеќе инструменти од претпристапната стратегија за земјите-кандидати, како што е Европското партнерство, можноста за користење на твинингот, учество на тендери финансирани од европска помош итн. Исто така беше отворена перспективата за либерализација на визниот режим. Целиот овој пакет создаде услови за натамошно интензивирање на односите и збогатување на соработката. Еден од најважните елементи на овој план е Европското

---

[1] Гоцевски Т. Зачленување на Р. Македонија во евроатлантските структури – реалност или предизвик

партнерство со кое се одредуваат приоритетните обврски и задачи што треба да ги исполни земјата на краток и на среден рок.

Во рамките на мултилатералниот политички дијалог, нашата држава остварува формализирана соработка со ЕУ на полето на заедничката надворешна и безбедносна политика. Исто така, започнавме со практиката на унилатерално придружување кон некои специфични инструменти на ЕУ, како што се Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје, Програмата на ЕУ за превенција и борба против нелегалното шверцување, нелегално оружје и др.

Сепак, во политичките односи клучно значење имаат одлуките што директно влијаеја врз забрзувањето на процесот на европската интеграција на нашата земја. Иако првите најави при крајот на 2003 година за определбата да поднесеме барање за полноправно членство во ЕУ беа примени со резерва во одредени домашни и меѓународни кругови, Република Македонија официјално ја поднесе апликацијата на 22 март 2004 година. Практично, во првиот можен рок на 17 мај Министерскиот совет донесе заклучок со кој ја задолжи ЕК да подготви мислење во врска со барањето на Македонија. ЕК во мошне краток период го подготви Прашалникот како основа за изработка на мислењето и тој ѝ беше предаден на нашата страна од тогашниот претседател на ЕК, Романо Проди. Следуваше комплексниот процес на одговарање на многубројните прашања, кој заврши за четири месеци и одговорите ѝ беа врачени на ЕК на 14 февруари 2005 година во Брисел.

Врз основа на анализите на одговорите и неколкуте дијалози за политичките критериуми на кои беа дадени дополнителни објаснувања, ЕК ги објави Мислењето и Аналитичкиот извештај во врска со Апликацијата на РМ на 9 ноември 2005 година. Во овие документи беше дадена објективна и праведна оцена за степенот на исполнувањето на критериумите за членство и за областите каде што е потребно наше поголемо вложување. Согласно со препораката од мислењето на ЕК, Европскиот совет на 17 декември 2005 г., четири години по потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и

асоцијација, ѝ го додели на нашата земја долгоочекуваниот кандидатски статус.

Денес односите на Република Македонија и ЕУ се темелат врз два основни столба – Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Европското партнерство. Од ефикасноста и квалитетот на имплементацијата на многубројните обврски што произлегуваат од овие два документа ќе зависи и брзината на процесот на нашето пристапување во ЕУ. Овој процес е условен и од политичката волја за спроведување на потребните реформи, мобилизацијата на човечките и финансиските ресурси, од поддршката на граѓанското општество и најшироката јавност.

Дополнителна специфична тежина на процесот му дава кандидатскиот статус на нашата земја, и тоа:

- новиот статус означува квалитативно повисока фаза на односите со ЕУ;
- зацврстување на положбата на нашата земја на меѓународен и особено на регионален план;
- менување во позитивна насока на перцепцијата за Македонија;
- отворање можности за влез на поголеми странски инвестиции;
- зголемување на вкупната финансиска помош на земјата;
- многу поинтензивна и поквалитетна комуникација со сите институции и тела на ЕУ;
- учество на голем дел на состаноците на министерско и експертско ниво што придонесува на директен начин да се запознаваме со начинот на нивното функционирање.

Кандидатскиот статус значи и многу поголема одговорност во исполнувањето на обврските што се пред нас. Првенствено се работи за исполнување на клучни приоритети што се однесуваат на изборното законодавство и спроведувањето избори согласно со европските стандарди, реформите во полицијата и правосудството преку донесување на соодветните закони, подобрувањето на инвестиционата и деловната клима,

зајакнувањето на капацитетот на јавната администрација, како и поголема слобода на говорот и медиумите. Од оцената на извршените задачи ќе зависи и динамиката на нашето натамошно приближување кон ЕУ. Една од најважните алатки на тој пат е и Националната стратегија за усвојување на правото на ЕУ чија реализација е во завршна фаза.

Перспективите на овој процес би требало да се согледуваат и во контекстот на тековните дебати за иднината на Европа и проектот на проширувањето, како и развојот на состојбите во регионот. Сегашната институционална структура, согласно со договорот од Ница, е предвидена за функционирање на Унија од 27 земји-членки. Политиката на проширување во овој момент е соочена со сериозни предизвици и минува низ тежок период во кој се присутни различни тонови и идеи за алтернативни решенија. Но, обврските што ги има преземено ЕУ во поглед на земјите од Западен Балкан, од кои моментално две се кандидати за членство, сигурно е дека ќе бидат испочитувани. Европската перспектива за овие земји се покажа како движечка сила во нивните демократски процеси, во унапредувањето на регионалната соработка и особено во стабилизирањето на вкупните политичко-безбедносни состојби. Еден од клучните услови на тој пат е и натамошниот развој на регионалната соработка каде што ангажманот и проактивниот приод на Македонија е највисоко оценет. Поаѓајќи од ставот дека регионалната соработка им е изворна потреба на земјите од регионот и комплементарен фактор на патот кон ЕУ, нашата земја дава исклучителен придонес во градењето нов дух на партнерството и соработката во регионот. Прашањето е во кој временски период ќе се комплетира процесот на интегрирање на земјите од Западен Балкан во ЕУ. Тоа ќе зависи од постигнувањата на земјите, при што од особена важност е дека нивниот напредок ќе биде оценуван согласно со индивидуалните резултати. Во овој момент е јасно дека остварувањето на овие перспективи ќе биде многу потежок процес за разлика од оној во минатиот период, но исто така е јасно дека овие перспективи полека почнуваат да стануваат реалност.

Одлуката за следниот исчекор кон членството во Унијата ќе зависи најмногу од нас, од квалитетот и роковите на исполнувањето на обврските, а пред сè, од успешното решавање на спорот со соседна Грција. Предизвикот е огромен. Но, уште поголеми се перспективата и шансата што ги имаме.

## Македонија по воениот конфликт и внатрешната стабилност на државата

Иднината на Македонија по воениот конфликт во 2001 година, нејзиниот натамошен просперитет, што подразбира и интеграција во НАТО, генерално е во зависност од успешноста на имплементацијата на Рамковниот договор, со кој се заврши етничкиот конфликт во 2001 година. Од доследноста во имплементирањето на Рамковниот договор најмногу ќе зависи стабилноста на државата, при што неговата реализација се издигнува на ниво на највисок приоритет. Притоа, политичките актери што ја имаат улогата во неговото спроведување треба да го насочат целиот сопствен капацитет во тој правец. Од круцијално значење е да се има исправен приод во автентично разбирање на неговата суштина, која претставува чекор напред во развивањето на малцинските права. Притоа, од големо значење е да ѝ се признае на Македонија позицијата на носител на развојот на малцинските права, како и улогата на промотор во развојот на тие права. Но, овој достигнат прогрес во развојот на малцинските права не треба да се ограничи само на нашата држава, туку неговите искуства да се применат и во другите држави во кои почитувањето на правата на малцинствата не е на потребното ниво, со што Рамковниот договор ќе добие општо, т.е. универзално значење во сферата на развојот на човековите права.

Додека од носителите на политичката одговорност за негово спроведување треба да се елиминира едностраниот пристап во правец која страна повеќе добила, односно загубила, тоа е сосема погрешен и

ретрограден пристап. Доколку со неговото имплементирање се доведува до целосно почитување на правата на малцинствата, но истовремено тоа да не биде на сметка на ефикасното функционирање на државата, во тој случај неговото имплементирањето е на исправен пат.

Последиците од конфликтот во 2001 година сè уште не се санирани во целост. Најбитното прашање што треба да се реши за што пократко време е воспоставување целосна безбедност во поранешните кризни региони, што ќе резултира со враќање на раселените лица во своите живеалишта. Во оваа насока најзначајно е безбедносните органи на државата да ја воспостават целосната контрола во тие региони со што нема да им се остави простор на криминални групи да ги креираат тамошните услови за живеење. Притоа, неопходно е да се спречи пропагандата што е присутна многу години меѓу албанското население, кое претежно живее во руралните средини, а до израз дојде во времето на конфликтот. Станува збор за пропаганда, која ги прикажува безбедносните сили во негативен контекст дека тие доколку дојдат во средината каде што живеат, ќе вршат малтретирање на албанското население. Пропагандата е спроведувана во насока на реализација на политички и криминални цели од екстремистичко криминални групации, кои ги контролираат состојбите во тие средини поради отсуството на полицијата. За решавање на овој проблем, кој денес е поставен како проблем за враќање на суверенитетот на државата во тие региони, составени се мешани полициски сили од полицајци-Македонци и Албанци, а со цел да го разбијат стереотипот за полицијата што постои кај албанското население. Овој процес, секако, ќе потрае одреден период, но најбитно е да има резултати затоа што на етничките Албанци од интерес им е да има јавен ред во нивните средини што ќе го спроведува полицијата. Македонија отсекогаш била нарекувана буре барут за безбедноста во регионот. Тоа е така, Македонија претставува буре барут, но фитилот на тоа буре никогаш, па ни сега не се наоѓа во Македонија, туку секогаш го предизвикуваат други. Од осамостојувањето, па до денес, Македонија не е закана за ниедна држава, но постоела опасност за нејзиниот суверенитет. Од тие причини, во

континуитет од 1993 година со присуството на првата превентивна мисија на ООН, потоа со нивното заминување, во неколку мисии од мировен карактер беше присутен НАТО. Но, Македонија веќе се ослободува од зависноста на постоење на потребата од странски воени сили. Ако Македонија не оформува сопствени ефикасни воени сили што ќе го обезбедуваат нејзиниот суверенитет, тогаш не може да стане дел од НАТО, туку и натаму ќе биде консумент на функциите што ги има денес НАТО.

Според анализите што се правени притоа со земањето предвид на искуствата од конфликтот во 2001 година, како и со состојбите во регионот, се смета дека на Македонија не ѝ се заканува опасност од класична агресија од некоја држава. Опасностите за дестабилизација на државата се содржани во внатрешните состојби што можат да имплицираат немири што ќе ја загрозат нејзината стабилност. Во таа насока зад нас имаме и доволно искуство од етничкиот конфликт од 2001 година кога државата беше немоќна ефикасно да се справи со терористичките формации, кои на безбедносните сили им наметнаа герилска војна. Доколку лекцијата е добро научена, тогаш неминовно за потребно се смета итно да почне преструктуирањето на воените капацитети што ги поседува државата во правец на ефикасно справување со можните идни опасности за нејзината стабилност.

Практично, тоа би значело формирање специјални единици што ќе бидат опремени со најсовремена опрема за борба против овој вид закани. Во тој правец не треба ни да се чека ниту, пак, да се штеди. Затоа што слабостите во одбранбениот систем го доведоа во прашање функционирањето на државата. Тешкото вооружување што го поседува АРМ не се покажа адекватно во справувањето конфликтот во 2001 година од причини што прво од дејствувањето со ваков тип оружје неминовно доаѓа до непосакувани и непотребни разурнувања и страдања на цивилно население, притоа не ги дава очекувањата во однос на ефикасно елиминирање на безбедносните предизвици. Додека, пак, од друга страна, имаме критики за ваквиот начин на дејствување на безбедносните органи од страна на

меѓународните фактори, што е за оправдување. Имено, недозволено е да се бомбардираат цели населени места доколку во нив има одредени екстремни групи.

Потоа е потребно да се напушти стратегијата практикувана од почетокот на деведесеттите години дека факторите што се закана за стабилноста на државата можат да се надминат со политичко-дипломатски средства. Доколку констатацијата е дека опасноста доаѓа од терористички напади, тогаш во целост се исклучени политиката и дипломатијата, а единствено решение е елиминирање на овој вид опасност.

Во согласност со таквите анализи треба да се одвива и преструктуирањето на безбедносните сили, аналогно на постоењето на опасностите. Потгребно е да се оформат единици за брза интервенција и нивно опремување со соодветна воена опрема.

Преструктуирањата во овој правец не само што ќе значат ефикасност во обезбедувањето на државата туку истовремено и исполнување на потребните стандарди за влез во НАТО.

## Состојбите во регионот

[1]Засилената регионална соработка може да им помогне на земјите од регионот да одговорат на предизвиците што ги носат со себе политичките промени, да го забрзаат економскиот развој, да ги надвладеат конфликтите и полесно да се интегрираат во евроатлантското семејство. Меѓутоа, проблемите што можат да се решат со зголемена меѓусебна соработка, исто

---

[1]Emilijan Kavalski, *Te Western Balkan and the EU: the probable dream of membership,* South East Europe Review, Issue 1&2,2003

така, создаваат тешкотии таа да се реализира во практиката. Овие тензии го наметнуваат прашањето за тоа колку надворешните фактори, особено НАТО и ЕУ, може и треба да играат улога во промовирање мултилатерална соработка во овој регион. Регионалната соработка е еден од приоритетите на надворешната политика на Р. Македонија во нејзиниот пат кон ЕУ и НАТО. Во анализата се посочуваат проблемите на регионалната соработка, особено во Јадранската група, и се нудат одредени препораки за нејзино поефективно имплементирање.

[1]По Самитот на НАТО во Прага во ноември 2002 година кога седум од десетте земји на таканаречената Вилнус-група добија покана да ѝ се приклучат на Алијансата во 2004 година, трите преостанати апликанти (Македонија, Албанија и Хрватска) одлучија да продолжат со активностите за членство во НАТО. Во таа смисла, по иницијатива на тогашниот претседател Борис Трајковски, беше одржана средба на претседателите на овие три држави на маргините на Самитот со цел поблиска соработка на полето на безбедноста и одбраната. Целта на иницијативата беше со заеднички и координирани активности што побрзо и поквалитетно да се исполнат критериумите и стандардите на НАТО, да се иницираат нови иницијативи за подобрување на ситуацијата во Југоисточна Европа и на тој начин да се влијае на позитивен развој на настаните насочени кон градење мир, демократија, стабилност и просперитет во регионот.

По неколкуте подготвителни средби, на 2 мај 2003 година во Тирана беше потпишана Повелбата за партнерство меѓу САД и Албанија, Хрватска и Македонија. Со Повелбата на извесен начин овие три држави добија официјализирана и јасна политичка поддршка и заложба на САД дека ќе им помогнат на нивниот пат кон полноправно членство во Алијансата. Трите земји со потпишувањето на Повелбата ја искажаа својата подготвеност да

[1] Јосифовиќ И. *Република Македонија на патот кон Европа - состојби и перспективи: зборник на трудови (презентиран на научниот собир одржан на 1 и 2 јуни)*, 2007

соработуваат за да постигнат една заедничка цел, односно документот треба да биде своевидна политичка визија за иднината на регионот.

Повелбата е значајна не само во однос на идното членство во НАТО на трите земји потписнички, туку во поглед на продлабочување на меѓусебната соработка во однос на справувањето со регионалните безбедносни проблеми, како што се корупцијата, организираниот криминал, нелегалната трговија и безбедноста на границите. Од друга страна, паралелно со регионалната соработка треба да се одвива процесот на сеопфатни внатрешни реформи, заокружување на реформите во одбраната, модернизација на вооружените сили и др.

НАТО не е само воена организација, туку истовремено и заедница за демократски вредности. Покрај силното присуство на главните европски и меѓународни организации во ова подрачје, не можеме да зборуваме за постигнување на некои импресивни резултати. Политиката на проширување на НАТО се темели врз премисата дека државите можат да бидат примени во група, меѓутоа одлуките за членство ќе се темелат посебно врз подготвеноста на секоја поединечна земја-апликант.

НАТО направи обид да ги охрабри регионалните активности во рамките на Партнерството за мир и на Евроатлантскиот партнерски совет. Алијансата дојде до сознание дека оваа соработка придонесува за јакнење на безбедноста и развојот и затоа ги поддржа постојните регионални иницијативи.

Земајќи ги предвид проблемите со кои се соочуваат земјите од Југоисточна Европа и сè уште нерешените проблеми меѓу нив, има доволно простор за НАТО да ги интензивира и да ги прошири своите активности во овој регион. Алијансата може, на пример, да обезбеди поголема финансиска поддршка за Партнерството за мир и Евроатлантскиот партнерски совет и да го охрабри дијалогот за невоените аспекти на безбедноста како економската и меѓуграничната соработка и на тој начин да ги намали етничките тензии. Исто така, Алијансата може повеќе да придонесе за поголема практична

поддршка во воспоставувањето и во имплементирањето билатерални и мултилатерални мерки на градење доверба.

Пречка на поголемата надворешна поддршка и соработката во Западен Балкан претставуваат различните односи што ги имаат државите од регионот со НАТО. Овие разлики ќе се продлабочат ако некои од земјите од регионот станат полноправни членки на НАТО.

Причините за различните нивоа лежат во прогресот што го направиле овие држави на полето на човековите права, економските реформи, почитување на малцинските права и развивањето пријателски односи со соседните држави. Овој тренд веројатно ќе продолжи и во наредните години. Тоа неизбежно доведува до различен степен на инволвираност кај одделни држави во однос на регионалните активности на соработка. Долгорочно, регионалната соработка ќе има лимитиран ефект ако се исклучат оние земји што, во суштина, се најголем извор на нестабилност и конфликти во регионот. Алијансата се соочува со потребата од деликатен баланс меѓу изнаоѓањето начини за одржување на регионалната соработка меѓу овие држави и неопходноста од одржување политички и воени врски со секоја од нив поединечно.

Додека НАТО може и треба да направи повеќе за да ја унапреди регионалната соработка, напредокот на регионалната соработка не може да биде одвоен од поширокиот политички и безбедносен развој на регионот. Регионалната соработка нема да може да се развива или да игра значајна улога ако регионот го карактеризира продолжено насилство и влошување на меѓуетничките и меѓусебните односи. Во овој контекст Алијансата не успеа да развие ефективна стратегија за соочување со наведените причини за регионалните проблеми предизвикани од дефектите во процесот на демократизација и насилниот национализам. Оттука, проширувањето на стабилноста низ целото подрачје на Југоисточна Европа ќе зависи од развојот на демократиите, кои по исти стандарди ќе ги почитуваат човековите и малцински права во сите држави, како и принципот на неменување на меѓународните граници во регионот. За да се постигне оваа

цел, клучните членки на НАТО ќе треба да останат длабоко ангажирани во годините што доаѓаат. Еден елемент на овој ангажман треба да биде засилена поддршка на регионална соработка. Предизвик за НАТО ќе биде изнаоѓањето политички простор во кој регионалните организации ќе можат да се развиваат и да се обезбеди политичка и материјална поддршка за максимизирање на оваа соработка.

Иако овој фрагментиран приод на интеграција можеби нема да предизвика натамошна поделба меѓу земјите од регионот, тој не ја промовира интеграцијата, односно не води до зголемена соработка во регионот. Меѓутоа, политичката и економската интеграција на земјите од регионот е еден од условите за долготрајна регионална стабилност и интеграција во евроатлантските структури.

[1]Според авторите Гоцевски Т., Бакрески О., Славевски С. во нивното дело, *Европската унија низ призмата на Европската безбедност*, Јадранската иницијатива ја покажува подготвеноста на државите од регионот да воспостават соработка, и покрај постојните разлики. Иако нивната реторика е многу поамбициозна отколку нивните практични достигнувања, самото постоење претставува политички успех. Сè уште со кревка стабилност, регионот бара посебно внимание и потреба од грижлива имплементација на следното, со цел успешна, кохерентна и мирна транзиција во овој еволутивен процес:

**Прво, интеграција во евроатлантските структури**. За првпат во поновата историја земјите од регионот се во можност да ја означат заедничката цел околу која тие се чувствуваат обединети и поблиски едни кон други. Главно достигнување за нив сега е интеграцијата и членството во европските и евроатлантските институции и организации. Интеграцијата во ЕУ и во НАТО не е лесен процес и веројатно е дека сите земји во регионот нема да ги достигнат овие цели во исто време. Демократизацијата,

---

[1] Гоцевски Т., Бакрески О., Славевски С. *Европската унија низ призмата на Европската безбедност*, Филозовски факултет, 2007

зајакнатите добрососедски односи и политичките и економски реформи се чини дека се клучните елементи за остварување на тие цели.

**Второ, засилена регионална соработка**. На патот за интеграција во ЕУ и во НАТО земјите од регионот исто така треба да развиваат регионална соработка. Регионалната соработка ќе биде покорисна за овие земји поради што е полесно таа да се постигне отколку евроатлантската интеграција, пред сѐ, поради предностите од географската близина, а таа ќе создаде и подобри можности за комуникациските, транспортните и енергетските мрежи. Регионалната соработка ќе ги унапреди и трговските и економските контакти. Не помалку важно е што сите тие напори ќе креираат попријатна околина што ќе придонесува за унапредување на добрососедските односи меѓу овие земји. Тоа нема да им донесе само поблиска земна соработка, туку исто така ќе помогне во решавањето на одредени билатерални проблеми, кои се остатоци од студената војна.

**Трето, комплементарност и усогласеност**. Регионалната соработка и интеграцијата во ЕУ и во НАТО не се меѓу себе алтернативни и спротивставени процеси. Тие два процеса се комплементарни и заеднички. Паралелно со глобализацијата на економската активност во светот, регионалната соработка и регионалните трговски договори се сметаат за корисни во развојот на меѓународните односи. Ваквата соработка е официјално поддржана од НАТО. Регионалниот приод на Алијансата е добар пример за тоа. Во суштина, глобалниот и регионалниот приод се две страни од иста монета, кои не само што коегзистираат туку и меѓусебно се зајакнуваат.

**Четврто, еднаквост**. Интеграцијата во Алијансата како и зајакнатата регионална соработка се заеднички проекти на сите земји од регионот. Земјите од регионот треба да бидат свесни дека е подобро деструктивното натпреварување меѓу нив да биде заменето со соработка.

**Петто, сеопфатност**. Регионалната соработка во Западен Балкан треба да биде сеопфатен процес. Европа по завршувањето на студената војна има неповторлива шанса за интеграција. Намерата на интеграцијата е да

создаде услови сите европски земји да учествуваат во изградбата на новата архитектура. Чекорите што ќе се прават во изградбата на оваа нова европска архитектура ќе треба да одбегнуваат создавање нови линии и раздвојување. Поранешните непријателства треба да бидат закопани и сите земји од регионот без дискриминација треба заедно да учествуваат во сите активности на иницијативите за регионална соработка со цел да изградат заеднички темели на просперитет и идна соработка.

**Шесто, безбедност**. Западен Балкан долго време имаше репутација на немирен и нестабилен регион. Тоа повторно беше потврдено со трагичните случувања во Босна и Херцеговина, Косово и во Македонија. Решавање на конечниот статус на Косово во согласност со Србија, зачувувањето на Босна и Херцеговина како мултиетничка, мултикултурна, независна и суверена држава со меѓународно признати граници и Република Македонија како унитарна и мултиетничка држава, се клучните елементи за безбедноста во регионот. Градењето мерки на сигурност и доверба е од особено значење за мирот и стабилноста во регионот.

**Седмо и најважно, потребно е најитно да се утврди крајниот исход во регионот** за да може вниманието целосно да се насочи кон економијата. Државите од регионот мора да имаат прецизна агенда за тоа што треба да сторат за да бидат поканети за членки на НАТО и на ЕУ, односно кога ќе се случи тоа. Во спротивно, држејќи ги во неизвесност подолг временски период и постојано менувајќи ги условите коишто треба да се исполнат, може да доведе до разочарување и државите да се свртат кон некои други вредности и наместо соработка и просперитет, да ги отворат старите непријателства. Многу лесно потрагата по поголема безбедност може да доведе до помала безбедност за сите актери вклучени во процесот. Разлики меѓу земјите од регионот за одделни прашања и натаму ќе постојат, но треба да се развие заедничка агенда за бизнис и привлекување странски инвестиции, а тоа ќе го забрза интегрирањето на регионот во НАТО и во ЕУ. Регионот се соочува со комплексни предизвици и ако премногу долго се држат отворени повеќе варијанти, чувството на неизвесност може да биде

погубно. Нужно е да се спречи економскиот и социјалниот јаз зашто во спротивно, ќе се дестабилизира регионот и наместо поблиску до ЕУ и НАТО, регионот ќе доживее колапс. Регионот ниту стратегиски ниту морално не треба да се остави настрана од евроатлантските текови.

## Република Македонија и регионалните иницијативи на ЕУ

Во однос на регионалните иницијативи на ЕУ, Република Македонија особено внимание му придава на учеството во Пактот за стабилност во Југоисточна Европа, што го смета за чекор кон членството во ЕУ и во НАТО. Таа го поддржува Пактот чии основни постулати и нивната реализација треба да ги донесат долгоочекуваната стабилност, забрзаниот економски развој, широката демократизација, безбедност и соработка во целиот регион, што сè заедно ќе придонесе за негова долгорочна стабилизација. РМ покажува особено интересирање за работата на Третата работна маса на Пактот. Во таа смисла, Република Македонија беше домаќин на годишниот состанок на трите работни маси на Пактот за стабилност во 2004 година. Во Република Македонија е лоциран Центарот на Регионалната иницијатива за мигранти, азиланти и бегалци, кој почна да работи во јануари 2005 година. Македонија беше домаќин на Конференцијата за гранична безбедност во мај 2003 година што ја организираа НАТО, ЕУ, Пактот за стабилност и ОБСЕ, а на која учествуваа сите држави од регионот. Оваа конференција имаше цел интензивирање на меѓуграничната соработка меѓу земјите од регионот како мерка за градење долготрајна стабилност и безбедност.

Република Македонија активно учествува и во дефинирањето на идните форми на регионална соработка. Во таа смисла таа ги поддржува модалитетите на трансформација на Пактот за стабилност за Југоисточна

Европа. РМ се залага за идејата „процесот на соработка во Југоисточна Европа да биде политичка рамка за идната регионална соработка во регионот“ и со свои идеи активно да учествува во процесот на дефинирање на односите меѓу процесот и новиот Совет за регионална соработка.

Македонскиот проблем никако не може да се изолира од регионалниот контекст. Како што претходно напоменавме, на Балканот постои суштинска заемност во етничкиот и религиозниот мозаик врз кој границите меѓу државите играат мала улога. Западен Балкан потсетува на огромна сложувалка, која нема да биде целосна додека секое делче не си дојде на вистинското место. Доколку ЕУ успее да понуди рамка за решавање на постојаните тензии на Западен Балкан што би содржела финансиски стимули и ветување за идното членство во ЕУ, ситуацијата, несомнено, ќе претрпи промени, особено во Косово. Без разлика каква ќе биде неговата финална фаза на стабилизација, европеизацијата ќе ги ублажи вистинските карактеристики на етничката поделба. Одговорноста на ЕУ лежи во понудата на силно водство во средувањето на вакви променливи политички текови. Регионот е несомнено дел од Европа, сите негови жители целат кон членство во ЕУ, а Србија е клучна во регионалната стабилност не само поради Косово, туку и поради фактот што таа всушност е тестот за заложбите на Западен Балкан да му сврти грб на минатото и да ја прегрне иднината. Дури и ЕУ да беше во можност да се изолира од Западен Балкан, тешко дека ќе можеше да ги игнорира проблемите што се подготвуваа таму. Напредокот зависи единствено од заложбите на ЕУ во регионот и тие мора да бидат основа на нејзината политика.

## Македонија и НАТО

Процесот на евроатлантска интеграција се оценува како прашање од стратегиско значење и врвен национален интерес за Република Македонија кон што државата го насочува целокупниот стручен потенцијал, значителни

средства и енергија. Некои го поврзуваат ова прашање со опстанокот на државата, меѓутоа, сепак, подобро звучи интерпретацијата дека преку интегрирањето земјата претендира да стане дел од семејството на глобални победници и просперитетни земји.

Нема сомнение дека таквото опкружување е подобро отколку членувањето во групата на изолирани локални губитници, со што дефинитивно се доаѓа до заклучокот дека споменатото прашање нема алтернатива. Прашањето е само како да се изоди патот кон интегративните процеси, односно како во него да се вклучи и дел од општеството што досега не партиципира, а кој делумно се должи и на непознавањето на механизмите и критериумите за евентуалното полноправно членство.

Интегративните процеси што се реализираат во повеќе области на општествениот живот се прашања од заеднички интерес на граѓаните и национална одговорност. За членувањето во евроатлантските интеграции е тема за која константно се зборува и која се наоѓа во агендите на сите политички гарнитури на државата. Таквата реторика не смее да се смета како истрошена или како оправдување за сите потези на владејачките гарнитури, туку треба да претставува основа за развој на различни практични средства за планирање и процена на можноста на државата за влез во интеграциите.

На тој пат е неопходно консензуалната политичка волја, која се декларира од страна на сите релевантни политички авторитети, да се соочи со константните промени на безбедносните закани и да се приклучи кон изградбата на новиот концепт на безбедноста на Алијансата. Тоа значи дека заложбите и интересите за интеграција треба да се предочат во конкретни способности, со кои се партиципира во заедничката безбедносна архитектура. Проширувањето на Алијансата се должи токму на таквите заеднички интереси на Алијансата и на аспирантите.

Постојат различни фактори што влијаат врз развојните и интегративните процеси. НАТО ги анализира шансите на потенцијалните членки, развивајќи одреден сет на критериуми, кои овозможуваат следење и опсервација на состојбите во демократските политички системи и

функционирањето на пазарната економија, демократските цивилно-воени односи, прашања на малцинствата, односите со соседите, вклучувајќи го и начинот на решавање на можни спорни прашања, желбата и можноста за контрибуција - придонес кон мисиите на Алијансата. Сите споменати прашања се еднакво релевантни, и покрај фактот што некои од нив имаат поинаква тежина во процесот на оценувањето на прогресот на земјата-кандидат.

Самитот во Букурешт во 2008 година ја истакна потребата од драфтирање на еден нов стратегиски концепт. На овој Самит беше дискутирано и за прашањето на проширување на оваа Алијанса, односно зачленувањето на државите од Јадранската повелба. Специјалистот за европски прашања Пол Галис (Paul Gallis), во извештајот упатен на американскиот Конгрес во врска со Самитот на Букурешт, ја истакнува целта на организацијата за да го преземе овој чекор:

„Ниедна од овие држави нема задоволителна воена сила за да даде некој значаен придонес во операциите на Алијансата. Меѓутоа, земајќи ја предвид нестабилноста во Југоисточна Европа како резултат на остро спротивставување на Србија на независноста на Косово, овие три кандидати може да придонесуваат за стабилноста на регионот“.

На овој Самит Албанија и Хрватска беа поканети да ги започнат преговорите за пристапување кон НАТО-алијансата. Овие две држави „покажале определба за заедничка безбедност и заеднички вредности на НАТО, додека нивниот прием ќе ја зајакне безбедноста за целата евроатлантска зона и ќе нè води сите нас поблиску до целта – една цела Европа, слободна и мирна“. Оваа начело има значење од три димензии. Прво, во локалната димензија оваа начело влијаело врз развојот на државите индивидуално. Тоа ќе им помогне на Хрватска и на Албанија да одат напред кон патот на реформите и хармонизацијата на нивните легислативи во согласност со она на државите-членки во евроатлантските структури. Овој процес го има цел внатрешното стабилизирање на цел регион. Второ, во регионална смисла, овој акт претставува еден нов почеток за цел Западен

Балкан. Додека во минатите децении, но и во оваа деценија Западен Балкан беше регион што произведуваше само кризи и војни, додека евроатлантските процеси го подготвуваат Балканот да биде простор што ќе рефлектира стабилност и издржливост. Трето, меѓународната димензија и приемот на овие две балкански држави во НАТО ја опфаќа можноста на Албанија и на Хрватска, како и на регионот во целина за да придонесе за заштитата на мирот и на меѓународната безбедност.

На овој Самит иако беше оценето дека Македонија ги исполнува сите услови, не беше поканета да стане членка во оваа организација поради спорот со Грција за нашето уставно име. Ова не беше добар сигнал за иднината на државата, но и за целиот регион. Предизвика вознемиреност како во внатрешните структури на државата, така и кај меѓународниот фактор. Одложувањето на членството на Македонија во НАТО и поделбата на земјите-потписнички на Јадранската повелба, за Македонија подразбира голема загуба.

[1]Нерешавањето на спорот со Грција поврзан со уставното име на Македонија беше една од главните причини зошто Македонија не доби покана за членство во најголемата организација за зачувување на безбедноста во евроатлантската зона. Во дадената декларација од страна на претседателите и премиерите на државите-учеснички на собирот на Северноатлантскиот совет во април 2008 година се истакна дека „иако во рамките на Обединетите нации многу фактори покажале доста напори за да се реши спорот со името, такво нешто не беше постигнато, затоа и поканата за Македонија ќе се пролонгира сè додека не се постигне прифатлив договор за двете страни“.

Овој спор не треба да се гледа само од билатерален агол меѓу Грција и Македонија. За да се има појасна слика, потребно е да се навратиме во ретроспектива бидејќи зачетоците на овој проблем имаат подолга историја и се провлекуваат уште од Османлиското Царство.

[1] Презентирани реферати на научната Конференција одржана во ЛИЕУ на 2 мај 2009, Евроатлантските перспективи на Р. Македонија

Неодредувањето јасни и конкретни политички концепти на Македонија рефлектира една несигурност и во односите со другите соседи. Спорот на Македонија со Грција поврзан со името изнесе на виделина синџир од други прашања што се поврзани со идентитетот и јазикот. Источниот сосед Бугарија го призна името на Македонија, но не` и македонскиот јазик и нација. Северноисточниот сосед, пак, Србија, одбива да ја признае автокефалноста на Македонската православна црква претендирајќи дека единствената автокефална црква е Српската православна црква.

Според извештајот на Меѓународната кризна група, се потенцира дека за Македонците прашањето на нивниот идентитет е поврзано со самото постоење на државата. Ова произлегува од фактот што Македонија е мултиетничка држава и е премногу кревка, додека продолжените тензии меѓу Македонците и Албанците се присутни и видливо ја нишаат стабилноста на земјата. Овие причини непосредно или посредно влијаеле врз одложувањето на приемот на Македонија во НАТО. Спорот со Грција непосредно влијаел со употребата на ветото од страна на Грција за да го спречи интегрирањето на Македонија, додека споровите со другите соседи дале други негативни влијанија. Односите со соседите и придонесот во безбедноста и регионалната благосостојба се основни критериуми за зачленување на една земја во ЕУ и во НАТО.

Додека двата соседа на последниот Самит што беше одржан во станаа полноправни членки во НАТО, Македонија продолжува да биде една слаба економска земја, со голема невработеност и со сè помалку странски инвестиции. Лошата политичка клима влијае врз економскиот раст и врз нејзините економски односи со соседите, што ја води Македонија кон политичка и економска изолација.

Грчкото вето за Македонија претставува и една тешкотија што ќе ја има за зачленување на во ЕУ, каде што Грција има позадоволителна позиција. Додека во 2008 година од страна на Европската комисија се употребувани термините „македонски“ и „македонски јазик“, влијанието на

Грција во институциите на ЕУ предизвика да се промени тоа. Во меѓуинституционалниот прирачник на Бирото за официјални изданија на ЕУ придавката „македонски„ и кодот МК се заменети со „да се дефинира“.

Пречката на Македонија да биде интегрирана во НАТО и според сите шанси и во ЕУ, подразбира дека Македонија останува на местото без стратегиска ориентација. Иако Македонија се наоѓа географски меѓу „островот“, опкружена со држави што сега се дел од евроатлантските структури, се однесува на тој начин што ги забавува процесите, кои освен што ѝ наштетуваат на земјата, му наштетуваат и на целиот кревок балкански регион.

## Приближувањето на Македонија кон НАТО и реформите во безбедносниот сектор

Проектот за влез во НАТО и реформирањето на Армијата не е само задача на Министерството за одбрана. Тој проект е поддржан од целата Влада, посебно од Министерството за финансии, бидејќи е евидентно дека реформите чинат пари. За интеграциите во НАТО особено се цени односот на Министерството за финансии спрема оваа стратегиска цел.

Покрај политичкиот и безбедносниот момент, зачленувањето во НАТО ја носи и економската компонента. Анализите покажуваат дека зачленувањето во НАТО позитивно влијаело врз економиите на многу држави. Најјасни примери за ова тврдење се Полска, Чешка, Унгарија, Романија и Бугарија. По зачленувањето на овие земји во НАТО, инвестициите значително се зголемиле затоа што политичката стабилност што ја гарантира членството во НАТО е позитивен сигнал за странските инвеститори. Големите инвестиции, во принцип, доаѓаат од компании што потекнуваат од земји-членки на НАТО. Искуствата покажуваат дека компаниите во чекор ја следат политиката на НАТО. Она што е најважно кога станува збор за инвестирање во земја-членка на НАТО е фактот што

одлуките за инвестирање се носат во многу краток рок, без да биде потребна анализа за тоа, која ќе трае една или две години. Примерите јасно укажуваат на фактот дека НАТО е од исклучително значење за развојот на македонската економија. Во таа насока експертите посочуваат дека ангажманот на надлежните кон побрзо приближување е важно и има поголеми ефекти од какви било други мерки што вообичаено ги преземаат локалните економии во напорите да привлечат што повеќе инвестиции. Придобивките од членството во НАТО се многу поголеми од овие средства што се потребни за реформи и ќе треба да се уплаќаат во НАТО-буџетите, со оглед на тоа што мирот нема цена, безбедноста и стабилноста што ќе ни се гарантираат со самото официјално влегување во НАТО-одбранбениот клуб. Самиот член 5 од Вашингтонскиот договор изразува солидарност, поддршка на безбедноста во случај на загрозеност на секоја земја-членка и во евентуални природни катастрофи се активираат силите на НАТО. Мировната дивиденда и да се биде под безбедносниот чадор на НАТО е вистинскиот избор за иднината на Република Македонија.

Приближувањето на Македонија кон НАТО и ЕУ ќе се постигне со стабилизирање на политичката, економската и социјалната состојба и подигнувањето на угледот на земјата како на регионален план, така и со зацврстување на нејзината меѓународна позиција.

Натаму е потребно зачувување на мирот и безбедноста, развој на меѓуетничките односи и постојано унапредување на човековите права и слободи и нивно претворање во мотивација за заштита на темелните вредности на државата, негување на добрососедските односи и зачувување на мирот и стабилноста.

Од историски и географски причини, Македонија е интегрален дел од Европа и како таква е предодредена да биде дел од евроатлантските структури. Мнозинството од народот и политичарите веруваат дека членството на Македонија е од интерес за земјата, тоа е прашање за

безбедноста, иако моментално не постојат директни поголеми закани за безбедноста на земјата, исто така има и економски интерес, со тоа ќе ја зајакне довербата во идната македонска стабилност, посебно кај странските инвеститори.

Покрај интересите на Македонија, голем интерес има и НАТО да ја има Македонија како членка. Ова е прашање на создавање или комплетирање на зоната на мир и стабилност, а со тоа и просперитет на нашиот континент. Македонија ќе биде основна врска во овој синџир на стабилност, кој ќе биде присутен насекаде.

Македонија и НАТО веќе имаат изградено многу плодна соработка во изминатите години. Но, НАТО како организација, која е столб на безбедноста и одбраната, сака да се осигури дека вооружените сили на нејзините членки се одржливи и приспособени кон безбедносното опкружување и дека се корисни за активностите во кои е ангажирана Алијансата. За Македонија ова значи темелна процена на сегашните и очекуваните закани, базирана на процена на сегашните и идните безбедносни потреби. Ќе биде важен поширок спектар на капацитети, мобилност и флексибилност, како и целосниот професионализам и интероперативност со НАТО. Силите треба да се способни за помагање на цивилните власти, посебно во случаи на неконвенцијални и асиметрични закани. Конечно, ќе има потреба од долгорочно планирање, програмирање и буџетирање.

НАТО, во суштина, е политичка организација на земји со слични вредносни системи. Сите нови членства треба да бидат ратификувани од парламентите на сите сојузници. Ова вклучува работи споменати во Преамбулата на Вашингтонскиот договор, како демократијата, индивидуалната слобода и владеењето на законот, исто така вклучува и односи меѓу етникумите доколку земјата е мултиетничка како што се многу земји. Вклучува и толерантно ниво на корупција и организиран криминал. НАТО не сака да увезува проблеми, па затоа очекува можните членки да се

обидат да си ги решат проблемите што ги имаат пред да влезат во Алијансата.

Политиката за подготовка на државата за членство во НАТО, во основа, ги задава параметрите и го определува темпото на реформите, формира препорачливи критериуми и врши систематски преглед и оцена. Притоа, мора да се обезбеди сите успеси и проблеми на политиката на интеграција да бидат видени низ призмата на стратегиската перспектива на полното вклучување кон системот на евроатлантска, општествена, политичка и економска безбедност.

Во функционален и организациски аспект, интеграциската политика има суштествено учество во меѓународните напори за борба против заканите кон општата безбедност и реформа на самите организации од секторот безбедност.

Во тој поглед, Р. Македонија прави исклучителни напори. Ако само се осврнеме на Предлог-законот за управување со кризи, кој се оценува како општа потреба во пошироката заедница иако без целосно интегративно решение, Р. Македонија има реални шанси да промовира нова нормативна и меѓуинстуционална функционалност, но само ако поработи на надминување на недоследностите во текстот, особено во делот на превенција, организација, надлежност и демократска контрола.

Унапредувањето на демократијата е еден од најважните критички аргументи за успех во напорите за добивање покана за членство во ЕУ и во НАТО. Оттука следува дека институционалните облици на секторот безбедност треба да бидат поставени под примарна демократска контрола, истовремено осигурувајќи ефикасност и вклученост кон општиот процес на демократизација и демократски развој.

1. [1]Поддршката на постапките на Алијансата, како битен сегмент за приближување кон НАТО, најјасно се изразува преку постепеното, но постојано зголемување на учеството во разните организациски облици на Алијансата и со директно учество во операциите предводени од неа, со воени или полициски контингенти и набљудувачи. Интегративната политика и реформите на секторот безбедност зависат од единственото сфаќање на политичко-општествено-професионалните потреби, преточени во визијата, стратегијата и политиката за членство, поддржани и од страна на политичката елита на власт и од опозицијата. Принципиелноста за овие прашања, заедничките цели, свесноста за неопходност и очекуваните крајни резултати од реформата на системот за безбедност се критичен услов за успех. Според авторот Мур М. (Moore M.), во неговото дело *A World without Walls: Freedom, Development, Free Trade and Global Governance,* Cambridge University Press, Cambridge, 2003 безбедносниот систем треба да се заснова врз:

1. Реална процена на улогите и задачите на институционалните облици во променливото домашно и меѓународно опкружување.
2. Изземање на парадигмите од минатото и ставање крај на илузиите за нереална иднина.
3. Строго аргументирање за сите ресурсни расходи, одделувања за безбедноста, одбраната и учеството во меѓународни мисии.

Реформата на институциите и успехот на интеграцијата многу зависат од капацитетот на политичките кабинети и од нивното успешно планирање и раководење со многу стратегиски процеси, едновремено вршејќи рутински задолженија од политички, административен и меѓународен карактер.

---

[1] Списание Политичка мисла, Н. Малиќи, *Приближување на Македонија кон НАТО и реформите во безбедносниот систем како фактор за внатрешна стабилност,* Фондација Конрад Аденауер, Скопје, 2003

Политичките поставувања, планирањето и едновременото спроведување на реформите во повеќето институционални облици, исто така, изгледа тешко за управување. Искуствата покажуваат дека реформите и реорганизацијата во ресорните министерства не можат да бидат ефективни доколку не постои концепција што ќе ги направи побрзо развојни отколку фокусирани.

Правните основи на секторот безбедност треба адекватно да ја поддржат состојбата на безбедноста, но и развојот на демократијата. На прагот на полноправното членство во НАТО, системот мора да гарантира целосна сигурност на граѓаните, општеството и државата, создавајќи нова правна основа за системот на безбедност како безусловен приоритет и принцип на одговорност на законодавниот дом.

Реформите на секторот безбедност мора да водат и кон зголемување на нивната ефективност. Отсуството на вистинско разбирање на современото искористување на цивилната и воената експертиза за повисока ефективност во управувањето може да значи дека во реформите сè уште постојат и други критериуми.

На границите меѓу политичкото и експертското, развојот на системот на управување на одбранбените ресурси е неопходен.

Сепак, не треба да се заборави дека водечка е политичката волја и решеност за извршување на неопходните реформи. Собранието и невладиниот сектор мора да изнајдат форма на силна контролна алатка и алатка на поддршка.

Независно од рационалноста и успехот во воените реформи, економскиот развој, етничката и религиозна толерантност и демократизацијата можат да имаат решавачко значење за оцената на земјата како потенцијален сојузник. Поддршката на мотивацијата на кадрите е клуч за успехот во реформите. Затоа значајно во самите реформи да се посвети место на подобри социјални односи, перспективи и кариера за професионалниот состав.

Во рамките на управување на секторот безбедност, реалната информираност на општеството за состојбата, задачите и статусот на реформите е задолжителна. Впрочем, како што рекол некој, животот ниту продолжува ниту завршува во политичките кабинети, а граѓанското општество не само што има право, туку и должност за содејство во изградбата на новите безбедносни институционални облици и за формирање на културата и менталитетот на професионалците во нив.

Меѓутоа, не е неопходен само политички консензус, туку соодветна политика што ќе обезбеди премин за суштествено разбирање на односите кон НАТО-опкружувањето неизбежно ќе ги определи основните параметри на поведение и дејствување за клучните прашања од општ карактер, но и прашањата што барем привидно ги засегаат само интересите на Република Македонија.

Постигнувањето членство во НАТО не е крај на процесот на трансформација на националната безбедносна политика, туку тоа повеќе е важен чекор во тој процес. Република Македонија допрва треба да си ја определи конкретната улога во новиот контекст. Така, по постигнувањето на политички и општествен консензус, потребен е нов што ќе опфати поддршка за зголемување на капацитетот и улогата на Република Македонија во меѓународната безбедносна политика, иако тоа во одреден степен го намалува суверенитетот на земјите-членки.

## Безбедноста на РМ

[1]Влегувањето во НАТО не смее да се набљудува само од воен аспект што гарантира сигурност на државата од потенцијалниот надворешен непријател, туку и како фактор за развој на слабата економија со

[1] Бакрески О. *Државните органи и одбраната,* Македонска ризница, Куманово, 2002

зголемување на странските инвестиции. Влезот на РМ во НАТО ќе ја забрза и интеграцијата на РМ во ЕУ, што како по некое непишано правило, се случи речиси во сите источноевропски земји што аплицираа за влез во ЕУ.

Овие зборови се една посебна интерпретација на она што членките на Алијансата и ЕУ веќе долги години од осамостојувањето наваму ни го советуваа, а објективно бавно беше имплементирано од политичките структури од тој период со многубројни објективни слабости во новиот систем што го градеше РМ. Овие слабости беа особено изразени во безбедносно-разузнавачкиот сектор и во недоволната динамика на опремување на АРМ.

Главните фактори за така бавниот развој беа несреќните случувања по распадот на СФРЈ, а кои конкретно се одразија врз РМ. како што беа сепаратизмот на албанската заедница изразен со сонот за Голема Албанија или Илирида, бојкотот на пописот во 1994, бојкотот на донесувањето на Уставот, на референдумот, негативното претставување на РМ пред меѓународната заедница за улогата на РМ во бегалската криза, поддржуваната нестабилност во западна Македонија, како и конфликтот во 2001.

Сето тоа негативно се одрази врз РМ, а беше поддржано од одреден домашен медиумски неразбирлив непатриотизам и дезориентираност и ја дополнуваше перманентната лоша слика за РМ.

Но, меѓународната заедница успеа да наложи сценарио за отворање на еден добар политички хоризонт, прво преку примањето на РМ во ОН, макар и под сегашното име, потоа со ред политички декларации за гаранции во однос на границите, целокупноста, суверенитетот и легитимитетот на РМ, Договорот за асоцијација и стабилизација на РМ во ЕУ и како краен стабилизирачки фактор, воено и политички, беше Охридскиот договор.

Фактички, тој договор претставува основна цел на НАТО и на ЕУ за поддршка и стабилизирање на РМ, која се базира врз следниве поважни елементи:

Смирување на албанската етничка заедница во РМ преку остварувањето на природните граѓански и етнички права и учество во Владата на РМ, учество во државната и локалната управа, учество во воено-полицискиот комплкс, односно сето тоа со стимулирање на политичкиот дијалог со помош на меѓународната заедница и големо трпение од страна на македонските политички субјекти.

Рамковниот договор претставува договор за мирно живеење и просперитет на оваа сиромашна и измачена земја. Неговата имплементација претставува политичка, економска и правна основа за влегување на РМ во НАТО и во ЕУ.

Досегашните пораки на меѓународната заедница и на водачите на најмоќните држави, меѓународните институции и банки се јасни и добронамерни. Оттука треба да се доврshат уште некои обврски за да можат граѓаните и институциите што побрзо да ги користат бенефициите од влегувањето во НАТО и во ЕУ.

Македонија веќе подолго време е на својот пат кон НАТО и кон ЕУ. Но, резултатите не се сразмерни со времето поминато на тој пат. Доколку политичките структури на власт во изминатите неколку години без предрасуди и без декларативни желби за интеграција и без разлика на сите случувања ја разбереа важноста на евроатлантските интеграции и ја утврдеа нивната динамика, денес Р. Македонија веќе ќе беше дел од колективниот безбедносен систем на НАТО, а и придружна членка на ЕУ.

Обидите за одржување континуирана нестабилност во РМ и поблискиот регион со постојана тензија и можност за меѓуетнички судир, и тоа во одредени моменти кога РМ треба да се докаже пред меѓународната заедница дополнително ја отежнуваа и` така напнатата ситуација.

Решавањето на оваа ситуација ќе биде почеток на вистинскиот и брз чекор на РМ кон членство во НАТО и треба да биде јака мотивација за целосна позитивна промена на односот на политичарите, граѓанското општество и самите граѓани на РМ, без разлика на етничката и партиската припадност кон ова исклучително важно прашање.

## ЕУ и Западен Балкан

[1]Од многу аспекти Западен Балкан претставува одлична „лабораторија" за секој научник што сака реално да го набљудува и анализира процесот на европеизација. Постојат најмалку две објаснувања за интензитетот на дејствувањето на ЕУ во регионот. Прво, тука е очигледниот геополитички став дека доколку ЕУ навистина се залага за генерално безбедно и политички стабилно соседство, близината на Западен Балкан ја прави оваа заложба особено акутна. Второ, се провлекува моралниот аргумент дека во недостиг од подобро решение, ЕУ мора да покаже водство во регионот: доколку не постои водство од страна на ЕУ, многу е веројатно дека регионот ќе се сврти сам кон себе и со тоа ќе настапи вакуум на моќ од чии последици ЕУ тешко дека ќе може да се изолира. Ваквото чувство на морален императив е зајакнато со чувството на вина, која произлегува од неможноста на ЕУ решително да интервенира во конфликтите што се одвиваа во регионот во почетокот од деведесеттите години на минатиот век. Она што можеше да биде „најдоброто време за Европа" ненадејно се претвори во време на колебање, несогласување и инерција. Имајќи го предвид сето тоа, денешното дејствување на ЕУ врз Западен Балкан може да претставува задоцнет напор за поправка на грешките од минатото.

Иако една од клучните теми во политиката на ЕУ се однесува на трстирањсто на Западен Балкан како регион, а оттаму и на поттикнувањето мерки што ја зацврстуваат соработката во рамките на регионот, постои јасна тензија меѓу ваквата цел и реалноста на теренот. Од една страна, економските услови се неверојатно различни и како такви различно влијаат врз напредокот кон остварување на конечната цел за членство во ЕУ:

---

[1] Bugajski J.: *Facing The Future: The Balkans To The Year 2010,* Discussion Paper C 86 2001, Center for European Studies, Rheinische Fridrich-Wilhelms-Universitat Bonn, Bonn, 2001

Хрватска ги започна преговорите со ЕУ, на Македонија ѝ беше доделен статусот кандидат за членство, Албанија неодамна го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација, додека Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора сè уште се наоѓаат во процес на преговарање. Од друга страна, пак, нема постојаност и во политичките состојби во регионот, иако повеќето, ако не сите влади, се борат против корупција, пропусти во судството и слаб административен капацитет. Доколку на ваквата реалност ѝ се додадат и заемната недоверба меѓу новонастанатите држави и зголемените етнички тензии, идејата за регион ја надминува географската интерпретација. Дополнителна компликација внесуваат границите меѓу државите: задачата за примена на Копенхагенските критериуми во суверените држави во најмала мера ќе биде деликатна сè додека границите формално не се решат. Политиките на ЕУ спрема Западен Балкан може јасно да се увидат и да се оценат од заклучоците донесени на Самитот во Солун во 2003 година.

Административниот капацитет се подобрува, затоашто повеќе од 6.000 службеници беа обучени во специјални твининг проекти земји-членки на ЕУ. Беа воспоставени и интерпарламентарни комитети – меѓу ЕУ и Хрватска и меѓу ЕУ и Македонија. Овие комитети играат значајна улога на социјализација во двете насоки: Европскиот парламент подобро се запознава со проблемите и со стремежите на земјите-кандидати, додека Западен Балкан прави напори да се усогласи со парламентарните и демократските норми во ЕУ.

Изборот на зборови во завршниот извештај од Самитот во Салцбург одржан под покровителство на австриското претседателство во март 2006 година не е многу охрабрувачки: прво се споменува „капацитетот на апсорпција" на ЕУ, додека претходно најавеното подигање на визните ограничувања во голема мера е ублажено.

## Приближување кон ЕУ

*„Ќе дојде ден кога сите нации на овој континент ќе се здружат во повисок степен на единство и ќе создадат европско братство, без да ги загубат своите особености и својата славна индивидуалност. Ќе дојде ден кога умовите ќе ги бијат единствените битки – на отворени пазари на идеи. Ќе дојде ден кога гласачките ливчиња ќе ги заменат куршумите и бомбите“.*

*Виктор Иго*

Уште во далечната 1849 година Виктор Иго ги искажал овие пророчки зборови, но беше потребен повеќе од еден век за да почнат да се остваруваат неговите утописки предвидувања. За тоа време, две светски војни и безброј други конфликти на европска почва однесоа милиони животи. Имало времиња кога се чинело дека исчезнала сета надеж. Денес, во 21 век се нуди посветла иднина, но исто така и ја соочува Европа со нови тешкотии и предизвици.

Европската унија е пакт склучен меѓу суверени нации што поцврсто решиле да делат заедничка судбина и да здружуваат сè поголем дел од својот суверенитет. Таа се осврнува на оние прашања што се значајни за европските народи: мир, економска и лична благосостојба, сигурност, демократско учество, правда и солидарност.

Според искажувањето на еден политичар од новите земји-членки, „Европа, конечно, успеа да ги сообрази историјата и географската поставеност“.

Процесот на европска интеграција денес има влијание врз целиот континент, а тој е дел од светот што брзо и радикално се менува и на кој му треба нова форма на стабилност.

Европската интеграција ќе продолжи и со земјите што стремат за членство во ЕУ, како што е Република Македонија, во однос на прашањата, како што се: трговијата, глобализацијата, единствениот пазар, регионалниот и социјалниот развој, динамичниот економски раст итн.

На Европската унија ѝ претстои долг пат пред да може да каже дека говори во еден глас и дека е сигурен актер на сцената на глобалната политика и дипломатија.

Членството во Европската унија е стратегиски интерес на Република Македонија од нејзиното осамостојување. Од воспоставувањето на дипломатските односи со Европската унија во декември 1995 година, Република Македонија се легитимира како партнер од доверба и вистински сојузник на Европската унија, притоа не прескокнувајќи ниту една институционална етапа во приближувањето кон Унијата: од склучување Спогодба за соработка, преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација, до стекнувањето на кандидатскиот статус.

Во декември 2005 година, со стекнувањето статус на земја-кандидат за членство во Европската унија, Република Македонија влезе во клучна фаза од процесот на европската интеграција.

Одлуката на Европскиот совет за доделување на кандидатскиот статус е политичко признание како резултат на напредокот што го постигна Република Македонија во остварувањето на реформските процеси и во градењето отворено демократско општество.

Целата на Република Македонија е целосно да ги исполни европските стандарди за функционална демократија и просперитетна пазарна економија, оспособена да ги преземе обврските и од членството во ЕУ.

[1]Агендата за пристапување на државата во ЕУ е рефлектирана во националната програма за усвојување на правото на ЕУ (законодавни измени и мерки за институционално засилување на краток и на среден рок).

Претпристапната економска програма ги содржи мерките за исполнување на Копенхашките економски критериуми, а, додека, пак, националниот план за развој ги опфаќа инвестициските приоритети за остварување на развојните цели на државата. Главните краткорочни цели на Владата на Република Македонија во односите со ЕУ се започнување на пристапните преговори, а за поздравување е либерализација на визниот режим на ЕУ кон граѓаните на Македонија.

Како земја-кандидат за членство, Македонија очекува да ги започне преговорите со ЕУ и што поскоро да стане дел од европското семејство, кое е широко семејство на демократски европски држави, кои преку меѓусебна политичка и економска соработка се стремат кон обезбедување траен мир и просперитет.

Македонија во изминатиот период навистина покажува зголемен економски раст, вистина е дека имаме пораст на бруто домашниот производ, но при истовремена нарушена макроекономска рамнотежа, зголемен надворешнотрговски дефицит, кој доведува до зголемена ранливост кон меѓународните економски текови, зголемена инфлација и применување експанзивна фискална политика.

[2]Ефектите од дефинирањето на целната година за влез во ЕУ се: психолошки, политички, мотивирачки, менаџерски, сигурносни и мултиетнички.

---

[1] Commision of the European Communities: *Former Yugoslav Republic of Macedonia: Stabilisation and Association Report 2004,* Commission staff working paper, Brussels, 2004

[2] Јован Маџовски, ЕТТ, 2009.

1. Првиот ефект е чисто **психолошки:** луѓето и заедниците (според Рамковниот договор) треба да веруваат во повисока цел, а таа цел е Македонија во ЕУ во таа и таа година и во тој и тој месец. Само тоа може да ги убие апатијата, недовербата и незадоволството на луѓето. Луѓето сакаат да ги почувствуваат визијата и мисијата, а без конкретен рок се убива мисијата, а со тоа и визијата. Како и секој човек, вработените, менаџерите и сопствениците не веруваат во сигурноста и во подобро утре (макар и за 10 години), тие не даваат сè од себе. А кога се дава само дел од себе, нема резултати.

2. Вториот дел е **политички:** со тоа ќе се намали комоцијата на политичарите, министрите, администрацијата. Одеднаш тие ќе бидат кочницата што нè стопира да влеземе во ЕУ со нивното неработење, ароганција, корупција, демагогија, незнаење. Луѓето ќе се мерат по тоа што направиле досега и тогаш кога имале шанса да направат нешто. Одеднаш сите административци, министри и политичари ќе сфатат дека времето ги гази и дека народот им дише во врат барајќи да се случи мисијата – Македонија да влезе во ЕУ.

3. Третиот ефект е **мотивирачки:** секој човек сака да знае дека е дел од нешто покрупно, дека има смисла неговото постоење, дека создал нешто. Секој поединечен административец ќе се претвори во парче од мозаикот, кој претставува локомотива што треба да нè одведе во ЕУ. Без повисока цел, нема живот. Една од повисоките цели е да се остави потомство во услови подобри од оние што ние сме ги имале како мали.

Луѓето треба да веруваат дека токму тие се оние што со секој поминат ден на работа прават нешто што утре ќе биде членство во ЕУ. Нешто со што ќе се гордеат и ќе им кажуваат на своите деца и внуци: и јас учествував во тоа.

4. Четвртиот ефект е **менаџерски:** одеднаш старата школа на менаџери и олигарси што ја кочат реформата затоа што најдобро работат во диригирана, заштитена и политички обоена економија ќе мора да прифатат

дека нема веќе заштита и дека ќе мора да се модернизираат, да се обучат и да се подготват за европската конкурентност. Конечно, или ќе почнат да учат или ќе пуштат млади и обучени менаџери да ги водат работите. Затоа што муштеријата не го интересира кој и каков е менаџерот на фирмата, туку квалитетот, услугата, достапноста, гаранциите, стандардите.

**5.** Петтиот ефект е **сигурносен:** рековме дека капиталот бара сигурност. Има ли поголема сигурност од тоа инвеститорите да знаат дека вложуваат во држава во која над 75% од популацијата верува и работи напорно за да влезе во ЕУ – втората светска економска сила и дека ЕУ е наклонета кон тие аспирации?

Шестиот ефект е **мултиетнички:** веќе не е важно што си по националност, туку дали ѝ помагаш на Македонија да влезе во ЕУ или не. Бидејќи веќе имаме стратегија, па ќе имаме конкретни цели, програми и политики за влез во ЕУ. Зачленувањето на Македонија во Европската унија е многу интересна тема, променлива и значајна како за Македонија, така и за самата ЕУ.

На Копенхашкиот самит што беше одржан на 12-13 декември 2002 година се дискутираше за политиката на проширување на ЕУ и се одлучи Македонија и другите балкански држави да бидат прифатени како нејзини партнери во процесот за стабилност и партнерство. На Самитот на ЕУ во Копенхаген беше јасно истакнато дека „доколку Македонија и балканските држави ги исполнуваат Копенхашките критериуми, еден ден може да бидат членки на ЕУ“.

Донесената одлука во Копенхаген беше најзначајната етапа за Македонија и за другите балкански држави во периодот од кога тие се партнери во процесот на стабилност и партнерство со ЕУ. Во оваа етапа, на Самитот во Копенхаген и со зборовите што се искажаа јасно се гледа дека оваа одлука имаше јасни визии за иднината на Европа. Освен ова, активностите што ги започнаа со Конвенцијата за иднината на Европа на 28 февруари 2002 година, ќе влијаат врз иднината на балканските држави.

Одлуките донесени на Самитот во Копенхаген и на Самитот во Солун имаат значителна важност за Македонија и за другите балкански држави за нивно интегрирање во ЕУ.

Европската унија претставува организација во која бројот на членови постојано расте. Во 1951 година со основањето на заедницата за јаглен и челик, Европската заедница броеше само шест члена, додека со наредните проширувања, бројот на членовите порасна на 27 држави-членки.

[1]Во мај 2004 година десет држави добија членство во ЕУ, опфаќајќи ги тука државите од Источна Европа, Малта и Кипар. Се поставува прашањето дали со ова проширување ќе се забави процесот на зачленување на балканските држави во ЕУ. Дали може да се очекува по зголемувањето на бројот на членки на ЕУ едно време да престане нејзиното проширување?

ЕУ со примената на договорот од Ница од 1 февруари 2003 година ги надмина тешкотиите што може да се појават со нејзиното проширување со десет држави. Бидејќи со Договорот од Ница е донесена одлука да се забрани националното вето и со ова овозможи ЕУ да дејствува со повеќе влијание.

Неопходно е ЕУ да се прошири кон балканските држави и да придонесува за нивниот развој.

Се надеваме дека овој процес нема да престане овде, туку ќе продолжи опфаќајќи ги и балканските држави. Сите балкански држави, опфаќајќи ја и Македонија, откако ќе ги исполнат предвидените политички услови и доколку ги почитуваат правата на граѓаните, ќе ги очекуваат преговорите за членство. Според член 49 од Договорот за ЕУ, демократијата, правата на граѓаните и основните слободи и основните законски начела ќе може да конкурира за членство во ЕУ.

Предностите од зачленувањето на Македонија во ЕУ ќе бидат:

---

[1] Hansen J.D.: *European Integration,* Oxford University Press, 2005

- Нејзините граѓани може да живеат, да се движат и да работат во широк простор од Јадранското до Балтичкото Море и од Црно Море до Атлантскиот Океан;
- Производите од Македонија ќе може да бидат експонирани во најголемиот светски пазар поминувајќи преку стандардните процедури;
- Со проширувањето на ЕУ кон Балканот се дава можност на повторно обединување на континентот Европа.

Тоа што исто така е битно да се спомене е Самитот на ЕУ, кој беше одржан кон крајот на 2001 година. На него се донесе одлука за усвојување на Конвенцијата за иднината на Европа, а нејзините активности започнаа од 28 февруари 2002 година. Беше подготвен и Уставот на Европа, кој на 28 октомври беше отворен за дискусија.

Ако се анализираат развојот и перспективите на Уставот на Европа, ќе се заклучи дека ЕУ е на пат кон федеративна држава. Активностите што ги развива Конвенцијата ја одредуваат иднината на Европа. Овие активности, опфаќајќи ја тука и Македонија и сите европски држави, се следат со посебно вниман

Иднината на Македонија и на балканските држави , освен од другите фактори ќе зависи и од моделот за кој ќе се определи ЕУ. Тоа што беше предложено од страна на Германија во Европската комисија дека ЕУ треба да биде федеративна држава составена од федералните членки, беше одбиено од страна на Англија заедно со неколку други држави, кои сметаа дека државите на ЕУ треба да продолжат како независни држави. Се очекува да во иднина европската конвенција да го претставува новиот модел со многубројни механизми. Веднаш по прогласувањето на независноста, РМ пројави аспирации за поврзување, а подоцна и за асоцирање во ЕУ. Својата подготвеност за прифаќање на европските вредности ги искажа со прифаќање на Париската повелба за нова Европа и на Хелсиншкиот документ. Меѓутоа, во остварувањето на оваа стратегиска определба, РМ наиде на многу тешкотии. Прво, се појавија проблеми околу признавањето

на нашата независност од страна на Унијата. Имено иако „Бадинтеровата комисија“ формирана од страна на Европската комисија многу јасно потврди дека Република Македонија ги исполнува условите за признавање, Министерскиот совет на ЕУ не ја призна РМ, условувајќи го нејзиното признавање со промена на името на државата. Унијата воспостави дипломатски односи со РМ дури на 10 јануари 1996 година по потпишувањето на Привремената спогодба со Грција на 13 септември 1995 година. Следното недоразбирање со Унијата го имавме околу регионалниот пристап на Унијата. Имено, Република Македонија покажа скепса околу оваа политика на ЕУ, која според поранешниот претседател на РМ, Киро Глигоров, РМ не ја оспоруваше потребата дека треба да се соработува регионално, туку дека треба да се земат предвид индивидуалните процени за секоја земја во однос на реализација на реформите. Имено, Република Македонија во тоа време сметаше дека е понапред од реформите од Романија и од Бугарија и затоа сакаше резултатите од реформите поединечно да се вреднуваат. Следно разочарување за Република Македонија беше документот на ЕУ наречен „Агенда 2000“. во кој ја немаше Република Македонија во среднорочните планови на Унијата за нејзино интегрирање. Со усвојувањето на регионалниот приод на Унијата и промовирањето на Процесот за стабилизација и асоцијација, на Република Македонија ѝ се отворија вратите за членство во Унијата во догледен период. И покрај проблемите со соработка со Унијата, во декември 2005 година таа доби статус на кандидат за членство во ЕУ. Со добивањето на овој статус, на Р. Македонија ѝ се отворија широки можности (економски, финансиски, политички) за приближување до конечната цел, полноправно членство во ЕУ, но и тешки обврски за приспособување кон европските правни, економски и културни стандарди, не помалку тежок пат од оној по Бадинтеровото признавање. Од јули 2006 година одбраната на Р. Македонија е дел од мисијата на ЕУ во Босна и Херцеговина, АЛТЕА. Република Македонија има декларирано сили во Каталогот на сили на ЕУ којшто придонесе за реализацијата на целите на европската безбедносна стратегија,

главни цели за периодот 2004-2010. Покрај учеството во воениот кризен менаџмент, Република Македонија треба да развива и капацитети за учество во цивилниот кризен менаџмент и превенцијата на конфликти на Европската унија.

Заинтересираноста за безбедноста и стабилноста на РМ Европската унија ја покажа со инволвирањето во кризниот менаџмент во Македонија.

Колку оваа меѓусебна соработка ќе даде плод, започнување на преговорите за членство во Унијата, а потоа и станување полноправна членка на оваа организација, ќе зависи од двата партнера. Со решавањето на прашањето за институционалниот капацитет на Унијата, сега на ред е Македонија да покаже дека е сериозна во исполнувањето на препораките од Унијата, кои се услов за започнување на преговорите за членство.

На крајот од 2005 година се навршија десет години од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Европската унија. Токму во тој период нашата земја ја доби најголемата и највредна честитка од ЕУ- одлуката на Европскиот совет од 17 декември за доделување на статусот земја-кандидат за членство во ЕУ. Овој настан од историска важност за Република Македонија е заслужено признание за вложените напори и постигнатите резултати на патот кон остварувањето на стратегиската цел на државата – зачленување во Европската унија. Визијата којашто беше цврсто зацртана уште од првите денови на нашата независност постепено станува реалност.

Во изминатите десет години Република Македонија се легитимираше како партнер од доверба и вистински сојузник на ЕУ. Македонија не прескокна ниту една институционална етапа во развојот на односите со Унијата - почнувајќи со Спогодбата за соработка, преку Спогодба за стабилизација и асоцијација и поднесувањето на апликацијата за членство во Европската унија, до добивањето на статусот земја-кандидат за членство.

За вистинската оцена на нашите европски постигнувања, неопходно е да се имаат предвид сите аспекти на нашиот изминат пат. На тој пат, за жал, моравме да се соочиме со голем број тешкотии предизвикани од распаѓањето на поранешна Југославија и комплексните односи на Балканот, кои објективно го забавија нашето приближување кон обединета Европа.

Сепак, водена од перспективите за европска интеграција и промовирајќи ги европските вредности и стандарди, Република Македонија покажа мудрост, решителност и способност да се справи и со најтешките предизвици.

Со задоцнување од четири години, сметано од осамостојувањето, Република Македонија можеше да тргне по патот на градењето на институционалната рамка на односите со ЕУ.

[1]Врз основа на усвоените директиви на Министерскиот совет од 21 декември 1995 година, започнаа преговорите за склучување Спогодба за соработка РМ и ЕЗ и Спогодба во областа на сообраќајот. Преговорите завршија за релативно кратко време, така што спогодбите беа парафирани на 20 јуни 1996 година. Меѓутоа, и покрај определбата за брзо потпишување и нивно стапување во сила, веќе во почетокот од 1997 година дојде до одолжување на постапката, првично во ЕК, а потоа и во телата на Министерскиот совет и на Европскиот парламент.

Основната причина за ваквиот развој беше тоа што во тој период во ЕЗ почна да се осмислува политиката на регионалниот приод со познатата формула - државите од поранешна Југославија минус Словенија, но плус Албанија. Во почетокот од 1996 година ЕУ во својата стратегија на односите кон трети земји го дефинираше т.н. Регионален приод за земјите на Југоисточна Европа, а во тие рамки особено оние на поранешна Југославија. На 24 февруари 1997 година беше усвоен документ под наслов „Примена на условување во развојот на односите меѓу ЕУ и земјите опфатени со

[1] Cremona M.: *The Enlargement of the European Union,* Oxford University Press, New York, 2003

регионалниот приод" во кој повторувајќи ги принципите на условување преку воспоставување претходна меѓусебна соработка, беше направена дистинкцијата меѓу т.н. „Дејтонски држави" од една страна, и Македонија и Албанија, од друга страна. На 29 април 1997 г. Министерскиот совет на ЕУ донесе заклучоци за „Примената на условување со цел развој на кохерентна стратегија на ЕУ за односите со земјите од регионот", прецизирајќи дека концептот на условување се однесува на сите земји од Југоисточна Европа што немаат асоцијативни односи со ЕУ (БиХ, Хрватска, СРЈ, РМ и Албанија).

Интересно е да се забележи дека на истиот датум – 29 април 1997 во Луксембург – на маргините на состанокот на Министерскиот совет по речиси една година од нивното парафирање беа потпишани и двете спогодби на нашата земја со ЕЗ. Следуваше нивна експресна ратификација во Собранието на РМ, но и повторно одолжување на тој процес во Европскиот парламент.

Со цел да биде направен притисок за забрзување на ратификацијата на потпишаните спогодби, Владата на РМ во септември 1997 година го достави до ЕУ документот „Основи на стратегијата за стекнување статус на придружна членка на ЕЗ". Документот беше примен со должно внимание, но и укажување дека основа за неговото формално разгледување е влегувањето во сила и реализацијата на одредбите од Спогодбата за соработка.

Со одлуката на Министерскиот совет од 11 март 1996 година нашата земја стана редовен корисник на програмата ФАРЕ што ѝ овозможи вклучување во многубројни програми во рамките на стратегијата за помагање на транзицијата и реформските процеси во земјите од Централна и од Источна Европа. За кратко време беа изготвени проектите за националната програма, програмата „Темпус" и програмата за прекугранична соработка за 1996 година и во ЕК беа донесени одлуките за нивна финансиска реализација.

## Потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Македонија

Врз основа на воспоставените правни механизми, во текот на 1998 година беше забележано интензивирање и збогатување на билатералните односи РМ - ЕУ. Беа одржани три состаноци во рамките на политичкиот дијалог, првите состаноци на Советот за соработка и на Заедничкиот комитет за транспорт. Беше потпишан првиот Договор со Европската инвестициона банка за заем од 70 мил еки во рамките на финансискиот протокол, како и Спогодбата за трговија со текстилни производи.

Во такви услови нашата страна го насочи акцентот кон потребата од подигнување на договорните односи. Во ставовите на ЕУ во првите три месеци од 1999 година доминираа оцените дека во Спогодбата за соработка сѐ уште постојат неискористени можности, особено во доменот на економските реформи и законодавството, како и во меѓуетничките односи. Со избувнувањето на кризата во Косово и засилениот интерес на ЕУ кон регионот во целина, кон средината на 1999 година ЕУ конечно ја донесе политичката одлука за подигнување на договорните односи со нашата земја на ниво на асоцијација.

На вториот состанок на Советот за соработка РМ-ЕЗ (Брисел, 5.3.1999) во заедничката изјава се констатира дека „врз основа на остварените позитивни резултати и еволутивната клаузула, договорените идни заеднички активности за интензивирање и зајакнување на билатералната соработка можат да придонесат за брзо постигнување на нивото на договорните односи кон Спогодба за асоцијација“. Во почетокот на април Министерскиот совет заклучи да ја покани ЕК да подготви извештај во рамките на регионалниот приод за подигнување на договорните односи ЕУ- РМ, вклучувајќи ја и опцијата на Спогодба за асоцијација.

Имајќи предвид дека концептот на регионалниот приод од 1997 година не даваше можности за развој на повисоко ниво на институционални односи на ЕЗ со земјите од Западен Балкан, а што во практика почна да се

остварува со Република Македонија, ЕЗ разработи и дефинираше нов концепт. Поаѓајќи од потребата да се поттикнат процесите на стабилизација во регионот како неопходен услов за негово поголемо приближување кон европските структури, го усвои документот „Процес на стабилизација и асоцијација за земјите на ЈИЕ", со кој, всушност, беа опфатени истите пет земји од Регионалниот приод на ЕУ - Македонија, Албанија, БиХ, Србија, Црна Гора и Хрватска. Целта на ПСА е давање суштествен придонес на ЕУ за трајна стабилизација на Балканот, на среднорочен и долгорочен план, со воспоставување асоцијација што ќе ја отвори перспективата за поблиско приближување на овие земји кон ЕУ. Нагласено е дека воспоставувањето регионална соработка меѓу петте земји е неопходен услов, но, сепак, земјите ќе бидат вреднувани индивидуално согласно со нивните специфики и постигнати резултати.

На истиот состанок беше нотирана и намерата на ЕК да презентира Студија за оправданост за склучување нов вид Спогодба за стабилизација и асоцијација со Република Македонија. На состанокот на 19.7.1999 година е донесен заклучок со кој Советот се согласи со оцената на Комисијата дека би било оправдано отворање преговори за Спогодба за стабилизација и асоцијација со РМ. Препораките за преговарачки директиви за склучување на ССА беа донесени на последниот состанок на ЕК во стариот состав при што ЕК нагласи дека ССА РМ – ЕУ е израз на заемните потреби и интересите на двете страни и дека овој тип спогодби со земјите од регионот е составен дел на заедничката стратегија на ЕУ за Западен Балкан.

Преговорите за склучување на Спогодбата и нејзината финализација беа несомнено најзначајниот настан во текот на целата 2000 година. По усвојувањето на мандатот од страна на МС на ЕУ во јануари, преговорите беа и официјално отворени во Скопје во почетокот на март. Преговорите се одвиваа во конструктивна атмосфера, со уважување на позициите на двете страни и видливи напори за изнаоѓање заемно прифатливи решенија. Одреден број области беа усогласени релативно брзо, но позициите на двете страни позначајни одредби останаа отворени сè до последната фаза. Текстот

на Преамбулата заедно со еволутивната клаузула беше предаден од страна на ЕК пред крајот на преговорите и се разгледа на последната официјална рунда во Скопје. Во еволутивната клаузула се потсетува на подготвеноста на на ЕУ за интегрирање на РМ во политичките и во економските текови на Европа до најголема можна мера и на нејзиниот статус на потенцијален кандидат за членство во ЕУ врз основа на Договорот за ЕУ и исполнување на критериумите од Самитот на ЕУ од јуни 1993, зависно од успешната реализација на оваа Спогодба, а особено во однос на регионалната соработка.

[1]Спогодба за стабилизација и асоцијација РМ - ЕУ беше парафирана на маргините на загрепскиот Самит на 24 ноември 2000 година. Официјално беше потпишана на 9 април 2001 година во Луксембург, четири години по потпишувањето на Спогодбата за соработка. Голема заслуга за брзото потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во услови кога конфликтот во Македонија стануваше сè поизвесен и кога кај одреден број земји-членки на ЕУ се појавија сериозни отпори во поглед на потребата да Спогодбата за стабилизација и асоцијација биде потпишана во таков момент, имаше тогашното шведско претседателство со ЕУ. Едновремено со Спогодбата за стабилизација и асоцијација беше потпишана и Привремената спогодба, која се однесува исклучиво на трговската соработка и која стапи во сила веќе на 1 јуни 2001 година. Спогодбата за стабилизација и асоцијација со својот т.н. мешовит карактер требаше да помине низ процес на ратификација во ЕП и во националните парламенти на земјите-членки на ЕУ. Собранието на РМ и ЕП мошне брзо ја ратификуваа Спогодбата за стабилизација и асоцијација уште во април и во мај 2001 година. Но, постапката во националните парламенти беше завршена дури во почетокот од 2004 година со што се создадоа услови Спогодбата за стабилизација и асоцијација да влезе во сила на 1 април 2004 година.

---

[1] Commision of the European Communities: *Report from the Commision: The Stabilisation and Association process for South East Europe,* Third Annual Report, Brussels, 2004

Спогодбата за стабилизација и асоцијација, практично, е комплексен правно-обврзувачки акт со кој врз основа на асиметричен принцип се регулираат трговските односи меѓу двете страни во транзициски период од десет години со крајна цел воспоставување зона на слободна трговија. Со спогодбата се утврдуваат принципите на односите и соработката во многубројни области - движење на работници, основање претпријатија, давање услуги, капитал, приближување на законодавството и спроведување на законите, правда и внатрешни работи, финансиска соработка и др. Мошне важен сегмент е политичкиот дијалог и регионалната соработка. На институционален план се воспоставуваат Совет за стабилизација и асоцијација, кој се грижи за соработката во разните области опфатени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, и Заеднички парламентарен комитет, задолжен за соработката меѓу Собранието на РМ и ЕП. Овие тела досега одржаа по два состанока.

Две години по стапувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација можеше да се заклучи дека, генерално, успешно се спроведуваат договорните обврски, а што сигурно влијаеше и врз забрзувањето на процесот на интеграцијата на нашата земја во ЕУ. Од друга страна, би требало да се има предвид дека се воочени и определени слабости и недоследности во спроведувањето на некои нејзини делови, а за што ЕК упати и соодветни забелешки.

Во рамките на договорните односи треба да се посочат и неколку протоколи, кои, всушност, се составен дел на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Станува збор за Протоколот за проширувањето на ЕУ со кој Спогодбата за стабилизација и асоцијација ги опфати десетте нови земји-членки на ЕУ. Дополнителниот протокол за вино, алкохолни и ароматизирани пијалаци. Протоколот за Рамковната спогодба меѓу РМ и ЕЗ за генералните принципи за учество на РМ во програмите на Заедницата, како и протоколот за извоз на шеќер и шеќерни производи со потекло од РМ во ЕУ.

Исто така, важен дел од договорната рамка се и Спогодбата за безбедносни процедури за размена на класифицирани информации, како и неколку спогодби од мултилатерален карактер, како што се Договорот за формирање Енергетска заедница меѓу ЕЗ и ЈИЕ, Спогодбата меѓу РМ и ЕЗ за определени аспекти на воздушниот сообраќај и Мултилатералната спогодба меѓу ЕЗ и ЈИЕ за воспоставување Заедничка европска воздухопловна зона.

Во функција на поддршката на имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, односно Привремената спогодба, во 2000 година беше донесена и соодветна регулатива со која ЕУ ги утврди принципите, целите и модалитетите на финансиската помош за земјите од Западен Балкан. Станува збор за програмата КАРДС со која беа дефинирани две компоненти на помошта - национална и регионална. Македонија како земја од Привремената спогодба веднаш беше вклучена во активностите предвидени со КАРДС и веќе кон крајот на 2001 година беше договорена првата национална програма. Покрај стандардните области, значителен дел беше насочен и кон поддршка на спроведувањето на Рамковниот договор. Годишната финансиска помош за 2005 година изнесува 34,5 милиони евра, а неодамна ЕК одобри и дополнителни 6 милиони евра за реформите во полицијата. Важен сегмент во односите меѓу двете страни е Регулативата на ЕУ од септември 2000 година за воведување автономни преференцијални трговски мерки со кои се опфатени Македонија и останатите четири земји од Привремената спогодба. Со овие мерки, практично, за сите производи со потекло од Македонија е обезбеден извоз без царини и без квантитативни ограничувања во земјите-членки на ЕУ.

Значи, по процесот на преговори што траеше повеќе од две години, во Луксембург беше потпишана Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Македонија со ЕУ на 9 април 2001 година при една специјална церемонија на маргините на Советот за општи задачи. Секако, беше потпишана и Привремената спогодба, која ги покрива трговските прашања. Ова беше еден случај со големо политичко значење, кој одбележува важен чекор во

процесот на воспоставување поблиски односи со државите на Западен Балкан.

[1]Република Македонија беше првата држава со која преговорите за Спогодбата за стабилизација и асоцијација завршија успешно и Спогодбата беше потпишана и на формален начин. Советот на 2 јануари 2000 година ги усвои директивите за преговарање со Комисијата во согласност со одредбите на член 300 од Договорот за ЕУ. Потоа преговорите се префрлија од Комисијата во Скопје на 5 март 2000 година следејќи со три рунди преговори, Спогодбата за стабилизација и асоцијација беше иницирана на маргините на Самитот во Загреб на 24 ноември 2000 година.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Република Македонија е поделена на секции и се фокусираа на следниве главни елементи:

- Основањето асоцијација меѓу ЕУ и нејзините државни- членки од една страна, и Република Македонија, од друга страна, во еден транзициски период од максимум десет години;
- Почитувањето на мирот и меѓународната стабилност, развојот на добрите односи со соседите, демократските начела и правата на човекот, правата на малцинствата, начелата на меѓународното право и владеење на правото;
- Опфаќање на политичкиот дијалог со Република Македонија;
- Одредбите за проширена регионална соработка, опфаќајќи ја перспективата за основање слободни економски зони меѓу државите од регионот;
- Перспективата за основање слободна трговска зона меѓу Заедницата и Република Македонија во рок од десет години по влегувањето во сила на Спогодбата;

[1] Commision of the European Communities: *Report from the Commision: The Stabilisation and Association process for South East Europe,* Third Annual Report, Brussels, 2004

- Одредбите за движење на работниците, слободата на основање и давање услуги, актуелните плаќања и движењето на капиталот;
- Определбата на РМ за приближување на нејзината легислатива со онаа на ЕУ, особено во основните сфери на внатрешниот пазар;
- Одредбите за соработка на РМ на еден поширок ранг на полиња, опфаќајќи ги правдата и внатрешните работи;
- Одредбите за основање Совет за асоцијација и стабилизација, кој ќе ја надгледува имплементацијата на Спогодбата, Комитет за стабилизација и асоцијација и Парламентарен комитет за асоцијација и стабилизација.

Политичката важност на Спогодбата е многу голема бидејќи таа ѝ доделува на Македонија статус на потенцијален кандидат и така ја отвора можноста за иден прием во ЕУ. Ова е искажано експлицитно во нејзината преамбула, која повикува на спремноста на ЕУ да ја интегрира РМ во политичката и економската заедница на Европа и нејзиниот статус како потенцијален кандидат за членство во ЕУ врз основа на Договорот за ЕУ и исполнувањето на критериумите дефинирани од страна на Европскиот совет на Самитот во Копенхаген во јуни 1993 година, што претставува прашање на успешна имплементација на оваа Спогодба, особено во однос на регионалната соработка.

Финалната цел на стабилноста и регионалната интеграција, како и почитувањето на основните права на малцинствата, го претставуваат базаментот на Спогодбата и се предвидени во Преамбулата како едно од основните начела на Спогодбата.

На 9 април во Луксембург беше потпишана Привремената спогодба меѓу ЕУ и Македонија којашто влезе во сила на 1 јуни 2001 година.

Со Привремената спогодба страните дозволуваат прашањата на пазарот од Спогодбата за стабилизација и асоцијација да влезат во сила на 1 јуни 2001 без неопходноста да се очекува формална ратификација од страна на националните парламенти на државите-членки на ЕУ. Концесијата со повластици на гарантираниот пазар за РМ предвидено со Уредбата на

Советот 2007/2000, изменета со Уредбата на Советот 2563/2000 ќе продолжат да се применуваат паралелно со Привремената спогодба.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу ЕУ и РМ влезе во сила на 1 април 2004 година, донесувајќи ја на овој начин земјата поблиску на патот кон европските интеграции. Ова беше прва спогодбаа што влезе во сила. Сега Спогодбата ги обврзува страните да работат и натаму на политичката, економската и институционалната стабилност на земјата, институционалната надградба и реформите во јавната администрација, проширената трговска и економска соработка, приближувањето на легислативата со правниот критериум на ЕУ и поцврста соработка во правдата и внатрешните работи.

Целосната имплементација на Спогодбата, исто така, ќе создаде нова клима за развој на трговијата и инвестициите, кои се круцијални фактори за економска реконструкција и за модернизација на земјата.

Иако спречена од буџетската и економска состојба, Република Македонија направи напори за да го води напред процесот на стабилизација и асоцијација. Во повеќе полиња процесот на реформи е уште на почеток и ќе треба да се направат дополнителни напори и конкретни промени за да се постигнат очекуваните бенефиции.

Консолидирањето на стабилноста бара од владата целосно да го имплементира Охридскиот договор и да го зајакне владеењето на правото, како и посветувањето одговорност кон целокупната популација.

Сè уште остануваат нови предизвици, особено реформите во безбедносниот сектор. Интерпретацијата на реформите, исто така, ќе бара зајакнување на административниот капацитет, трансформирајќи ја јавната администрација на модерен и некорумпиран јавен сервис. Судскиот систем, исто така, треба да биде реформиран во поголемиот дел.

Република Македонија беше успешна во одржувањето стабилна макроекономска рамка и ѝ се приклучи на Светската трговска организација. Сепак, економската состојба, особено сериозните слабости во

функционирањето на економијата претставуваат голем предизвик за успешната транзиција на државата.

Македонија ги презема сите потребни мерки за исполнување на критериумите за членство во ЕУ. Има голем напредок во имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и во исполнувањето на поставените услови од страна на Европската комисија.

На сите треба да ни е јасно дека ако сакаме еден ден да бидеме членки на обединета Европа, тогаш треба повеќе да работиме во оваа насока. Особено сите политичари во Македонија, но и граѓаните треба да разберат дека иднината на оваа држава е во нивни раце.

## Кон заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската заедница

Кога во февруари 2001 година во северниот дел на Македонија се појавија вооружени албански групи и кога само неколку недели потоа дојде до меѓусебен конфликт, се чинеше дека војната на Балканот одново се разгорува. По Словенија, Хрватска, Босна и Косово, се стравуваше дека во Македонија претстои следно распламтување на оружјето. На меѓународната заедница дури тогаш ѝ стана јасно дека под површината на оваа наизглед „држава за пример“, која мирољубиво истапи од границите на некогашна Југославија, врие. Длабок ров се избразди меѓу мнозинството Македонци и албанското етничко малцинство, кое се чувствуваше политички и културно запоставено. Владата и Собранието на Р.Македонија не беа во состојба да ги совладаат проблемите преку одговорна и совесна политика. Неколку месеци светот стравуваше, но најлошото не се случи. Меѓународната заедница веќе ја имаше научено својата лекција, така што овојпат навреме презеде мерки. НАТО, ОБСЕ и САД учествуваа во раководењето на кризата, што првпат на Балканот од самиот почеток беше под раководство на Европската унија. Совладувањето на конфликтот во Македонија е прв пример на успешна заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ. За секојдневно

раководење со кризата, земјите-членки на ЕУ му одредија мандат на високиот претставник Хавиер Солана. Тие беа едногласни во своите потези, а и ги поддржуваа поставените специјални претставници на ЕУ во натамошниот тек на кризата. Исто така, и тесната и доверлива соработка меѓу Хавиер Солана и Крис Патен - член на Европската комисија задолжен за надворешни врски, како и соработката меѓу тимовите во Скопје и во Брисел придонесоа да се спречи ескалација на конфликтот и да се изнајдат долгорочни решенија за причините за меѓуетничките тензии во Македонија. Сепак, суштински удел во релативно мирниот излез од кризата имаше Хавиер Солана, пред сѐ, нему му успеа да искова голема коалиција од сите важни партии од двата табора, кои потоа повторно под негов притисок го склучија т.н. Рамковен договор, кој ги содржеше сите значајни елементи за балансирање на затегнатостите. Имплементацијата на Охридскиот договор и до ден денес е макотрпен политички процес. ЕУ и другите актери на меѓународната заедница мора и натаму да останат присутни и постојано да посредуваат. Сепак, барем засега не треба повеќе да стравува од избивањето нова балканска војна.

[1]Во европскиот интеграциски процес во изминатите децении, надворешната и безбедносна политика не беа на преден план. Залудниот обид кон средината на педесеттите години да се создаде европска одбранбена заедница, појасни дека во оваа суштинска област на националниот суверенитет, европските држави сѐ уште не беа подготвени за интеграција. До почетокот на деведесеттите години мали беа чекорите што достигаа до заедничка надворешна и безбедносна политика, која го заслужуваше тоа име. Дури преку укинувањето на несогласувањата меѓу Истокот и Западот, преку промената на законувачкиот потенцијал и, пред сѐ, преку соодветниот развој на политичката волја на дванаесетте, а подоцна на

[1] Mintchev E.: *South Eastern Europe at the beginning of the 21$^{st}$ century, new dangers, new strategies, new perspectives,* Discussion Paper C 82 2001, Center for European Studies, Rheinische Fridrich-Wilhelms-Universitat Bonn, Bonn, 2001

петнаесетте земји на ЕУ, се овозможи кон крајот на минатото десетлетие создавање на неопходните претпоставки за создавање вистинска ЗНБП. Мастрихт, Амстердам, Келн, Хелсинки, Ница и Лејкен беа најважните постојки, кои Европскиот совет на овој пат ги помина. На секоја од овие станици беше вклопувана по една натамошна плочка во мозаикот што се создаваше. Земјите-членки на Европската унија постепено осознаваа дека националниот суверенитет во надворешната и безбедносната политика претставува голема вредност, но со него во практика само малку се постигнува. Во денешниот глобализиран свет и со оглед на големината на проблемите со кои е соочена меѓународната заедница, се издигна свеста за тоа дека европските национални држави не се повеќе во состојба самостојно да ги спроведуваат своите интереси. Ова сознание, до кое на полето на стопанската и вредносната политика се дојде пред подолго време и кое, меѓу другото, доведе до ударна европска трговска политика, а и до вредносна Унија со еврото, сега полека си го пробива својот пат и во областа на надворешната и на безбедносната политика.

Ирачката криза, секако, покажува дека во овој развиток може да дојде и до повратни дејства. Исходот од овој пад ги покажува истовремено и границите на дејствувањето на националните држави. Со тоа што земјите-членки на ЕУ застапуваат различни ставови и не се едногласни во своите потези, се намалува нивната важност и политиката што ја водат на крај останува без големо влијание. Се создава надеж дека овој резултат најпосле придонесува да се зајакне сознанието за неопходноста од ЗНБП. Во споредба со одговорните политичари, граѓаните се многу понапредни во своите размислувања. Анкетите постојано докажуваат дека повеќе од две третини од населението во земјите-членки на ЕУ се за поцврста интеграција на полето на надворешната и безбедносната политика. Граѓаните спознале дека мирот и слободата во светот, безбедноста, правдата и почитувањето на човековите права не можат да бидат загарантирани преку одделни држави и дека е потребно сплотување на силите за да може гласот на ЕУ и на нејзините земји-членки да биде слушнат и почитуван во светот.

Поинаку отколку во минатото, денес и ЗНБП стои во центарот на напорите за реформа на Европската унија. За неа од посебно значење се следниве теми:

1. Надворешното застапување на Унијата треба да соодветствува на денешните состојби и потреби.
2. За поефективна ЗНБП се потребни мнозински одлуки, право на иницијатива за високиот претставник, кој би требало да ја добие и раководната функција во Советот.
3. На располагање треба да бидат дадени доволна кадровска опременост и неопходна инфраструктура.
4. Мора да бидат постигнати институционални и материјални претпоставки за делотворна ЗНБП.

Притоа средствата и инструментите со кои се служат земјите-членки, Комисијата и високиот претставник треба да се сплотат колку што е можно повеќе. Најпосле, кај ЗНБП и станува збор за една поцврста интеграција.

Европската унија, пак, при случувањата на Балканот во последните години, наполно покажа дека е волна и способна да говори со еден глас. Македонија е пример за европска политика, излеана од еден калап. Какви поуки може да се извлечат од тоа? Претседателството и земјите-членки го овластија високиот претставник за раководење со кризата, давајќи му ја потребната доверба и неопходната флексибилност. Во критичната фаза од конфликтот во Македонија, Хавиер Солана речиси неделно го посетуваше Скопје. За секој министер за надворешни работи на земјата – претседавач со ЕУ или за министер за надворешни работи на друга земја-членка на ЕУ, тоа не би било изводливо. Сите тие се членови на некоја влада, задолжени се да бидат присутни на седниците на владите и на парламентите на своите национални држави, да се ангажираат во сопствените партии итн... Ќе беше сосема бесмислено доколку среде кризата се сменеше одговорниот преговарач за Европската униј, само затоа што е 1 јули или 1 јануари – термини во кои доаѓа до промена на претседавачот со ЕУ.

Значи, за успешно раководење со криза, потребен е континуитет, се бараат авторитет и искуство. Најпосле, барем во ЗНБП мора да биде поставено прашањето дали надворешното претставување на Унијата преку претседателството сè уште може да одговара на барањата што ѝ се поставуваат на ЕУ како на глобален актер.

## Отворање на Алијансата за нови членки

Членството во НАТО е отворено за сите европски земји. Член 10 од Вашингтонскиот договор дозволува постојните членки да ја поканат „секоја европска земја што е во позиција да ги унапреди принципите на овој договор и да придонесе за безбедноста на северноатлантската област“ да стане членка на НАТО. Почнувајќи од 12-те земји-основачи на НАТО, во петте круга на проширување бројот на земјите-членки се зголеми на 27.

Вратата на НАТО и натаму останува отворена. Во последниот круг на проширување (во Букурешт 2008) членки на НАТО станаа Албанија и Хрватска, а Македонија доби вето од страна на Грција и остана да се надева дека во блиска иднина ќе биде повторно поканета да се приклучи кон Алијансата. Целта на секој круг на проширување е да се прошири евроатлантската безбедност и да се зголемат моќта, кохезијата и виталноста на НАТО, а притоа проширувањето не е насочено против безбедносните интереси на кои било трети земји.

[1]Секој круг на проширување помогна во проширувањето на безбедноста и стабилноста во Европа и во зараснување на раните на континентот, којшто претрпе две војни во првата половина од 20 век, а потоа

[1] Cremona M.: *The Enlargement of the European Union,* Oxford University Press, New York, 2003

четириесет години беше поделен со железната завеса. Грција и Турција беа примени во 1952 година. Во 1955, само десет години по завршувањето на Втората светска војна, кон Алијансата се приклучи и Сојузна Република Германија, цврсто интегрирајќи ја земјата со Западот и поставувајќи ги условите за конечното обединување на Германија. По мошне жестока дебата во политичките кругови, во 1982 се приклучи и Шпанија, иако остана надвор од интегрираната воена структура на Алијансата сè до 1998 година. Одлуката којашто беше донесена на Самитот во Мадрид 1997 година – да се поканат Чешка, Унгарија и Полска да ги започнат преговорите за приклучување кон НАТО – претставуваше важен чекор за надминување на поделбите од студената војна, со покана поранешните непријатели од Варшавскиот пакт да ѝ се придружат на Алијансата.

Првиот круг на проширување по студената војна не претставуваше неминовен резултат, а одлуката требаше да биде донесена едногласно од сите земји-членки. Многу се размислуваше во врска со зачувувањето на способноста на Алијансата да носи одлуки со консензус и да обезбеди дека проширувањето ќе ја зајакне европската безбедност. Студијата за проширување на НАТО, нарачана во 1994 година и објавена една година подоцна, заклучи дека примањето нови членки и политичките, воените и економските импликации од проширувањето ќе ја унапредат основната цел на Алијансата – унапредување на безбедноста и проширување на стабилноста во целата евроатлантска област. Паралелно со ова, развивањето на односите на Алијансата со Русија, Украина и со другите партнерски земји би било во интерес на цела Европа.

Клучно прашање во размислувањата за овој круг на проширување по завршувањето на студената војна, беше како да се поправи ставот на Русија кон Алијансата, како воен блок што е непријателски настроен во однос на руските интереси. Сојузниците се согласија дека Русија значително придонесе за европската стабилност и безбедност и признаа дека она што ги загрижуваше во однос на процесот на проширувањето требаше да се

разгледа. Во секој случај, мораше да се почитува правото на секоја независна европска држава да бара сопствени безбедносни аранжмани и да припаѓа на одредени меѓународни организации. Пред објавувањето на поканите на Самитот во Мадрид, НАТО се обидуваше да го консолидира и да го институционализира својот дијалог со Русија преку Основачкиот акт од 1997 година и ја повтори својата заложба да не распоредува нуклеарно оружје или странски трупи на територијата на новите членки.

Врз основа на препораките од Студијата за проширувањето на НАТО и следејќи го интензивираниот индивидуален дијалог со заинтересираните земји-партнери и широките консултации меѓу сојузниците, Чешка, Унгарија и Полска беа поканети да ги започнат преговорите за пристапување во 1997 година, а на 12 март 1999 година и официјално станаа членки на Алијансата.

Неколку земји беа разочарани затоа што не беа вклучени во првиот круг на проширувањето по студената војна, но членките на НАТО нагласија дека Алијансата ќе остане отворена и за другите земји што ќе сакаат да се приклучат во иднина. На Вашингтонскиот самит во април 1999 година, сојузниците го иницираа Акциониот план за членство, со цел да им помогнат на земјите-кандидати во подготовките за идно членство во Алијансата. Седум од првите учесници во Акциониот план за членство - Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка, Словенија и Македонија, учествуваат од самиот почеток. Во мај 2002 година им се приклучи и Хрватска. Седум од овие земји станаа членки во 2002 година.

По долга серија консултации со седумте земји, сојузниците потпишаа протоколи за приклучување на седумте поканети земји во март 2003. Откако овие протоколи беа ратификувани во сите земји-членки, во согласност со нивните почитувани национални и парламентарни процедури, седумте нови членки беа во можност да се приклучат кон основачкиот договор на НАТО на 29 март 2004 година. Од новите членки се очекува да постигнат напредок во однос на заложбите за важните реформи, особено во областа на одбраната.

Акциониот план за членство започна во 1999 година врз основа на искуствата од првиот круг на проширувањето по студената војна. Акциониот план за членство им помага на земјите-аспиранти за членство во Алијансата во нивните подготовки за членство во НАТО.

За да станат член на НАТО, аспирантите мора да демонстрираат демократски, политички систем и пазарно стопанство што функционира, почитување на луѓето што припаѓаат на националните малцинства во согласност со стандардите на ОБСЕ, решавање на сите постојни несогласувања со соседите и заложба за мирно решавање на несогласувањата воопшто, способност и волја воено да се поддржи Алијансата и да се постигне интерперабилност со силите на другите членки и правилно функционирање на цивилно-воените односи во согласност со демократските стандарди.

Учеството во Акциониот план за членство не гарантира идно членство. Меѓутоа, тоа им овозможува на сите засегнати земји да ги фокусираат своите подготовки на целите и на приоритетите зацртани во планот и да добијат специјалистичка помош и процени од страна на НАТО. Овие ги покриваат сите аспекти на членството, вклучувајќи ги и политичките, економските, одбранбените, ресурсните, информативните, безбедносните и правните услови.

Секоја земја-учесник ги избира елементите од Акциониот план за членство коишто најдобро одговараат на нејзините потреби и ги воспоставува своите цели и својот план. Учеството во самото партнерство за мир, а особено во процесот за планирање и анализа, претставува интегрален дел на процесот бидејќи им дозволува на земјите-кандидати да развијат сили и структури на силите коишто се подготвени да дејствуваат со силите на Алијансата. Се одржуваат редовни состаноци за анализа заедно со сојузниците, со цел да се следи напредокот и да се осигури дека се обезбедуваат совети и повратни информации. Северноатлантскиот совет постојано ја следи имплементацијата на Акциониот план за членство.

## ПОЛНОПРАВНОТО ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ КАКО ФАКТОР ЗА ДОЛГОРОЧНА СТАБИЛНОСТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

Досегашниот развоен пат на ЕУ беше исполнет со многубројни предизвици, перманентни усогласувања и балансирања на спротивностите, разликите и интересите на земјите вградени во континуираниот процес на интеграција и проширување. Иницијалниот интеграциски импулс даден со формирањето на царинската унија на шесте земји-основачи по периодот на стагнација во 70-тите години од минатиот век, се интензивира и се засилува со донесувањето на единствениот европски акт и развојот на внатрешниот пазар. Натамошната експанзија и динамика на функционално усогласување и продлабочување на интеграцијата продолжува со Договорот од Мастрихт и формирањето на монетарната унија, проширувањето на соработката во областа на надворешната и безбедносната политика, како и во областа на правдата и внатрешните работи. Меѓутоа, се очекуваше тој да кулминира со донесувањето на Европскиот устав и со исцртувањето на федерациските контури на Унијата. ЕУ нема јасна визија и целосно изграден долгорочен концепт за насоките на својата трансформација. Нејзиниот исчекор кон иднината е недефиниран и неизвесен. Таа застана на развојниот крстопат обидувајќи се да ги согледа опциите и да ги оцени можностите за перспективната траекторија на промените. Во овој контекст како централно се наметнува прашањето околу проширувањето, што сè повеќе ја бранува ЕУ, провоцирајќи полемики и анализи во однос на неговата одржливост. На европската сцена сè поприсутен е скептицизмот за успешно продолжување на овој процес. Аргументите на евроскептиците говорат дека проширувањето значајно ги ослободува интеграциските процеси и претставува битна причина за проблемите со коишто денес се соочува ЕУ. Имено, секое проширување имплицираше зголемување на диверзифицираност на економските структури, регионалниот развој и вредносниот систем. Исто така, сериозни забелешки се упатуваат на функционирањето на институциите на ЕУ, кои, главно, се обвинуваат за цетрализам, демократски дефицит и недостаток на транспарентност. Неуспешниот обид за зајакнување на нормативниот и демократскиот легитимитет на ЕУ преку референдумското отфрлање на Уставот од страна

на Франција и Холандија само ги надополнува претходните аргументи. Освен тоа, сè поизразен е интензитетот на јавното мислење во однос на проширувањето. Јавната поддршка на европската интеграција во последниве неколку години забележува нагласен дивергентен тренд. Опаѓањето особено е изразено кај јавното мислење во Франција и во Германија, двете земји што традиционално се носечки столбови на регионалната интеграција, но исто така е присутен и кај другите земји, како што се Австрија, Холандија, Луксембург.

Денес границите на ЕУ сè уште не се дефинирани ниту територијално, ниту институционално, ниту функционално. Постојните истражувања ги наметнуваат дилемите во однос на насоките на определувањето на географските, функционалните и вредносните граници на ЕУ: дали тие треба да бидат конечни, дефинирани или флексибилни? Заснована врз високи хуманистички начела за промовирање на мирот, економскиот напредок и заедничките вредности, ЕУ е особено атрактивен интеграциски ентитет во однос на кој голем број земји изразуваат отворени аспирации за членство. За нив тоа претставува инвестирање во развој на демократијата, сигурноста и просперитетот. Бугарија и Романија ја обезбедија својата иднина како земји-членки на ЕУ. Перспективите за проширување на ЕУ кон земјите на Југоисточна Европа и Турција, исто така, сè појасно се исцртуваат на хоризонтот, навестувајќи го следниот бран на проширување. Ставот на Европскиот совет од Самитот во Солун многу јасно ја изразува ваквата определба. Притоа се потенцира дека одржувањето на мирот, стабилноста и напредокот на Европа не може да се очекува без вклучување на нејзиниот југоисточен дел во процесите на економски раст и демократски развој. Така, според определени процени, приемот на земјите од Југоисточна Европа можеби ќе претставува финализација на европската интеграција во рамките на ЕУ – процес што би требало да се реализира во еден релативно подолг временски период на економски, политички и културни усогласувања и развој, односно исполнување на стандардите и критериумите за членство во ЕУ. Меѓутоа, во реториката на евроскептиците

за дел од овие земји постои сомневање дека тие можат да ги исполнат во целост критериумите за членство, па сè повеќе се диференцира нова синтагма „привилегирано партнерство" со којашто се настојува ЕУ да се „дистанцира од проширувањето". Оттука, сè поизвесно станува дека досегашниот модел на проширување ги исцрпува последните потенцијали во однос на постигнувањето усогласено и компатибилно функционирање на интеграцијата. Во еден ваков контекст сè повеќе се кристализира ставот дека ЕУ нема неограничен апсорпциски капацитет. Меѓутоа, „затворањето" на ЕУ за нови членства создава несигурност во опкружувањето и страв од маргинализација и исклучување од динамиката на развојните процеси во Европа. Несомнено, неопходно е да се воспостават нови координати во односите со опкружувањето и да се дефинира новата матрица на односите во рамките на ЕУ.

Сепак, различните опции за перспективниот развој на Унијата несомнено потврдуваат дека новата ЕУ ќе се диференцира од старата според тоа што ќе се редуцира нејзината хомогеност, а ќе се зголемува диверзификацијата. Соочувајќи се со обемот и интензитетот на овие предизвици, ЕУ ќе мора внимателно да ја одмерува релевантноста и да воспоставува рамнотежа на своите стратегиски цели: рационализација на нејзините структури и функции, процесот на проширување и подобрување на глобалната конкурентност. Оттука, се смета дека во своето перспективно дејствување, Унијата и натаму треба да го темели својот легитимитет врз заемно почитување на дивергентните идентитети и усогласување на различностите.

## Проширување

Искуството на ЕУ со Балканот ги истакна проблемите на проширувањето, како и недостатокот на способноста на ЕУ да дејствува, на нкој начин, во невообичаени околности.

Проблемот со проширувањето е во тоа што не може лесно да се примени во земјите или регионите што се зависни од ЕУ, но се на многу различно ниво на развој. Со други зборови, процесот на проширување не се покажа како замена или барем како дополнување на развојната политика.

ЕУ стана свесна за овој проблем и ја започна Програмата на заедницата за помош што треба да им помогне на балканските земји во своите напори за реконструкција на развојот. Програмата треба да донесе пари како поддршка за Акциониот план за членство што е главниот инструмент на ЕУ за поддршка на регионалната соработка и на интеграцијата со ЕУ. Во октомври 2001 г. ЕУ пушти документ за регионална стратегија што треба да биде поддржан со државни документи за стратегија и тежнее првенствено и јасно кон прашања од регионална важност.

Сепак, ЕУ не го најде вистинскиот начин за да се вмеша на позитивен начин во јавната агенда на земјите што се економски интегрирани во ЕУ, но кои имаат политички проблеми или во нивниот регион или со ЕУ или можеби и двете. Балканските земји ги манифестираат овие карактеристики, иако не сите во иста мера, а ЕУ сè уште не пронашла начин за да го зацврсти развојот на нивната јавна агенда во процесот на зачленувањето.

Акциониот план за членство треба да се осврне на ова прашање преку потпишување договори за асоцијација и преку засилен мониторинг од ЕУ, на некој начин сличен со мониторингот што се применува за земјите-кандидати од Централна Европа. Акциониот план за членство моментално е на почетокот бидејќи Македонија го потпиша Договорот во април 2001 г., а процесот на ратификација е бавен поради влошената безбедносна ситуација во земјата, додека, пак, Хрватска го потпиша својот договор кон крајот на октомври.

Проблемот[1] е што ЕУ има само еден инструмент – нејзината понуда за интеграција, но тоа не мора да значи дека тој ефективно функционира врз безбедноста и врз длабоките уставни проблеми, така што постои разидување меѓу целите и инструментите. Економскиот напредок не повлекува неопходни и политички промени.

Сето тоа е влошено од фактот дека меѓународната заедница, со значителен придонес од ЕУ, ги помагаше во итни случаи нестандардните и слаби политички структури што не работат добро ниту како агенции за транзиција ниту за политичка реформа и интеграција. Ова е клучниот проблем, а не се направи многу во таа област. Во овој момент, сепак, не е јасно каква може да биде таа стратегија. Бидејќи безбедноста е еден од главните проблеми на Балканот, ЕУ прифати регионален пристап бидејќи процесот на интегрирање и проширување е билатерален. Ова, исто така, е причината зошто Пактот за стабилност не ги исполни очекувањата: не го пронајде вистинскиот инструмент за да направи промени во регионот. Дилемата меѓу билатеризмот и мултилатеризмот ќе биде решена, најверојатно, во прилог на билатералниот пристап. Ќе се забрзаат регионалната интеграција и соработката, но вистинската моќ на пристапот е во билатералните преговори и таму ќе биде вистинскиот акцент. Ова е на некој начин несреќна околност бидејќи најверојатно најдобриот резултат досега произлезе од храбрата одлука на ЕУ да ги подигне поголемиот дел од тарифните и нетарифните бариери за извоз од Западен Балкан, што ги натера овие земји подоцна да потпишат мултилатерален договор во рамките на Пактот за стабилност за да ја либерализираат трговијата низ регионот. Ваквите видови иницијативи и политики од ЕУ не се многу пожелни, но најверојатно ќе бидат засенети од билатералниот процес за асоцијација и интеграција.

---

[1] Cremona M.: *The Enlargement of the European Union*, Oxford University Press, New York, 2003

На крај, процесот на проширување зависи од постоењето политичка волја од двете страни, од онаа на ЕУ и од онаа на идните земји или региони-членови. И двете страни може да не успеат да опстанат или може да бидат слаби. Можеби нема да постои начин да се зајакнат бидејќи перспективата може да биде премногу далечна за да промени нешто и придобивките може да бидат премногу мали за да предизвикаат доволно интерес.

Многу малку може да се направи во овој поглед сега бидејќи балканските земји беа принудени на еден пobaвен процес на проширување и на тој начин се подалеку од датумот на влегување, што игра решавачка улога во внатрешниот политички процес.

Можат да се најдат начини за да се поправи тоа, но не е јасно што може да биде тоа во овој момент. Како заклучок, може да се каже дека ЕУ научи од своите неуспеси на Балканот. Но, ситуацијата што се појави оневозможи некои брзи поправки. Така, на Балканот му претстои долг и мачен пат до Европа.

По трагичните настани од изминатата деценија, поголемиот број земји од Западен Балкан сè уште се соочуваат со големата потреба за крупни политички, економски и општествени реформи, а ЕУ е единствената идеја што го придвижува регионот напред, со тоа што претставува гаранција за напредокот и демократизацијата.

Населението во Македонија, како и населението во другите земји од регионот, целосно е свесно за фактот дека ЕУ нуди сигурност, просперитет, владеење на правото и економски развој за сите земји-членки, како и тоа дека Европа се залага за толеранција, човекови права, прифаќање на културната разновидност и добрососедски односи. Во однос на оваа последна точка, Македонија треба да ги подобри односите со соседите, особено со Грција.

## Проширувањето на Европската унија и Балканот

Процесот на проширување на Источна и Југоисточна Европа беше дизајниран како процес на предводена конвергенција на земјите во транзиција, кои се веќе делумно или потенцијално интегрирани во Европската унија. За една земја да се смета за целосно интегрирана во ЕУ, мора да се семта дека таа дозволува одредени услови што се или неопходни или доволни. Еден од нив е таа земја да биде европска, што не е само географски критериум, туку, исто така, и критериум за вредноста, така што таа земја треба да го има истиот збир на фундаментални вредности како што се: парламентарната демократија, пазарната економија, човековите права, добрососедските односи. Другиот услов е да постои, реална основа за економска интеграција, т.е. ЕУ да е или да стане доминантниот економски партнер на земјата за која станува збор. Третиот услов е политичката интеграција на земјата, што значи дека потенцијалната членка на ЕУ или има или развива политички и општествени институции што ги има во ЕУ (демократија, законодавство, цивилно општество и слично). За вистинско проширување може да се прговара во моментот кога ќе се оцени дека условите се адекватно исполнети и дека постои процес на конвергенција што е во тек и што е неотповиклив. Според тоа, главно, постојат две прашања за кои треба да се дискутира. Едно е прашањето на меѓусебното влијание на овие услови во нивното исполнување, а другото е процесот на конвергенција. Сепак, постојат случаи во кои може да се смета дека земјата задоволува, реално или потенцијално, еден или друг услов, но со тоа целосната конвергенција на оваа земја сè уште не може да се смета за издржана. Голем број земји од Балканот и од целиот регион, дискутабилно, се такви случаи. Тогаш прашањето е како може да се предводи овој процес на проширување на ЕУ на Балканот? ЕУ веќе една деценија неуспешно се обидува да го напипа одговорот во мракот.

[1]Причината зошто Балканот е проблем кога станува збор за членство во ЕУ, е тоа што овој регион е економски интегриран во ЕУ, реално или потенцијално. Поголемиот број земји во регионот се мали и потенцијално релативно отворени, иако сегашното ниво на отвореност е многу под нивниот потенцијал. Нивните најголеми пазари се во ЕУ. Уште повеќе, најмногу од нивните финансиски средства во форма на префрлувања пари и инвестиции доаѓаат од ЕУ. Сепак, нивната економска интеграција не е неизбежно или не е доволно проследена со онаа на ЕУ во смисла на вредностите и политиката. Регионот, исто така, е релативно неразвиен и постои сериозен проблем околу тоа дали конвергенцијата со ЕУ може да биде одржлив процес во рамките на најшироко распространетиот пристап на ЕУ кон проширувањето.

Од гледна точка на ЕУ, целиот регион не е неважен, иако моментално неговото економско значење е релативно мало. Сепак, на Балканот има околу 55 милиони луѓе, природни ресурси, пазар. Нивното производство, како и нивната потрошувачка се нераскинливо поврзани со ЕУ, која е веќе главниот трговски партнер на речиси сите балкански економии. Во продолжение земјите од ЕУ се природна дестинација на мнозинството од мигрантите од овој регион. Исто така, модернизацијата е историски поврзана со Западот, особено кога станува збор за ширењето на науката, истражувањата и за знаењето воопшто. На тој начин, економската интеграција на Балканот со ЕУ може да се замисли само ако почнат да се развиваат земјите во регионот и ЕУ како целина. Пресметките на потенцијалот за трговија засновани врз моделот на гравитација (кој предвидува потенцијална трговија меѓу државите, зависно од нивната големина и оддалеченост една од друга) покажува дека има доволно простор за земјите во овој регион да ја развијат својата трговија со ЕУ. Дел од зголемувањето на трговијата со ЕУ би добил форма на трговска диверзија за

[1] Emilijan Kavalski, *Te Western Balkan and the EU: the probable dream of membership,* South East Europe Review,Issue 1&2,2003

сметка на регионалните пазари, но дело од неа јасно ќе биде трговска креација откако ќе се отстранат постојните бариери за трговијата.

Финансиската интеграција е подеднакво важна. Постојат најмалку два аспекта на оваа интеграција. Од една страна, приватниот и јавниот трансфер од ЕУ се мошне значајни. Во голем број земји и територии паричните пратки за неа играат важна улога. На крај, каква и да е, странската инвестиција главно доаѓа од фирми и поединци што се дел од ЕУ. Потенцијалот за странски инвестиции, кој се базира врз процените на моделот на гравитација, ги покажува истите карактеристики што ги покажуваат оние за потенцијална трговија: постои огромен потенцијал за пораст на инвестициите од ЕУ во регионот. Од друга страна, поголем број од балканските земји го користат еврото, реално или потенцијално, многу повеќе отколку што ја користат домашната валута. На тој начин, во поголем број случаи, странските резерви на локалните централни банки ќе бидат повисоки од домашните пари што се во оптек. Ако се додадат девизните заштеди, кои се во банките и во домовите, може да се заклучи дека размената на девизите е мошне важна. Ова е делумно поради ризикот од девалвација, делумно поради ризикот од неплаќање. Двете причини заедно го отежнуваат поставувањето цврст домашен банкарски систем без поголемо учество на странските банки. Всушност, банките што се во странска сопственост доминираат на финансиските пазари во Хрватска, Босна и Херцеговина и во Македонија, а наскоро ќе ја прошират својата доминантност и во Србија и Црна Гора, Бугарија и Романија. Иако причините за ваквите развои не се исти во секоја земја, последиците се.

Ако се земат предвид и други трговски и финансиски размени со ЕУ, размерот на реалната и потенцијалната интеграција на Балканот во ЕУ се зголемува. Така, голем број од балканските земји во голема мера зависат од туризмот и од трговијата со други служби, а многу од нив се од ЕУ. Истото важи и за транзит-службите, кои се мошне важни за голем број земји. Ако

вниманието е насочено кон финансиски проток, очигледно е дека трговијата и тековните сметки на поголемиот дел балкански земји се негативни – овие земји ќе мора да внесуваат заштеди подолго време. Најголемиот дел од тие заштеди доаѓаат од ЕУ, како што беше случај и во минатото. Постојат и други аспекти од економската интеграција на Балканот во ЕУ што имаат голем потенцијал за развој. Тоа се: технологијата и пренесувањето знаење, како и бизнис-врските од сите видови, така што фер би било да се каже дека Балканот е потенцијално интегриран во ЕУ исто колку и кој било друг регион од Европа, ако не и повеќе.

Реалната и потенцијалната интеграција зависат од процесот на проширување. Навистина, во економска и политичка смисла, ЕУ ќе го опфати Балканот или Југоисточна Европа.

Меѓу новите потенцијални членови на ЕУ, оние од Балканот се најмалку развиени. Домашниот бруто-производ на глава е помалку од 2.000 американски долари по девизниот курс во 2000 или 2001 година. Учеството на земјоделството, по правило, е големо на кој било начин да е измерено. Учеството на индустријата, со некои исклучоци, има тенденција да биде мало. Услугите играат важна улога, како и неформалната економија. Невработеноста има тенденција да биде висока или многу висока, со мали исклучоци. Степенот на сиромаштија е висок, како и општествената нееднаквост. Извозот е мал, додека увозот тежнее да биде многу повисок. Државите имаат сериозни фискални проблеми, како со доходот, така и со расходот. Регионот би бил дури и помалку од неразвиен да не се беше развил негативно во последните неколку години. За жал, опаѓањето на БДП и на индустриското производство беше важно во сите случаи, а драматично за голем број од нив.

Негативниот развој имаше последици врз економските односи со ЕУ. Ако ја погледнеме структурата на трговијата, може да заклучиме дека за разлика од некои централноевропски земји во транзиција, Балканот има развиено структура на трговијата странство, типична за една заостаната

економија. Во извозот доминираат суровините, онаму каде што ги има, и продукти на тешката индустрија, работно-интензивни стоки, најчесто поврзани со надворешната производствена трговија и некои земјоделски производи. Исто така, извозот е концентриран, во поголемиот број случаи, на неколку производи. Извозот, пак, како контраст е сосема различен, бидејќи на регионот му е потребно да купи речиси сѐ. Бидејќи повеќето од балканските земји ги извезуваат речиси истите производи, интеррегионалната трговија не е многу развиена, иако постојат исклучоци. Речиси без промена, ЕУ е најважниот трговски партнер.

Балканот останува регион во кој голем број земји се карактеризираат како земји со нелиберални економски режими и во кои постојат политички субјекти што не се засновани целосно или ефективно врз законитост. Ова го нарушува економскиот развој во целина.

[1]Економската интеграција се досега не беше проследена со политичка интеграција. Всушност, политиката на балканските земји во 1990-тите речиси целосно се однесува на дезинтеграција. Дезинтеграцијата беше како интрарегионална, така и интеррегионална.

Многу причини придонесоа за тоа. Едната беше серијата војни на територијата на Југославија, кои сѐ уште не се завршени. Друга причина беше поделениот пристап на ЕУ и на интернационалните институции и организации кон регионот. На крај, меѓународната заедница се замеша прилично многу во регионот, но во повеќето случаи со поставување или поддржување нестандардни политики и економски структури што беа создадени за да се справуваат повеќе со безбедноста отколку со прашањата за интеграцијата. Како последица, регионот се покажа како колеблив во процесот на проширување на ЕУ. Една можна класификација на политичките режими во регионот може да биде следнава:

---

[1] www.europa.eu.int/comm/eurostat/

- Земји што се приближуваат до еден напреден степен на демократизација - Романија и Бугарија.
- Земји во видливо поддржан процес на демократизација - Хрватска.
- Земји во процес на демократизација - Албанија.
- Земји во почеток на демократизација - Србија и Црна Гора.
- Земји со осцилации - Македонија.
- Земји со значително присуство на меѓународната заедница во управувањето - Босна и Херцеговина.
- Територии на почетокот на процесот на демократизација - Црна Гора.
- Територии што се прогласени за независни, но се` уште се под надзор на меѓународната заедница - Косово.

Ако ги погледнеме другите важни услови за членство во ЕУ, ќе видиме дека нема отворено изразени сомнежи и дека балканските нации историски делат исти европски вредности.

И навистина, во последниве десетина години етничката хомогенизација беше една од најважните политички особености, но не во сите балкански земји. На тој начин се верува дека балканските земји треба да се модернизираат со цел да станат европски во современа смисла на зборот, што значи дека во основа треба да ја надминат нивната преокупација со национализмот и со етничките непријателства.

Може да се дебатира дали оваа аналогија е вистинска, но не постои сомневање дека етничкиот национализам е посилен од граѓанската култура во многу земји на Балканот. Иако постојат елементи на граѓанско општество, тие се под двоен притисок од недостатокот на законитост од една страна, и од етничката дискриминација, од друга страна. И двете причини се одговорни за институционалните недостатоци, кои некои ги сметаат за причини за неразвиеноста на балканските земји.

Сепак, не постои сомневање дека ЕУ не успеа решително да го зацврсти институционалниот и културниот развој на балканските земји во текот на процесот на транзиција во последните десетина години. На тој начин, постои прашање за конвергенцијата кон европските вредности во балканските земји, или со други зборови, сè уште постои проблем во модернизацијата на целиот регион.

Овие таканаречени балкански вредности откриваат една неконзистентност во јавните приоритети. Поточно, бидејќи им се дава значителен потенцијал за економска интеграција и наклоност кон политичка дезинтеграција, може да се заклучи дека економските приоритети им противречат на оние политичките во балканските земји. Оваа противречност се открива преку актуелниот економски и политички развој на балканските земји. Таа не произлегува првенствено од односите со ЕУ, туку повеќе од интрарегионалните проблеми и конфликти. ЕУ се вмешува на два начина.

Едната потенцијална вмешаност на ЕУ е позитивна: може да ја поттурне перспективата за проширување на регионалната и јавната агенда што е карактеристична за земјата, така што, на пример, националистичките политики нема да се преферираат пред оние за европска интеграција. ЕУ досега не успеала да го направи ова. Таа повеќе сакала да го држи Балканот ефективно исклучен. Другата вмешаност на ЕУ може да биде негативна: однесувајќи се со различни балкански земји различно и со воведување поттикнувачи за интрарегионална конкуренција, што ја засилува дезинтеграцијата повеќе од интеграцијата. Ова, всушност, на многу начини беше она што го направи ЕУ. На тој начин ЕУ може или да ја реши или да ја влоши неконзистентноста на јавните приоритети на Балканот. Постои сфаќање дека регионалниот пристап е неопходен во овој контекст, но ЕУ беше бавна во развивањето јасна и функционална регионална стратегија.

Оваа недоследност меѓу економските и политичките приоритети е понагласена во некои земји. На Балканот постои голема разновидност. Од една страна, иако ниедна од балканските земји не е многу развиена, постои забележителна разлика, на пример, меѓу Хрватска и Албанија, разлика што е

поголема во некоја смисла од разликата, на пример, меѓу Хрватска и Австрија. Од друга страна, исто така постојат забележителни разлики меѓу земјите бидејќи некои политички ентитети во регионот не се навистина држави, туку се повеќе провинции или територии или народи во потрага по држава.

Овие различности придонесуваат за различни мешавини од политички и економски приоритети. Во некои случаи политичкото прашање речиси целосно доминира врз сите други прашања. Од гледна точка на процесот за влез во ЕУ, важно би било ако прашањето за влез би го опфатило како политичкото, така и економското прашање. Ова досега се нема случено на Балканот бидејќи регионалното и домашното политичко прашање го држат доминантното место во повеќето земји и територии.

Економската интеграција е факт било реално или потенцијално. Проблемот е што нивото на развиеност на ЕУ и на Балканот толку многу се разликуваат. Како последица се јавува прашањето дали интеграцијата во ЕУ е најдобрата стратегија за развој на овој регион. Ова е уште еден степен на кој се открива недоследноста меѓу политичките и економските приоритети.

Влегувањето на балканските земји во ЕУ е спречено од развоите што се различни во различни земји, но кои имаат една последица што е слична во сиве овие земји. Сите тие имаат слаби држави, а некои се божем држави или недржавни политички ентитети. Под слабост на државата не се мисли дека државата има на располагање малку средства, финансиски или правни, всушност, најчесто е спротивниот случај. Повеќе би рекле дека државата е слаба кога:

- покажува слабост на политичката волја што може да се нарече политичка акризија;
- не може да се каже дека спроведува законитост и
- се соочува со периоди на кризи од еден или друг тип.

На Балканот слабоста на политичката волја е присутен факт. Еден аспект од овој факт е присутен во конфликтот меѓу економските и политичките приоритети на јавноста во балканските земји. Другиот аспект е очигледен од фактот дека различни заедници на Балканот не се подготвени да се соочат со неопходните компромиси, особено со компромисите меѓу она што се бара од транзицијата и развојот и обидите да се задоволат посебните интереси, кои повеќе би сакале ништо да не променат, барем што се однесува до промените што би влијаеле врз нивните интереси за добивање нешто. Како последица на слабоста на волјата, во голем број случаи беа создадени нестандардни политички ентитети со решителна вклученост на меѓународната заедница, дел од која беше ЕУ, иако ЕУ можеби не беше нејзиниот највлијателен член.

Во други случаи политичката слабост на Балканот е поврзана со лажниот процес на претставување на приоритетите, кои понекогаш се нарекуваат приказ на државата. Ова лажно прикажување го спречува процесот на проширување бидејќи потребните институционални промени не можат да бидат воведни или кога се формално воведени, на пример, преку соодветно законодавство, не можат да бидат имплементирани или се интерпретирани на таков начин од администрацијата и од судовите што нивната имплементација во реалноста изгледа наполно еднаква со спротивноста на формалната норма.

Оваа политичка слабост, исто така, е поврзана со законодавството. Општо е познато дека законодавството на Балканот не е мошне силно. Навистина, правните системи се често контрадикторни или нејасни толку колку да остават повеќе од доволно простор за произволна и слободна интерпретација. Бидејќи интерпретацијата од владите и од судовите е подложна на влијание на личните, што ги интерпретира таа како свои, резултатот е едно високо ниво на корупција. Корупцијата поддржува разновидни форми на сива економија, како и отворени криминални активности. Не е потребно да се нагласува колку штетно влијае ова врз процесот на приклучување во ЕУ.

Сите држави во регионот се справуваат со економии со длабоки макроекономски проблеми што ги прават нивните економски политики нестабилни. На тој начин, во многу случаи, на пример, фискалните баланси се вештачки и изнасилени и не би биле стабилни без странска помош и асистенција. Понатаму, надворешните небаланси исто така се големи и крајно нестабилни. И на крајот, невработеноста е висока, а вработеноста е ниска.

Поради постојаните макроекономски небаланси, се јавуваат периодични рецесии или кризи во регионот.

Во повеќето земји-членки на ЕУ проширувањето кон исток се проценува како успешна приказна и даден им е поттик на земјите на Западен Балкан за аспирации кон членство во ЕУ. Развојот на станите од 2005 година, пак, драматично го измени ставот во однос на проширувањето. Причината за тоа беа дадените негативни гласови за Европскиот устав во Франција и во Холандија; загриженоста дека приливот на работници од „новите“ земји-членки ќе го влоши проблемот на невработеноста кај старите земји-членки; таканаречениот „замор од проширување“, одразен во впечатокот дека солидарноста меѓу земјите-членки е ослабена, со сомневање дека проширувањето кон источните земји воведува нелојална конкуренција на единствениот пазар на ЕУ и исто така незадоволството на јавноста дека не била доволно консултирана при проширувањето од 2004 година. Последно, но не и помалку важно е дека тековната финансиска и економска криза не оди во полза на проширувањето кон Западен Балкан.

Како одговор на променетиот политички став на многу земји-членки на ЕУ кон проширувањето во ноември 2006 година Комисијата ја објави својата ревидирана стратегија за проширување. Ја повторува политичката посветеност кон Западен Балкан, повторувајќи дека секоја земја има потенцијал да стане членка на ЕУ откако ќе ги исполни потребните услови.

Институционалните односи на Македонија со ЕУ започнаа со задоцнување, главно, поради спорот околу името со соседна Грција, а дипломатските односи меѓу Македонија и ЕУ беа воспоставени дури во 1995

година. За жал, економски тешката ситуација предизвикана делумно поради грчкото трговско ембарго и делумно поради ембаргото на ОН кон СР Југославија придонесе за натамошно задоцнување и во процесот на транзиција и во пристапот на ЕУ кон проширувањето. По 1995 година, Македонија се квалификува да ги користи ФАРЕ и КАРДС-програмите за поддршка. Во доцните 1990-ти години Македонија се придружи кон процесот на стабилизација и асоцијација, инициран од ЕУ за регионот на Западен Балкан.

Македонија беше првата земја во регионот што потпиша ССА во април 2001 година и тоа обележа нова фаза во односите меѓу Македонија и ЕУ. Оттогаш интеграцијата во ЕУ е присутна на високо место во политичката агенда и членството во ЕУ стана експлицитна цел на политичката елита и на мнозинството од населението и претставува консензус меѓу политичките партии. Паралелно со исполнувањето на процедуралните и технички обврски и критериуми за пристапување во ЕУ, процесот на постепено политичко усогласување внатре во Македонија започна, исто така, по потпишувањето на ССА. Една од најхрабрите реформи беше процесот поставен со Охридскиот рамковен договор од август 2001 година. Овој договор даде поттик да се најдат решенија за многу тешки прашања меѓу македонското мнозинство и малцинство на етничките Албанци во земјата.

ССА е сложен правно-обврзувачки акт, кој во политичка смисла ја поставува Македонија меѓу потенцијалните членки на ЕУ, додека во економска смисла дефакто им обезбеди на македонските производи слободен пристап на големиот пазар на ЕУ. Потпишувањето на ССА го забрза преструктуирањето на македонската економија и нејзиното приспособување кон новите услови. Последно, но не и помалку важно, потпишувањето на ССА ги ревитализира можностите за забрзување на социјалниот и економскиот развој на Република Македонија и ги зацврсти политичките и економските врски со земјите-членки на ЕУ.

Реформите преземени во рамките на ССА, како и исполнувањето на аранжманите со ММФ и со Светска банка го одредија патот за Македонија да поднесе апликација за членство во ЕУ. По кратка, но интензивна јавна дебата за позитивните и негативните аспекти на членството и по Декларацијата на Собранието, која ја поддржа идејата за поднесување апликација за членство во ЕУ, Македонија официјално ја поднесе својата апликација во март 2004 година. Во мај истата година Комисијата доби мандат да подготви Мислење и во октомври 2004 година на македонските власти им беше предаден Прашалникот.

Подготовката на одговорите на Прашалникот беше првиот сериозен тест за административниот капацитет на Македонија. Одговорите беа завршени во февруари 2005 година и Комисијата го подготви Мислењето врз основа на информациите обезбедени со тие одговори, како и врз основа на информациите собрани од голем број други извори. Комисијата даде позитивна препорака за на Македонија да ѝ се даде статус на земја-кандидат, но исто така препорача „преговорите за пристапување во ЕУ со Република Македонија да започнат откако ќе достигне доволен степен на усогласеност со критериумите за членство". Наспроти практиката во претходните проширувања, одлуката на Европскиот совет за кандидатски статус на пристапна земја во случајот со Македонија не беше придружена со одлука за започнување на преговорите за пристапување со оваа земја.

Сега, кога е земја-кандидат за влез во ЕУ, следниот чекор во процесот за пристапување на Македонија кон ЕУ е да добие датум за започнување на преговорите за пристапување. За жал, оваа одлука се одложува над 3 години и сè уште не е донесена. Иако двата редовни извештаја за постигнатиот напредок објавени од Комисијата во ноември 2006 и во ноември 2007 година го признаваат напредокот на земјата во реформите во одредени области важни за интеграцијата во ЕУ, документите не препорачуваат одредување датум за започнување на преговорите за пристапување затоа што Комисијата смета дека Македонија сè уште ги нема во доволна мера исполнето своите

обврски од ССА и од Охридскиот рамковен договор како и оние што се наведени во пристапното партнерство.

Главните прашања околу кои беше изразена загриженост вклучуваат слабости поврзани со спроведувањето избори, политички дијалог во рамките на демократските институции, ефективно спроведување на Законот за полиција, правосудни реформи, антикорупција, деполитизација, намалување на невработеноста и подобрување на општото деловно окружување.

Натамошното одложување Македонија да добие датум за започнување преговори за пристапување во ЕУ е еден од практичните примери како ЕУ го спроведува принципот на условеност. Одложувањето е на линија со искуствата од некои други земји од регионот, какви што се Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија, при што напредокот од една фаза на пристапување во друга е во суштинска зависност од исполнувањето на политичките критериуми од Копенхаген во периодот пред преговорите. Економските критериуми и критериумите од акито имаат секундарно значење во раните фази на процесот на пристапување во ЕУ затоа што политичката стабилност и според тоа задоволувањето на политичките критериуми е предуслов за започнување на преговорите за пристапување во ЕУ. Доколку нема политичка стабилност, не може да се очекува една земја-пристапничка сериозно да ги решава економските прашања и прашањата од акито за пристапување во ЕУ. Натаму ќе има доволно време овие прашања детално да се решаваат во текот на целиот процес на преговори.

Овој процес сега е значително поструктуиран и со повеќе барања отколку при претходните проширувања. Македонија ќе стане членка на ЕУ штом земјите-членки на ЕУ ќе се согласат дека таа ги има исполнето критериумите од Копенхаген. Но, за тие успешно да бидат завршени, ќе мора успешно да се реши еден друг политички проблем, односно ќе треба успешно да се реши спорот со Грција за името.

## Приближување кон ЕУ и НАТО

Р.Македонија и нејзиното водство несомнено има амбициозни настојувања за влез во ЕУ и во НАТО. Во таквите настојувања постојат две крајности што можат на еден или на друг начин да ја одложат зацртаната цел. Од една страна, јасно изразената политичка волја би можела да се земе како доволна гаранција за успех на потфатот, особено ако настојувањата по секоја цена да се демонстрираат успесите во реформите и подобрувањето на надворешниот имиџ на земјата почнат да ја перципираат стварноста како пречка на патот кон иднината на земјата.

Имено, под притисокот на јавно зацртаната политика и ветувањето дадено пред јавноста, може да води кон намерно маргинализирање или дури и игнорирање на некои релевантни и легитимни проблеми со кои се соочува земјата во постконфликтниот период. Со други зборови, виртуелната стварност може да ја потисне тешката реалност , а политичката волја свртена кон надвор може да создаде поинаков сет на приоритети кога станува збор за мерката и цената на реформите, а особено за сферата каде што се изведуваат тие. Во сферата на безбедноста тоа е евидентно според давањето одговор на прашањата: безбедност за кого, безбедност од што и безбедност по која цена?

Другата крајност, пак, е соочувањето со грубата и тешка реалност, со малку храброст да се антиципира и да се работи за иднината. Можностите се лимитирани, а понекогаш дури се во фаза на влошување, особено од гледна точка на граѓанинот за кој државната кауза може да изгледа далечна. Денешната состојба во земјата укажува на постоење два света, кои речиси и да не комуницираат кога станува збор за проблемите што ги мачат или ги преокупираат. Во многубројните истражувања на јавното мислење граѓаните укажуваат на проблеми врзани со она што се вклопува во комплексот на хуманата безбедност и сигурност. Дискурсот, пак, на политичарите оди во друга насока: благосостојбата и сигурноста на граѓаните ќе дојде преку безбедноста на државата, т.е. со самиот чин на зачленување во НАТО и

потоа во ЕУ. Со други зборови, најнапред да се интегрираме во демократскиот и развиен свет на Европа, а потоа природно работите ќе се средат и дома. Заобиколниот пат кон сопствената стабилност и благосостојба, според ваквите уверувања, води преку Брисел.

Проблемот е најверојатно во фактот што ниту едната ниту другата страна не располагаат со време и со објективни параметри да го измерат вистинскиот прогрес и успех. Инструментот со кој граѓаните го мерат времето е нивниот човечки живот, или уште повеќе, бесперспективноста на нивните деца. Успехот кај граѓаните се мери низ задоволување на конкретните човечки потреби, додека успехот за политичарите се мери преку освоените гласови на изборите или добиената поддршка однадвор. Конечно, тука е и третата страна, т.е. меѓународниот фактор, кој во исто време претставува финален арбитер што донесува суд и оцена за постигнатиот успех во реформите и оцена за постигнатиот успех во реформите и за постигнувањето на зададените критериуми за асоцирање, но е и фактор на асистенција на истиот зададен пат. Конфузијата се зголемува кога од различни меѓународни форуми и центри доаѓаат контрадикторни барања и сигнали. Од една страна, на пример, меѓународните финансиски институции наметнуваат ригорозни барања што директно се рефлектираат на нужноста власта да преземе непопуларни и болни мерки, граѓаните се чувствуваат излажани и конечно паѓаат легитимитетот и поддршката на власта. Конечно, недоразбирањата или дури и расцепот на трансатлантската оска, ја зголемуваат домашната несигурност во изборот на сопствената национална стратегија во постигнувањето на зацртаната цел.

[1]Парадоксално, понекогаш изгледа дека постои замена на тезите, како на пример: до ЕУ се стигнува најбрзо преку членство на НАТО, а за да се стигне до НАТО, потребен е моќен сојузник (САД), чии барања во надворешната политика треба да се почитуваат дури и кога ЕУ апелира дека

---

[1] Славевски С. *Пред портите на НАТО и ЕУ,* Публикација - Одбрана бр. 138, октомври 2007

е тоа наспроти нејзината политика и принципите на меѓународното право. Двата најеклатантни примери од овој вид, ирачката војна и потпишувањето на билатералниот договор со САД во врска со изземањето на американските граѓани од јурисдикцијата на Меѓународниот кривичен суд, ја доведоа македонската политика во незвидна позиција. Така, на крајот излегува дека на малите земји како да не им е дозволено да имаат своја надворешна политика.

Или уште потешко е кога надворешната политика станува дел од внатрешната политика, т.е. надворешнополитичките приоритети тешко се надвиснуваат над внатрешните. Асоцирањето на Македонија во ЕУ/НАТО не може и не смее да ги замени внатрешнополитичките и безбедносни аспекти на реформите, чија примарна цел е подобрување на објективните состојби во земјата, но и создавање поволна клима на доверба и сигурност кај граѓаните. ЕУ/НАТО ја поседуваат фасцинантната моќ на атрактивност и мотивирачки импетус за општествата што така ја дефинирале својата надворешнополитичка ориентација. Меѓутоа, дури и кога се во прашање така легитимни цели, не смее да се аплицира макијавелистичката максима дека „целта ги оправдува средствата“. Тука треба да се води сметка за неколку моменти. На пример, легитимно и во духот на демократијата е да се поставува прашањето за правичната и легалната распределба на недоволните финансиски и други материјални ресурси на земјата. Подеднакво, ако не и позначајно е да се размислува за евентуалната потреба од употребата на човечките ресурси, т.е. за легитимното право на една земја да одлучи суверено дали и каде ќе испраќа жива сила.

Иако членството во НАТО и во ЕУ се одвоени процеси, сепак има потреба да се преземат мерки и активности што на кој било начин би имале контроверзно влијание врз едната или другата цел. Поконкретно, Македонија треба да најде сопствен начин да биде контрибутор во семејството на НАТО на начин што нема да го успори патот кон членството во ЕУ било преку преферирање на едни за сметка на други државни приоритети или преку беспоговорно врзување за само еден стратегиски

партнер што нема никакво влијание врз стратегискката цел – ЕУ. За Македонија, историскиот чин нема да се мери со аршините за членство во НАТО или во ЕУ бидејќи да бидеме искрени за тоа ќе бидат потребни многу повеќе години отколку што може да се насети тоа низ оптимистичките изјави на политичарите.

Мерката за нашиот прогрес е повторната стабилизација на земјата и закрепнувањето од конфликтот, но приоритетно е враќањето на дигнитетот на човекот. Затоа што само таков граѓанин ќе биде во состојба да чекори и да вложува во стратегиските цели на државата, да гради мир и демократија, па и да трасира пат кон евроатлантските интеграции.

Имајќи ги предвид турбуленциите и драматичните промени и искушенија што стојат пред земјата, но и пред меѓународната заедница, потребно е да се парафразира една умна мисла искажана од наш експерт: „Каква Македонија ќе влезе во какво НАТО?" Се надеваме, стабилна Македонија, интегрирана во демократскиот и развиен свет во Европа, со средени работи дома.

## Подигнување на јавната свест

Потребата од подигнување на јавната свест е последната работа што доаѓа на ум кога станува збор за европските интегративни процеси. И тоа е сосема очигледно. Европските интеграции се секаде околу нас. Сите политичари зборуваат за нив. Сè што прави Владата е запечатено со печат на европски квалитет. И Европа е толку блиску што многумина, всушност, велат дека ние сме Европа! Ние секогаш сме биле дел од Европа и горди сме на фактот што нашата историја е исполнета со примери за нашиот придонес кон напредокот на Европа. Последнава теза е особено омилена и често употребувана од оние што сториле сè за да останеме што подолго и подалеку од она на кое мислиме кога зборуваме за Европа денес, односно за ЕУ.

Процесот на европските интеграции е предизвик што не може веднаш да се забележи во целата своја големина, особено за земја со економија во

транзиција што се бори да развие демократски политички систем, независно судство, слободно изразување на мислите и интеграција во нови структурни односи со соседите.

Пред сè, треба да постојат луѓе со срца. Срца што чукаат во ритамот на Европа. Онаа Европа таму. Онаа од чии структури сè уште не сме дел. Многуројните проблеми, непроспиени ноќи, работните викенди, години без годишни одмори и разочарувањата ќе се надминат во моментот кога ќе сфатиме дека патот до исполнувањето на соништата е многу, многу долг.

На секој чекор од овој пат ќе мора да се прават сојузи, да се привлечат следбеници, да се зголеми бројот на приврзаници на ова свето движење бидејќи дел од ЕУ нема да станеме само ние, нашите проевропски пријатели или Владата. Напротив, во ЕУ ќе влезе целата држава.

Успешноста ќе биде загарантирана само ако сееме знаење. Знаење за Европската унија, но, исто така, ако не и повеќе, знаење за нашата држава. Почнувајќи од тоа каде таа стои во споредба со земјите-членки на ЕУ. Каде стои во споредба со начинот на кој функционира ЕУ во сите свои димензии: економијата, демократијата, правото, администрацијата, бизнисот, мажите и жените, младите и старите. Сите и сè. Стратегијата што ги содржи сиве овие елементи се вика подигање на јавната свест за ЕУ. Таа мора да биде сериозно обмислена. Мора да се темели врз многу внимателни, детални, исправни и што повеќе сеопфатни информации за материјалот што се третира.

Процесот мора да биде воден од луѓе што се добро подготвени, треба да доаѓаат од различни сектори на општеството и мора да бидат спремни за соработка со различни сектори од него.

Многу е важно да се идентификуваат промоторите на европската интеграција, кои, по дефиниција, треба да бидат експерти во материјата. Тие може да бидат политичари, членови на Владата или едноставно државни службеници чија експертиза не произлегува од функцијата, туку од знаењето што го поседуваат и не се плашат да го споделат со широката јавност. Тие се

оние што ќе бидат првата појдовна точка и коректори на политиката кога и да има потреба од тоа.

Работите може да станат попримамливи доколку сите ниеземеме предвид дека европската интеграција е финансиски исплатлива работа. Добро се плаќа, всушност, повеќе од добро.

Европската интеграција подразбира и работни места, позиции во јавната администрација, политички функции...

Подготовките за пристапување кон ЕУ треба да го вклучат целото општество, а не само државната администрација. Ова значи дека е исклучително важно да се започне едновремена дебата за користа и ризниците од членството како последица на која ќе се одговори на грижите на секој граѓанин, кои, несомнено, ќе се појават паралелно со зголемувањето на јавната свест во општеството.

[1]Целта на подигнувањето на јавната свест е да ги приближи граѓаните кон секојдневната димензија на членството во ЕУ, но истовремено и да се упатат целни напори кон зголемување на знаењето на европските граѓани за земјата-пристапничка. Овој факт ја одредува тематската поделба според две главни линии, во зависност од целите и публиката кон која ќе бидат насочени: национален план - насочен навнатре со цел да им ја објасни и да ги приближи граѓаните кон европската идеја, и меѓународен план – насочен кон граѓаните кон европската идеја и меѓународен план насочен кон граѓаните на дваесет и седумте земји-членки на ЕУ во насока на зголемување на бројот на поддржувачи на кандидатурата на земјата за членство во ЕУ.

Институциите на ЕУ, од своја страна, беа и сè уште се вклучени во голема кампања меѓу граѓаните на земјите-членки, насочена кон зголемување на поддршката за проширување на Унијата. Ова значи дека

[1] Крстевски З. *Забрзување на процесите на интеграција на Македонија во ЕУ и НАТО,* Министерство за одбрана на Р. Македонија, 2003

земјата што аплицирала за членство може да искористи и некои од овие канали за комуникација.

Сржта на тимот создаден за подигнување на јавната свест ја сочинуваат државните службеници што работат на интеграцијата во ЕУ, универзитетските професори и новинарите.

Како што постепено се развива процесот на подигнување на јавната свест, треба константно да се проверуваат статусот и резултатите од работата. Би било корисно доколку би имале почесто, испитување на јавното мислење, со цел да ни даде до знаење дека можеби треба да се воведат одредени промени.

Во Р.Македонија, паралелно со следењето на евроатлантските процеси, се следи и јавното мислење за тие процеси. [1]Според истражувањата на БРИМА, македонски член на GALLUP International и асоцијативен член на TNS (Taylor Nelson Sofres) во периодот од 16 до 18 октомври 2009 непосредно по добивањето на препораката од ЕК за добивање датум за започнување преговори за полноправно членство на Р. Македонија во ЕУ, спроведе телефонското истражување со CATI систем (телефонска анкета реализирана со помош на компјутер), на национално репрезентативен примерок од 663 полнолетни граѓани на РМ. Истражувањето е сопственост на БРИМА.

На прашањето - дали сте слушнале дека на 14 октомври оваа година Европската комисија даде препорака за започнување преговори на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, 89% анкетирани одговориле дека слушнале, а 11% дека не слушнале. Споредено со информираноста за добивањето на кандидатскиот статус во 2005 година кога 96% анкетирани изјавиле дека слушнале дека Република Македонија стана

[1] БРИМА е македонски член на GALLUP International од 2002 година. БРИМА е асоцијативен член на TNS(Taylor Nelson Sofres) од 1998 година. TNS е една од светските водечки лидерски агенции за маркетиншки и социополитички истражувања, со повеќе од 14.000 вработени со полно работно време во повеќе од 70 држави ( www.tns-global.com).

Врз основа на Законот за трговски друштва, содружинците Илчо Головски од Скопје, и Кристијан Савиќ од Скопје, на ден 13.06.2012 година го склучуваат следниот,

# АНЕКС НА ДОГОВОРОТ
## За основање на трговско друштво
## како друштво со ограничена одговорност
### (пречистен текст)

Се менува чл.4 од Договорот за основање на Друштвото.
Седиштето на Друштвото е во Скопје Ул.Благоја Стефковски 1Б, Скопје, Република Македонија. За промена на седиштето, одлучуваат содружниците на друштвото.

**СОДРУЖНИЦИ:**

**1. Илчо Головски**

____________________________

**2. Кристијан Савиќ**

____________________________

Врз основа на Законот за трговски друштва, содружинците Илчо Головски од Скопје, и Кристијан Савиќ од Скопје, на ден 13.06.2012 година го склучуваат следниот,

# АНЕКС НА ДОГОВОРОТ
## За основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност
### (пречистен текст)

Се менува чл.4 од Договорот за основање на Друштвото.
Седиштето на Друштвото е во Скопје Ул.Благоја Стефковски 1Б, Скопје, Република Македонија. За промена на седиштето, одлучуваат содружниците на друштвото.

**СОДРУЖНИЦИ:**

**1. Илчо Головски**

__________________________

**2. Кристијан Савиќ**

__________________________

Врз основа на Законот за трговски друштва, содружинците Илчо Головски од Скопје, и Кристијан Савиќ од Скопје, на ден 13.06.2012 година го склучуваат следниот,

# АНЕКС НА ДОГОВОРОТ
## За основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност
### (пречистен текст)

Се менува чл.4 од Договорот за основање на Друштвото.
Седиштето на Друштвото е во Скопје Ул.Благоја Стефковски 1Б, Скопје, Република Македонија. За промена на седиштето, одлучуваат содружниците на друштвото.

**СОДРУЖНИЦИ:**

**1. Илчо Головски**

__________________________

**2. Кристијан Савиќ**

__________________________

Врз основа на Законот за трговски друштва, содружинците Илчо Головски од Скопје, и Кристијан Савиќ од Скопје, на ден 13.06.2012 година го склучуваат следниот,

# АНЕКС НА ДОГОВОРОТ
## За основање на трговско друштво
## како друштво со ограничена одговорност
**(пречистен текст)**

Се менува чл.4 од Договорот за основање на Друштвото.
Седиштето на Друштвото е во Скопје Ул.Благоја Стефковски 1Б, Скопје, Република Македонија. За промена на седиштето, одлучуваат содружниците на друштвото.

**СОДРУЖНИЦИ:**

**1. Илчо Головски**

___________________________

**2. Кристијан Савиќ**

___________________________

земја-кандидат за полноправно членство во ЕУ, претставува помала информираност кај 7% анкетирани.

**2009 година**

**Дали слушнавте дека Р.Македонија доби препорака за започнување преговори со ЕУ?**




**2005 година**

**Дали слушнавте дека слушнале дека Р.Македонија стана земја-кандидат за полноправно членство во ЕУ ?**



На прашањето - какво влијание ќе има препораката на ЕК врз кавалитетот на нивниот живот, 63% одговориле дека ќе има позитивно влијание, што практично е идентично во однос на очекуваното влијание од кандидатскиот статус кога во 2005 г. така се изјасниле 64% анкетирани. Дека препораката ќе нема никакво влијание се изјасниле 30% (23% за кандидатскиот статус), 4% и за препораката и за кандидатскиот статус оцениле дека ќе има негативно влијание врз квалитетот на нивниот живот.

**Какво влијание ќе има препораката на ЕК врз квалитетот на Вашиот живот?**




Во ова истражување го поставиле и прашањето - какво влијание ќе има препораката врз вкупната состојба во Република Македонија, на кое 73% анкетирани одговорија дека ќе има позитивно влијание, 16% одговорија дека ќе нема никакво влијание и 4% дека ќе има негативно влијание.

**Какво влијание ќе има препораката врз вкупната состојба во Р.Македонија?**




Оцената дека Република Македонија ќе стане полноправна членка во Унијата во наредните 5 години ја споделуваат 71% анкетирани, 11% очекуваат тоа да се случи во наредните 10 години, 5% сметаат дека за тоа се потребни повеќе од 10 години, а со скепса гледаат 7% анкетирани, кои сметаат дека тоа никогаш нема да се случи. На ова прашање во 2005 г. 34% одговориле во наредните 5 г., 32% во наредните 10 години, а 18% за повеќе

од 10 години, само 6% тогаш слично како и сега сметале дека тоа никогаш нема да се случи. Споредбата на податоците укажува дека значително се зголемува бројот на оние што очекуваат дека за зачленувањето на РМ ќе бидат потребни до 5 г., сметајќи од годината кога ѐ направено истражувањето.

| Оцена дека РМ ќе стане полноправна членка во Унијата | 2009 | 2005 |
|---|---|---|
| За 5 години | 71% | 34% |
| За 10 години | 11% | 32% |
| Повеќе од 10 години | 5% | 18% |
| Никогаш | 7% | 6% |
| Не знае | 6% | 10% |

**Оцена дека РМ ќе стане полноправна членка во Унијата**




Битна промена се забележува во перцепцијата на граѓаните на главните пречки за влез во ЕУ. Во 2009 година 77% како главна пречка го сметаат спорот со Грција за името (во истражувањето од 2005 г. не беше актуелен проблем

поради што и не беше на листата на проблеми што се потврди со фактот дека

не е добиен ниту како спонтан одговор во графата: „Друг проблем“), потоа 65% (74%) невработеноста, 57% (71%) економската состојба, 44% (65%) криминалот и корупцијата, 34% (19%) меѓуетничките односи, 31% (26%) неспособноста на политичарите 27% (39%) нефункционирањето на правната држава, 24% (31%) бавното спроведување на реформите, 22% (24%) отсуството на консензус меѓу политичките партии за важните државни интереси, 11% (18%) лошо спроведени избори. На ова, анкетираните имале можност да дадат повеќе одговори

| Главни пречки за влез во ЕУ(можни повеќе одговори) | 2009 г. | 2005г. |
|---|---|---|
| Спорот со Грција за името | 77% | - |
| Невработеноста | 65% | 74% |
| Економската состојба | 57% | 71% |
| Криминалот и корупцијата | 44% | 65% |
| Меѓуетнички односи | 34% | 19% |
| Неспособноста на политичарите | 31% | 26% |
| Нефункционирањето на правната држава | 27% | 39% |
| Бавното спроведување на реформите | 24% | 31% |
| Отсуството на консензус меѓу политичките партии за важните државни интереси | 22% | 24% |
| Лошо спроведени избори | 11% | 18% |
| Конфликтот од 2001 г. | 9% | 14% |
| Друго | 2% | 1% |

| | | |
|---|---|---|
| Не знае | 0% | 1% |




Прашани да се одлучат за тоа која е најголемата пречка за прием во ЕУ, 47% сметаат дека тоа е спорот со Грција, 15% (31%) невработеноста, 10% (26%) економската состојба, 9% (5%) неспособноста на политичарите, 6% (1%) меѓуетничките односи, 4% (17%) корупцијата и криминалот.

| Најголема пречка за влез во ЕУ (само еден одговор) | 2009 г. | 2005г. |
|---|---|---|
| Спорот со Грција за | 47% | - |

| | | |
|---|---|---|
| името | | |
| Невработеноста | 15% | 31% |
| Економската состојба | 10% | 26% |
| Криминалот и корупцијата | 9% | 5% |
| Меѓуетнички односи | 6% | 1% |
| Неспособноста на политичарите | 4% | 17% |
| Нефункционирањето на правната држава | 4% | 3% |
| Бавното спроведување на реформите | 2% | 4% |
| Отсуството на консензус меѓу политичките партии за важните државни интереси | 2% | 3% |
| Лошо спроведени избори | 0% | 0% |
| Конфликтот од 2001 г. | 0% | 0% |
| Друго | 1% | 1% |
| Не знае | 0% | 8% |

Перцепцијата на граѓаните колку Македонија заслужила да влезе во ЕУ врз основа на сето она што е направено за интеграција на земјата во Унијата покажува значајни промени. Во 2005 г. 28% граѓани сметале дека земјава наполно заслужува да се приклучи кон Унијата, во 2009 г. нивниот број се

зголемил за 20% и сега практично секој втор анкетиран (48%) смета дека е направено тоа што треба да се направи. Бројот на анкетираните што сметаат дека не е доволно направено практично не е променет и опфаќа 15% во 2009 и 16% во 2005. Бројот на оние што немале одреден став за ова прашање се намалил од 8% во 2005 на 1% во 2009 г.

| **Врз основа на сето она што досега го направи Македонија за приближување кон ЕУ, сметате ли дека Македонија заслужува да влезе во ЕУ?** | 2009 г. | 2005 г. |
|---|---|---|
| Наполно заслужува (направено е тоа што беше потребно да се направи) | 48% | 28% |
| Донекаде заслужува (има уште доста да се направи) | 36% | 48% |
| Донекаде не заслужува (не е доволно направено) | 9% | 8% |
| Воопшто не заслужува (многу малку е направено) | 6% | 8% |
| Не знае | 1% | 8% |




Според стандардизираната методологија, во почетокот од анкетата на анкетираните граѓани им било поставено прашањето - во која насока се движи Македонија, во правилна или погрешна? 58% во 2009 г. и 60% во 2005 г. од испитаниците оцениле дека Македонија се движи во правилна насока, а 29% (27%) дека се движи во погрешна насока, 12% (13%) не знаат. Споредбата на одговорите покажува дека вакви клучни настани имаат капацитет да побудат кај мнозинството граѓани зголемен ентузијазам и оптимизам за вкупните перспективи на државата.

Граѓаните на Македонија препознаваат силно партнерство во некои од големите светски сили. Така довербата во политиките на САД и на Германија кон нашата држава е на многу високо ниво. Но, од друга страна, довербата во ЕУ и НАТО како организации во кои главни столбови се токму овие две држави(САД во НАТО, а Германија во ЕУ) е на значително пониско ниво. Ова го покажува анкетата на "Дневник" што ја спроведе специјализираната агенција "Рејтинг" од 3 до 7 март годинава на репрезентативен примерок од 1560 испитаници. Ако се земе предвид дека околу 90% од граѓаните на нашата држава се за влез во НАТО и во ЕУ, тогаш довербата во нивните политики ко Македонија е ниска и едвај поминува 50%.

**Имате ли доверба во политиките на следниве институции кон Македонија?**




Како и во поголемиот дел од истражувања и од анкетите досега, Албанците имаат далеку поголема доверба од своите сограѓани Македонците во политиките на ЕУ и на НАТО кон Македонија. Па така, 39% од анкетираните етнички Македонци искажале доверба во НАТО, а 41% за ЕУ, додека тој процент кај етничките Албанци е значително поголем, 82% за воената алијанса и 85 % за Европската Унија. Од друга страна, речиси идентична доверба се искажува кон европската локомотива Германија, додека силно партнерство и двете најголеми заедници во Македонија препознаваат и во САД , но и во Русија.

**Имате ли доверба во политиките на Русија, Германија, САД, ЕУ и НАТО кон Македонија?**




Дополнително, со опсежната телефонска анкета го мереле и мислењето на граѓаните за некои од светските лидери. Германската канцеларка Ангела Меркел, инаку најпопуларната политичарка во Европа, во конкуренција со претседателот на САД и првите луѓе на Русија, Франција и на Велика Британија, Барак Обама, Владимир Путин, Никола Саркози и Дејвид Камерун, би добила најмногу гласови од македонските граѓани.

Повторно се појавува истиот соодносот на доверба на политиките на самата држава со мислењето за нејзиниот лидер. Така и високата доверба во политиките на САД и на Германија кон Македонија резултира со висок процент на позитивно мислење за лидерите на овие две високоразвиени земји. Истото важи и за лидерот на Русија, Владимир Путин, кој неодамна

беше повторно избран за претседател на најголемата по територија држава во светот со околу 60% од гласовите. Интересен е податокот дека тој сличен процент би добил ако и граѓаните на Македонија можеа да гласаат за него. Неговиот личен рејтинг во Македонија е 58.3%.

Најнегативно мислење нашите граѓани имаат за францускиот претседател Никола Саркози, за кој дури 67% од анкетираните имаат негативно мислење. Ваквиот негов рејтинг меѓу Македонците не е за изненадување ако се земат предвид изјавите во кои тој отворено се става на страната на Грција во спорот со името. Од друга страна, македонските граѓани далеку помалку веруваат во политиките на соседните земји кон Македонија отколку на светските велесили. Освен на политиката на Србија кон Македонија, во политиките на останатите соседни земји граѓаните на Македонија имаат многу ниска доверба, која едвај надминува 30%.

Турција, пак, која важи за партнер на нашата држава и голем инвеститор во земјата, ужива значително повисока доверба од сите останати земји во регионот. Покрај историските и бизнис врските, најверојатно подемот кој Турција го има во светски рамки може да има влијание врз таквата доверба.

Како и во претходните прашања и овде има значајни разлики во одговорите што ги Македонците и македонските Албанци. Етничките Македонци пред се имаат доверба во политиките на Турција и на Србија, но довербата кон останатите соседни држави е многу ниска. Албанците, пак, нормално, имаат доверба во политиките на Албанија и на Косово, но и доверба во политиките на Турција и на Србија, но довербата кон останатите соседни држави е многу ниска. Албанците пак нормално имаат доверба во политиките на Албанија и на Косово, но и доверба во политиките на Турција кон Македонија.

**Какво е вашето мислење за следниве светски лидери?**




**Имате ли доверба во политиките на следниве земји кон Македонија?**




Според истражувањата пак на Евробарометар, расте недовербата кон ЕУ.

Опаѓа процентот на македонски граѓани кои сметаат дека членството во Европската Унија е добро.



Последната анкета на Евробарометар, покажува дека 60 проценти гледаат позитивни моменти, ако Македонија стане членка на Унијата, што е пад за шест проценти во споредба со минатата анкета.

11 или два проценти повеќе сега сметаат дека Европската Унија е лошо решение за Македонија. 27% од испитаниците немаат дефиниран став.

И покрај падот на довербата кон Европската Унија, македонските граѓани сепак се на врвот на листата држави кои имаат позитивно мислење за Унијата. Помалку од половината, или 49 проценти од жителите на Унијата, сметаат дека членството на нивните држави е добро.

Во споредба со 11-те проценти во Македонија, во Унијата процентот на недоверба е 47. Најевроскептици се Британците со 68 и Грците со 56 проценти.

Македонските граѓани и покрај се веруваат дека членството во Унијата ќе и донесе корист на земјата. Тој став го делат 73 проценит од испитаниците.

Економската состојба и македонските и европските граѓани ја гледаат низ иста призма. 76 проценти во Македонија и 77 во Унијата ја оцениле како лоша.

Половината македонските граѓани имаат добро мислење за финансиската состојба на своите семејства.

Она што најмногу ги загрижува сите жители на европскиот континент, без исклучок е невработеноста и економската ситуација.

Невработеноста како најголем проблем, ја оцениле 63% од Македонците. Тој процент во Унијата изнесува 46.

Сепак една четвртина и од македонските граѓани и од жителите на Унијата се надеваат на подобрување следната година, иако високи 75 проценти сметаат дека се неопходни дополнителни реформски мерки за надминување на кризата.

Интересен е податокот дека над половината, или 56 процени од македонските испитаници одговориле дека се подготвени одреден период да живеат полошо, доколку тоа донесе повисок стандард за следните генерации.

За истражувањето на Еуростат, направено во мај 2011 година, во Македонија биле анкетирани 1048 граѓани.

Не смееме да заборавиме дека пристапувањето кон ЕУ е во наш интерес. Тоа е и причината зошто аплициравме за членство. ЕУ и нејзините институции, лидерите и вработените, делегацијата на ЕЗ и амбасадите на земјите-членки на ЕУ во Скопје се нашите главни сојузници, пријатели и помагачи. Тие имаат искуство, знаење и средства и сакаат да успееме!

## Заклучок

**Националниот приоритет за стекнување полноправно членство во Европската унија** претставува еден од главните двигатели за одредување на насоките и за спроведувањето на реформите во Република Македонија. Покрај тоа што Република Македонија направи многу во поглед на остварувањето на својата стратегиска цел, остануваат голем број предизвици и за во иднина. Во оваа смисла, значајно за земјата е зајакнувањето на капацитетите и воочувањето на потенцијалните социоекономски импликации што ги носи со себе интеграцискиот процес.

Една од главните цели на Р. Македонија е реално приближување на нивото на доход на глава на жител кон нивото на земјите во ЕУ. Ваквото приближување ќе мора да биде следено од дополнителни структурни приспособувања во принципите и во механизмите на одвивање на економската активност во земјата. Во исто време приближувањето на

цените, на стапките на инфлација и на каматните стапки претставува процес што е евидентен непосредно пред и кратко време по пристапувањето во ЕУ.

Натаму, иако структурата на македонскиот финансиски систем е блиска до постојната во земјите во ЕУ, процесот на пристапување ќе донесе одредени нови квалитети, но и низа предизвици. Како што покажува анализата во делот за финансиските услуги и капитални текови, „исходот од овие предизвици ќе придонесе за тоа системот да биде постабилен и покредибилен“, но ситуацијата по влегувањето во ЕУ ќе бара многу повеќе регулатива и супервизија.

Искуствата покажуваат дека процесот на приближување кон ЕУ носи зголемување на стапката на странски директни инвестиции, иако не постои консензус во врска со непосредниот фактор за привлекување на инвестициите: самиот процес на зачленување во ЕУ или, пак, реформите што се спроведуваат при приближувањето кон Унијата. Затоа експертите ќе речат „перспективите за влез во ЕУ и институционалните реформи спроведени во земјите-пристапнички кон ЕУ придонеле за привлекувањето на странски директни инвестиции“.

Усогласувањето и приспособувањето пред и по влезот во ЕУ неминовно носат промени во политиките што придонесуваат за раст на индиустриското произвотство. Во оваа насока, анализата сугерира дека „во создавањето капитал клучот лежи во тоа да се води така што приватниот сектор ќе може да идентификува стабилен тек на можности за профитабилни инвестиции во различни сектори од економијата“, но да се има предвид дека не е доволно само да се зголемува обемот на инвестиции, туку мора да се подобри и нивниот квалитет.

Големата стапка на невработеност е еден од најголемите проблеми на Република Македонија. Препораките содржани во делот за пазарот на труд укажуваат на тоа дека структурните промени во економијата неминовно ќе се одразат и врз пазарот на труд пред кој ќе се јави голем предизвик за натамошно зголемување на флексибилноста и за приспособување на новите

услови по влезот во ЕУ. Имајќи ја предвид силната позитивна поврзаност меѓу степенот на образование, вработеноста и социјалната кохезија, образованието се смета за значаен фактор за подобрување на состојбите во овие области.

Натаму, слободното движење на работната сила претставува едно од основните начела на ЕУ, кое и Република Македонија треба во целост да го почитува. Сепак, пред Република Македонија стои предизвикот да се изнајде начин како да се спречи потенцијалната загуба на високообразовните лица преку нивно иселување во странство да се вратат во земјата, со знаењето, искуството и социјалната мрежа што ги стекнале таму.

Значи, приближувањето е природен придружник на процесот на пристапување на Република Македонија кон ЕУ. Идентификацијата на можните предизвици на тој пат и сознанието за можностите за избор се несомнено корисни за поуспешно одвивање на овие процеси.

Пристапувањето на Република Македонија кон членство во Европската унија ќе претставува кулминација на повеќе од дведецениската економска, социјална и политичка трансформација. Членството во Европската унија ќе донесе многу погодности за Македонија и за нејзините граѓани, вклучително и просперитет, поинтензивни врски со нивните европски соседи и придонес во обликувањето на политичкиот, социјалниот и економскиот развој на Европа. Процесот на пристапување е долг и тежок делумно поради потребата новата земја-членка да донесе многу закони и регулативи на Европската унија што се содржани во acquis communataire. Тоа е можеби потешко затоа што земјата-пристапничка мора да се подготви за огромни промени на својата економија, на нејзините надворешни односи и тоа начинот на кој функционира нејзиното општество, а кои се бараат и произлегуваат од пристапувањето. Овие промени се потребни доколку новата членка сака целосно да ги искористи погодностите и доколку сака да ги исполни и одговорностите што ги носи со себе членството во Европската унија.

Процесот на пристапување во ЕУ ќе ја забрза натамошната транзиција на Македонија. Јасно одредени заложби, придружени со прецизна временска рамка за текот на преговорите за пристапување во ЕУ ќе ги мобилизира креаторите на политиките и целокупната јавност за ефективно спроведување на реформите, кои треба да се направат независно од пристапувањето на земјата во ЕУ.

Македонија ќе има помалку тешкотии во исполнувањето на првиот Копенхашки економски критериум - трансформација на земјата во функционална пазарна економија, но ќе има значително повеќе проблеми во исполнувањето на вториот економски критериум - подготовка на економијата за ефективен натпревар во проширениот единствен пазар на ЕУ.

Иако процесот на пристапување во ЕУ честопати е нарекуван преговори, тој, всушност, е процес на приспособување. Иницијативата за приклучување во ЕУ доаѓа од земјата-кандидатка кон акито.

Напредувањето на Македонија од една фаза на пристапување во ЕУ кон друга критички е зависно од исполнувањето на Копенхашките политички критериуми во периодот пред преговорите. Политичката стабилност и поради тоа исполнувањето на политичките критериуми претставува предуслов за започнување на преговорите за пристапување кон ЕУ. Доколку нема политичка стабилност, тогаш не е реалистично земјата-пристапничка сериозно да ги адресира економските критериуми на ЕУ и прашањата од акито.

Пред неколку години, сценариото Македонија да го преговара своето пристапување во ЕУ, поединечно или во група со Хрватска, беше реалистично сценарио. Ова повеќе не е така. Некои други земји од Западен Балкан значително ја намалија предноста што ја имаше Македонија во однос на нивната траекторија на пристапување во ЕУ. Црна Гора веќе ја поднесе својата апликација за прием во ЕУ, а се очекува и Србија да го направи тоа. Поради тоа, Македонија мора да биде подготвена да се движи кон ЕУ со преговори од конвојски тип со овие земји, согласно со распоредот што таа целосно не го диктира.

Членството во ЕУ бара приближување на македонската економија со онаа на ЕУ во:

- Реална смисла, што значи приближување во приходот на глава на жител и економска структура.
- Номинална смисла, што значи приближување на цени, инфлација и каматни стапки.

Македонија не се приближува во реална смисла и поради тоа треба да го забрза растот преку повисоки нивоа на инвестиции, раст на вработеноста и зголемување на вкупната факторска продуктивност. Притоа, важни се и домашните инвестиции и странските директни инвестиции. Особено првите доколку тековите на странските директни инвестиции не се зголемат поради светската криза;

Побрзиот раст на БДП ќе предизвика структурна промена, поместувајќи ја работната сила од земјоделството и индустријата во услугите. Македонија мора да се подготви за социјалните и за економските ефекти од овие промени.

Пристапувањето кон ЕУ може да ги зголеми приливите на странските директни инвестиции, а тие заедно со побрзиот раст ќе предизвикаат повисоки нивоа на инфлација. Тековниот режим на девизен курс ќе биде под притисок и треба да биде проценет.

Треба да се зголеми ефикасноста и да се зајакнат капацитетите на министерствата за преземање стратегиски активности поврзани за пристапувањето во ЕУ. Употребата на информатичка технологија треба да обезбеди ефикасно управување на сопствените средства од ЕУ.

Македонија мора да цели не само кон пристапување, туку и кон брз влез во еврозоната, а ова значи посветено работење кон исполнување на критериумите од Мастрихт дури и пред пристапувањето. Тековниот режим на девизниот курс може да биде соодветен за безбедно прифаќање на еврото.

Условите по завршувањето на тековната криза може да ја присилат Македонија да се потпира повеќе на домашни, а помалку на странски извори на капитал за инвестиции.

Крајната цел на процесот на транзиција во Република Македонија е таа да се развие во модерно, демократско општество засновано врз пазарна економија, кое води соодветна грижа за важните социјални и еколошки прашања. Имајќи предвид дека ЕУ, всушност, се смета за конечна потврда на тоа дека процесот на транзиција е или заокружен или се наоѓа во многу напредна фаза. Транзицијата и пристапот кон ЕУ се два процеса што заемно се поддржуваат.

Процесот на проширување на ЕУ кон исток се разликува во многу аспекти од претходните проширувања поради големиот број земји што ѝ се приклучија на ЕУ и поради тоа што обемот на acquis communautaire, т.е. законодавството на ЕУ, кое треба да се пренесе и да се спроведе, беше многу поголемо отколку во претходните проширувања. Згора на тоа, системските разлики меѓу старите и новите членки беа многу пошироки затоа што во претходните проширувања земјите што се приклучуваа во ЕУ имаа добро воспоставена пазарна економија.

Европскиот совет одлучи пристапувањето на овие земји кон ЕУ да се случи откако тие ќе бидат способни да ги преземат обврските што произлегуваат од членството по исполнување на експлицитно наведени услови. Овие услови, познати како критериуми од Копенхаген, се следниве: стабилност на институциите што гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето и заштитата на малцинствата (политички критериуми), постоење функционална пазарна економија, како и капацитет за справување со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамки на ЕУ (економски критериуми) и способност да се преземе обврската од членството, вклучително и придржување кон целите на политичката, економската и монетарната унија (аки критериуми). Нема експлицитна методологија за процена на тоа дали одредена земја ги задоволува критериумите од Копенхаген.

Економскиот критериум се состои од два дела. Првиот е постоење функционална пазарна економија. Во најновиот процес на проширување на ЕУ, земјите-кандидати беа успешни во исполнувањето на овој критериум за релативно кратко време. Искуствата укажуваат на тоа дека Комисијата го проценува исполнувањето на овие поткритериуми преку анализата на следниве компоненти: постоење широк политички консензус за суштинските елементи на економската политика, макроекономска стабилност; цени и либерализација на трговијата, доволно развиен финансиски сектор, приватизација и преструктуирање на претпријатијата, отстранување на пречките за влез и излез од пазарот, правен систем и ефективност на судскиот систем.

Вториот економски критериум – способност за справување со конкурентскиот притисок и со пазарните сили во рамките на ЕУ – се однесува на тоа колку добро функционира економијата, на ефикасната распределба на средствата и на релативната конкурентска моќ во однос на производите и услугите на другите земји-членки на ЕУ. Постигнувањето капацитет за издржување на конкурентските притисоци е среднорочна задача и претпоставува веќе воспоставена пазарна економија.

Внатрешниот пазар во кој е обезбедено слободно движење на стоки, услуги, капитал и луѓе претпоставува економски столб на процесите на интеграција во ЕУ. Според тоа, клучен економски предизвик за земја-кандидат во претпристапниот период е таа да биде подготвена да се справи со „четирите слободи" на единствениот европски пазар.

Слободата на давање услуги меѓу граѓаните на Македонија и на ЕУ е посложена. Тоа бара промени во домашното законодавство што го регулира секторот на услуги и давањето услуги од територијата на друга земја-членка, без странките да бидат физички присутни во текот на извршувањето на услугата. Либерализацијата на финансиските услуги бара многу и таа стана уште поважна во контекст на тековната финансиска криза. Спогодбата за стабилизација и асоцијација го воспоставува и принципот на слободно движење на капиталот меѓу Македонија и ЕУ.

Последната од „четирите слободи" се однесува на слободното движење на луѓе од една земја-членка на ЕУ во друга. Приспособувањето кон принципот на слободно движење на луѓе обично бара од земјата-кандидат значајни приспособувања во законодавството во низа области, вклучително и еднаков третман на странски работници, социјални системи за работниците мигранти и заемно признавање дипломи.

**Членството на Република Македонија во НАТО** останува стратегиски приоритет на надворешна политика на нашата земја. Интеграцијата во Евро-атлантските структури е наша аспирација, но и логична последица на постигнатиот напредок, во кој земјата инвестираше повеќе од една деценија.

Република Македонија својата определба за интеграција во Евро-атлантските структури ја дефинираше уште во 1993 година, кога Собранието на Република Македонија едногласно ја усвои Резолуцијата за пристапување на Република Македонија во НАТО и истата повторно ја потврди во 2007 година.

Како долгогодишен партнер, Република Македонија се докажа како достоен сојузник на Алијансата, подготвена да ги промовира заедничките демократски вредности и одговорности. Република Македонија останува на определбата за учество во активностите на меѓународната заедница со цел справување со заканите и предизвиците по меѓународниот и регионалниот мир и безбедност.

Во финалната Декларација од Самитот на НАТО во Букурешт (2-4 април 2008 г), јасно беше призната посветеноста на Република Македонија кон вредностите и оперативните активности на НАТО и напредокот на земјата во севкупните реформски процеси. Сепак поканата за Република Македонија за полноправно членство во НАТО изостана, со образложение дека ќе биде испратена веднаш штом ќе се изнајде заедничко прифатливо решение за спорот околу името.

Република Македонија во целост ги реализираше плановите и активностите предвидени во 9-от циклус на Акциониот план за членство. Во

тек е реализација на 10-от циклус на Акциониот план за членство и имплементација на задачите презентирани во Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО за 2008 – 2009 година, за што силна поддршка е континуирана поддршка од граѓаните во Република Македонија за целосно Евро-атлантско интегрирање, која на последното истражување на јавното мислење е 85,2% (Институт за демократија - септември 2008).

За Република Македонија и по Самитот на НАТО во Букурешт, процесот на интегрирање во НАТО и ЕУ нема алтернатива. Интеграцијата во семејството на слободни демократии не е прашање на избор за Република Македонија, ниту пак наметната обврска, тоа е прашање на природна фузија на целите и вредностите на кои земјата е целосно посветена.

Овој труд, приближувањето кон евроатланските интеграции како фактор за долгорочна стабилност го поставува прашањето што треба да направи Македонија за да се подготви за членство и кои се промените што се потребни во општеството, во економијата и во функционирањето на Владата. На Македонија ѝ претстојат многу тешки и сложени задачи што треба да се исполнат, а кои ќе бараат напор не само од Владата, туку од бизнис-заедницата, синдикатите, социјалните организации, училиштата, како и од самите македонски граѓани. Напорите што се потребни за да се исполнат критериумите за пристапување и за подготовка за ефектите од членството мора да започнат долго пред пристапувањето и мора да бидат изведени со чувство на итност.

Граѓаните на Република Македонија силно го поддржуваат членството на Европската унија и имаат големи надежи за придобивките што ги носи тоа членство. Во овој труд во голема мера го користев искуството на другите земји, кои од неодамна ѝ се приклучија на Европската унија, за да се прикаже дека овие погодности се навистина во досегот на Република Македонија, но, исто така, предупредува дека од македонската способност и од политичката волја да спроведе обединет и одлучен напор за да се

подготви земјата за членство во Европската унија ќе зависи дали овие погодности ќе бидат реализирани или не.

Политичката волја заснована врз широк консензус дека постои потреба да се адаптираат социјалните и економските структури на земјата кон можностите понудени со членството во Европската унија, имаат клучно значење за процесот на приближување. За да се предвидат и однапред да се спречат најразличните негативни ефекти од пристапувањето во ЕУ, а од друга страна, најдобро да се искористат позитивните ефекти и можности, креаторите на политиките можат да извлечат корисни поуки од искуствата на другите земји-членки и од советите од експертите, кои можат да ги анализираат тие искуства и да ги извлечат импликациите за Македонија.

Општествената оправданост на истражувањето може да се согледа преку фактот дека развојот на демократијата и интеграцијата во ЕУ и во НАТО ни ги осигурува мирот и долгорочната стабилност на нашата земја.

Членството во евроатлантските интеграции е стратегиски интерес на Р. Македонија од нејзиното осамостојување.

За да се реши одреден проблем, треба најпрвин да се откријат причините зошто се јавува тој. Во наша корист е да ги откриеме причините што го попречуваат нашето полноправно членство во евроатлантските интеграции преку низа вакви истражувања за да би можеле да ги решиме и да ги исполниме нашите обврски што ги имаме кон НАТО и кон ЕУ со што би си обезбедиле долгорочна стабилност и безбедност.

Остварување на трајна безбедност и стабилност на Р. Македонија преку полноправно членство во евроатлантските интеграции значи и дефинитивна промена на животот на граѓаните на Р. Македонија. Тоа ќе значи и зајакнување на економските перформанси на државата, како и подобрување на квалитетот на животот и на животниот стандард на граѓаните на Р. Македонија.

Забрзаниот економски развој преку подигањето на животниот стандард на граѓаните, намалувањето на сиромаштијата и зголемувањето на вработеноста ќе претставува еден од клучните и можеби најсилни стабилизирачки и кохезивни фактори за иднината на Р. Македонија.

## Содржина на трудот

1.Вовед....................................................1

2.Што се ЕУ и НАТО..........................................4

3. Краток преглед на историјата на Р. Македонија од осамостојувањето до денес................................................7

4.Одбранбената политика на Р. Македонија..........11

5.Актуелен развој и перспективи на РМ...........................14

6.Македонија по воениот конфликт и внатрешната стабилност на државата........................................................................18

7.Состојбите во регионот.......................................21

8.Р. Македонија и регионалните иницијативи на ЕУ..............28

9.Македонија и НАТО..............................................29

10. Приближувањето на Македонија кон НАТО и реформите во безбедносниот сектор..............................................................34

11. Безбедноста на Р. Македонија..............................40

12. ЕУ и Западен Балкан........................................43

13. Приближување кон ЕУ.........................................45

14. Потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Р. Македонија и ЕУ..........................................................56

15. Кон Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската заедница и Р. Македонија......................................64

16. Отворање на Алијансата за нови членки.............68

17. Проширување....................................................75

18. Проширувањето на ЕУ и Балканот........................78

19. Приближување кон ЕУ и НАТО............................91

20. Подигнување на јавната свест................................94

21. Заклучок...............................................................114

22. Содржина...............................................................125

23. Користена литература............................................126

## Користена литература


2. Bombery E. and Stubb A.: *The European Union, How does it work?,* Oxford University Press, 2004

3. Bugajski J.: *Facing The Future: The Balkans To The Year 2010,* Discussion Paper C 86 2001, Center for European Studies, Rheinische Fridrich-Wilhelms-Universitat Bonn, Bonn, 2001

4. Cini M.: *European Union Politics,* Oxford University Press, Oxford, 2003

5. Commision of the European Communities: *Former Yugoslav Republic of Macedonia: Stabilisation and Association Report 2004,* Commission staff working paper, Brussels, 2004

6. Commision of the European Communities: *Report from the Commision: The Stabilisation and Association process for South East Europe,* Third Annual Report, Brussels, 2004

7. Cremona M.: *The Enlargement of the European Union,* Oxford University Press, New York, 2003

8. Eurostat: *Yearbook 2004,* European Communities, Luxemburg, 2004

9. Gavin B.: *The European Union and Globalization,* Edward Elgar, Cheltenham, 2001

10. Hansen J.D.: *European Integration,* Oxford University Press, 2001

11. Mintchev E.: *South Eastern Europe at the beginning of the 21st century, new dangers, new strategies, new perspectives,* Discussion Paper C 82 2001, Center for European Studies, Rheinische Fridrich-Wilhelms-Universitat Bonn, Bonn, 2001

12. Moore M.: *A World without Walls: Freedom, Development, Free Trade and Global Governance,* Cambridge University Press, Cambridge, 2003

13. Moussis N.: *Access to European Union: law, economics, policies,* European Study Service, 2004

14. Petrakos G.: Peripheral European Transitions: Performance, Structure and Trade Relations in the Balkan Region, in *South-Eastern Europe Journal of Economics,* 2003

15. Rugman A.M.: *Regional Multinationals,* Cambridge University Press, 2005

16. Schiff M. & Winters A.L.: *Regional cooperation and the role of international organizations and regional integration,* The World Bank, Washington, 2000

17. Emilijan Kavalski, *Te Western Balkan and the EU: the probable dream of membership,* South East Europe Review, Issue 1&2,2003

18. A World Player: *The European Union's External Relations,* European Communities,2004

19. Arah M. *Evropska unija, Verzija politichkog zdruzavanja,* Ljubljna, 1995

20. Cahen A. *The Atlantic Alliance for the 21- st,* European Policy,No.26. Brussels:P.I.E.-Peter Lang,2001

21. Hochleitner E.,*The EU :Providing Common Security.*Connections Publications Athena Papers 10/00 Garmich-Partenkirchen:Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes,2000

22. Славески С. *Националната безбедност на Р. Македонија и евроатлантските интеграции,* Скопје, 2003

23. Гоцевски Т. Зачленување на Р. Македонија во евроатлантските структури – реалност или предизвик.

24. Славевски С., *Пред портите на НАТО и ЕУ,* Публикација-Одбрана бр.138, октомври 2007.

25. Нацев.З,*Стратегиско-содржински аспекти на доближувањето на Р. Македонија во НАТО и ЕУ,* Годишен зборник, 2005

26. Крстевски З. *Забрзување на процесите на интеграција на Македонија во ЕУ и НАТО,* Министерство за одбрана на Р. Македонија, 2003.

27. Јосифовиќ И. *Република Македонија на патот кон Европа-состојби и перспективи: зборник на трудови (презентиран на научниот собир одржан на 1 и 2 јуни),* 2007.

28. Списание Политичка мисла, Н. Малиќи, *Приближување на Македонија кон НАТО и реформите во безбедносниот систем како фактор за внатрешна стабилност,* Фондација Конрад Аденауер, Скопје, 2003.

29. Бакрески О. *Државните органи и одбраната,* Македонска ризница, Куманово, 2002.

30. Лајмановска Б. *Која е историјата на Европската унија,* 2009.

31. Колевска В. *Европска Македонија,* 27 јануари, 2009.

32. Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје.

33. Гоцевски Т.*Современи тенденции во одбраната,* Македонска ризница, Куманово,1997.

34. Ванковска Б. *Од Лисабон и по него,* Филозофски факултет, Скопје, 2010.

35. Ванковска Б. *Институции на Европската унија,* Филозофски факултет, Скопје, 2006.

36. Георгиева Л. *Творење на мирот,* Филозофски факултет, Скопје.

37. Георгиева Л. *Европска безбедност*, Филозофски факултет, Скопје.

38. www.ceps.be/pubs/200/btrade.php#contents

39. www.agenceurope.com

40. www.europa.eu.int/comm/eurostat/

41. www.mkaccdb.eu.int/miti/dsu?

42. www.imf.org

43. www.usip.org/pubs/specialreports/